СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 април 2012 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Васко Мицевски, Весна Пемова, Љубисав Иванов Синго, Тито Петковски, Фијат Џаноски, Мевмед Џемајлоски, Радмила Шекеринска, Ердоган Сарач, Наташа Савова Салковска, Али Ахмети, Ермира Мехмети, Ирфан Деари, Рафет Муминовиќ, Арбен Џафери, Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точката 43 - Предлог на закон за здравствена задолжница - прво читање.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор заменикот министер за здравство, повелете.

Јовица Андовски: Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Со овој Предлог закон се уредува начинот, видот, содржината и условите за издавање, како и реализација и престанување на важноста на здравствената задолжница. Здравствената задолжница би претставувала начин или инструмент за обезбедување на идни плаќања што должникот би ги имал спрема доверителот. Задолжницата ќе се употребува како инструмент на обезбедување на идни плаќања само меѓу јавните здравствени установи кои платниот промет го вршат само преку Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Издавачот на задолжницата е должен пред да ја издаде да побара согласност од Фондот и по разгледување од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија истата ја заверува и ја враќа на издавачот. Задолжницата која што ќе биде издадена од издавачот без согласност од Фондот е ништовна, односно се смета дека не е издадена. Исто така, со цел да биде унифицирана задолжницата во Предлог законот е регулирана и нејзината форма и содржина, која ја пропишува министерот за здравство. Задолжницата ја печати и доставува Фондот за здравствено осигурување на барање на јавните здравствени установи. Сепак, Фондот може да издаде задолжница максимум до вредност од 30% од реализираниот буџет од претходната година за сите доставени краткорочни и долгорочни здравствени должници во таа фискална година.

Исто така, Фондот може да одбие да издаде задолжница доколку оцени дека согласно одобрениот буџет издавањето на задолжницата би попречило нормално работење на издавачот.

Какрактеристично за задолжницата е тоа што со неа може да се наплати и доспеан долг, но не и камата. Задолжницата може да биде краткорочна задолжница ако е наплатлива во истата фискална година во која е издадена и на долгорочна задолжница ако е наплатлива во следната односно следните фискални години од годината во која што е издадена. Фондот како носител на платниот промет на јавните здравствени установи ќе води регистар за здравствените задолжници. Сопственикот на задолжницата има право да бара наплата на истата ако установата давател на задолжницата на времено не го плаќа долгот за кој што задолжницата е гаранција, односно може да бара наплата на веќе доспеан долг согласно договорот кој бил склучен меѓу давателот и сопственикот на задолжницата. Сопственикот на задолжницата барањето за наплата што го поднесува до Фондот го поднесува под морална и материјална одговорност дека издавачот не го платил долгот по договорот за кој е издадена самата задолжница, во моментот на доставување на задолжницата за наплата. Исто така, може да се бара наплата во помала вредност од вредноста на задолжницата за кој што е издадена.

Во Предлогот на законот за задолжницата исто така се предвидени и казнени одредби и тоа за издавачот кој ќе издаде задолжница без согласност на Фондот, како и издавачот кој ќе издаде задолжница над процентот предвиден во членот 9 став 1 од овој Предлог закон. Во овој Предлог закон за задолжница е предвидена и прекршочна одредба во случај сопственикот на задолжницата неосновано да побара или изврши наплата на задолжницата, како и за одговорното лице кај сопственикот.

На крајот да резимирам дека примарна и основна цел на овој Предлог закон е да обезбеди дополнителен механизам за обезбедување на побарувањата кои што ги имаат јавните здравствени установи меѓусебно, за да се избегне непотребното зголемување на долгот меѓу нив и со тоа да не се доведе во прашање функционирањето на јавните здравствени установи кои претежно даваат сервисни услуги едни меѓу други. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Петров Андеј, повелете.

Андреј Петров: Благодарам.

Почитуван заменик министер, колеги пратеници, Денес пред нас имаме едно законско решение кое покажува дека во Македонија имаме крах на

реформите во здравствениот систем и она што СДСМ долго време го зборува изгледа деновите на вистината почнуваат еден по еден да се појавуваат, па заедно со оној ребаланс на буџетот вчера кој покажува дека касата генерално на државата е празна, денеска имаме Закон за здравствена задолжница кој покажува две основни работи, јас по нив би сакал да дискутирам.

Прво, покажува дека реформите кои се правеа во делот на децентрализација на институциите и правењето на повеќе институции во здравствениот систем доведе до хаос во здравствениот систем, до неможност на меѓусебно плаќање помеѓу многуте субјекти кои се создадоа а сите тие се државни. Значи тоа не се некој приватни фирми кои не си плаќаат една на друга па во судски постапки помеѓу себе треба да ги решаваат долговите. Се работи за државни институции под капата на Министерството за здравство кои покажуваат помеѓу себе неспособност за плаќање на меѓусебните обврски. Тоа покажува две работи од своја страна. Покажува дека тие институции се водат со чест на исклучоци од некомпетентни луѓе кај кој единствениот критериум за да дојдат на таа функција била партиската обоеност. И, втора работа, покажува дека бројните курсеви за менаџери кои се држеа за да ги научат попаметно, подобро, подомаќински да работат во здравствениот систем. Управните одбори, двојните директори кои се измислија сето тоа паѓа во вода и ја поткрепува тезата на Социјалдемократскиот сојуз која долго време се обидуваме и во Собранието тука ја дискутираме и во јавноста дека навистина начинот на двојно директорување во клиниките во болниците не само што доведе до корист, туку доведе до зијан народски кажано. И денеска нема потреба било што друго да дискутираат колегите мои од опозицијата ние можеме само да го прочитаме вашето образложение оној вовед кој го имате дадено зошто се донесува вакво законско решение. Вие Министерството за здравство не ние како опозиција вие велите - јавните здравствени установи кои се финансираат преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои платниот промет го вршат преку Трезорот на Фондот се соочуваат со секојдневни проблеми за наплата на интерклиничките упати. Пазете ова е иронија, како да ви кажам. Државните институции меѓу себе кои вие ги расцепкавте беа едно, не мораа ни да плаќаат меѓу себе, услугите беа заеднички на институцијата сега не можаат да си плаќаат помеѓу себе за услугите кои си ги вршат едни на други. Понатаму ова е особено изразено во комплексот на Клиничкиот центар во Скопје, пак дигресија господине заменик министер. Знаете колку пари Социјалдемократскиот сојуз бараше ова штетно решение на Владата на Република Македонија да биде поништено, да се вратат ингеренциите на Собранието на Република Македонија како основач на оваа институција и повторно да се воспостави системот кој не беше совршен меѓутоа беше систем. Сега таму нема систем, има анархија. Тоа е она што вие го кажувате индиректно во вашиот вовед. Овој проблем дополнително се зголемува со побарувањата кои ги има јавната установа за заеднички работи за потребите на здравствените установи, клиники, институти во Скопје. И таа јавна установа некогаш беше дел од овој систем заеднички. Значи го срушивте системот таму и ајде сега ќе правиме вака со здравствен термин палијативна мерка како да им овозможиме меѓусебно да си ги наплаќаат обврските. Во ова законско решение јас тоа го дискутирав и на Комисија да сум Зоран Ставрески со две раце ќе го поддржам. Тој бара начин како да го спаси балонот кој пукна. Балонот пука. Долговите кои се креираат се зголемуваат. Клучот, одговорност е на чуварот на Трезорот, тоа е министерот за финансии. Здравствената задолжница е еден начин како да се заштити од дуењето на овој балон и од пукањето на она што е вештачки и она што не може да продолжи да функционира и тоа е очигледно за сите граѓани во Република Македонија и затоа се предлага воведување на здравствената задолжница. Заради тоа што на тој начин наместо да се плаќа на некој друг прво ќе се подмируваат обврските на државата. Значи обврските кои што си ги имаат државните институции помеѓу себе. Државни се, значи не се приватни. Државни се, беа еден субјект, вие ги раздвоивте.

Она што исто така во овој закон е проблематично тоа е дискриминаторската одредба во која оваа здравствена задолжница важи само за јавните установи. Зошто не направите здравствена задолжница што ќе важи и за приватните установи. Што се здравствените установи попривилегирани се во однос на државните здравствени установи во однос на оние приватни добавувачи, фирми и компании кои работат согласно општеството во кое сме се декларирале дека е пазарно? Зошто ги ставате во повластена позиција, зошто тие да ги наплатат своите обврски а зошто овие другите ќе треба истите да ги бараат во судски процедури, кои некогаш траат и премногу долго и додека ги наплатат фирмите ќе пропаднат, ќе ги ликвидираат затоа што државата им должи. Нема одбрана на ова. Вие можете да измислувате милион аргументи за да го браните, но ова нема одбрана.

Заради сето ова, ако веќе ситуацијата е дојдена до таму да имаме проблем, вие во вашето образложение кажувате дека проблем има, чесно е одговорноста за настанатиот проблем да ја понесат оние кои го создале, а тоа е Владата на Република Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ, независно кој бил министер таму и од која партија бил министерот, тие биле носителите на државата во овој период. Исто така, ако веќе се внесува ваква одредба чесно е таа одредба да важи за сите, здравствената задолжница да не важи само за јавните здравствени установи, клиники и болници, да важи за сите.

Она што исто така е очигледно е дека вие сакате на тој начин кусокот на парите кој очигледно го има, без разлика на експанзивноста на буџетот поради големиот број непродуктивни трошоци за кои многу пати сме зборувале, не непланski организираниот систем, на набавки на опрема каде што не се знаеше што и зошто се набавува. Често пати сме зборувале, во Македонија да набавите ПЕТ скен е глупост заради тоа што тоа не го подобрува квалитетот на здравствена заштита на населението, заради тоа што тоа го има во регионот една Словенија и заради тоа што користа од тоа здравствениот сисетем е мала, а трошокот е огромен. Меѓутоа, кога се набавува на ангро, ајде ќе купиме сега колку да купиме, ќе потрошиме пари, да овозможиме некој да плати камати 28 милиони евра за да влеземе во гинис, тогаш се доведува до вакви сутиација каде што после година, две ќе дојдете во ситуација како што сте сега, ситуација во која ќе воведувате здравствена задолжница меѓу државните институции. После тоа кој е виновен? Повторно СДСМ е виновен заради тоа што предупредувал на време за ова што ќе се случува, укажувал на време за ова што ќе се случува. Сватете ја оваа наша сугестија најдобро намерно, сватете дека моделот по кој што одите често пати во спротивставена насока во здравствениот систем е многу тешко одржлив, заради тоа што во здравствениот систем импровизациите не се дозволени. Не можете да тргнете во еден правец, па после една година да тргнете во реформа во обратен правец. Тоа е недозволено. За тоа сме зборувале принципиелно, ќе зборуваме и во иднина во периодот што следи. Доколку ситуацијата е толку лоша, доколку навистина долговите не може да се плаќаат, доколку здравствените институции меѓу себе си должат, па не може да се плати на лабораторијата за реагенси, не може да се плати за некои други услуги, индиректно разбирам дека не може да се плати за храна, поради тоа што Заедничките служби се проблематични. Доколку е сето тоа во прашање, тогаш вреди навистина како одговорни луѓе да размислиме и ние да ја подржиме оваа здравствена задолжница за колку-толку да се насочат барем оние средства кои ги имаат системот да се одржи. Меѓутоа, мислиме и имаме намера во нашата амандманска расправа да поднесеме амандмани со кои сакаме овој здравствен систем да го подобриме, заради тоа што сметаме дека дискриминаторската определба да важи само за одредени правни субјекти државни, а да не важи за приватни е нешто што е недозволено во повеќепартискиот систем и во општество кое е капиталистичко, не е социјалистичко. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има реплика, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Почитуван колега Петров, не би се согласил дека ова е експеримент, експериментите не се нешто што треба да се случува во системот на здравствена заштита итн. Се согласувам дека многу непознати се поставија со воведување на здравствената задолжница, покрај онаа задолжница за која вчера дискутиравме речиси скоро цел ден и ние можеби денес ќе се повторуваме и ќе прашуваме зошто и Министерството за здравство не е вклучено и Фондот за здравствено осигурување не е вклучен во оваа задолжница итн. Самите знаете дека најголемите долгови што се случуваат се внатре во системот на здравствената заштита. Долговите кон надворешниот фактор, условно да го кажеме, се исплаќаат благовремено и прво и затоа парите не остануваат да се подмират трошоците меѓу интерклинички итн.

Јас бев потпретседател на Управен одбор на Нафрологија два мандати и се соочував токму со вакви проблеми, при што една солидна здравствена установа, самостојна итн се наоѓаше на таквите процени, не можеше да си ги наплати своите побарувања од останатите. Ние тежнееме кон создавање на економски единици, тежнеевме кон тоа и бевме свесни дека некој повеќе работи, некој помалку, на крајот на краиштата сите добиваме еднаква плата и сето тоа одеше со некој скриен револт. Ова е можност за сите оние чесно се вклучени во системот на здравствената заштита и кои мислат дека заработуваат многу повеќе да покажат на дело кој навистина колку троши. Еве, сега хирургија има потреба од трансфузија, крвта е земена од трансфузиологија, која ја нуди на сите оперативни гранки, условно кажано, всушност да не се наплаќа или да не се знае колку средства има, а истите да ги праќа Фондот за здравствено осигурување. И овој пат Фондот ќе ги плаќа другите, само овде ќе имаат мониторинг и тоа многу сериозен, каде што треба да дојдат до израз конечно менаџерите на здравствените установи. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелете.

Андреј Петров: Благодарам на колегата за репликата. Вие кажувате нешто што не држи и ќе ви кажам зошто не држи. Треба хирургија да плати на трансфузиологија ако земе крв, ама зошто го растуривте системот кој беше единствен. Тој беше единствен систем, Клиничкиот центар имаше и трансфузиологија и хирургија и педијатрија и интерна медицина и кардиологија, имаше се. Зошто го растуривте системот за сега да ја воведуваме здравствената задолжница меѓу институциите, заради тоа што е очигледно дека трошоците не само што не се намалија со децентрализација, туку се зголемија. Никој не е против тоа да се обезбеди, напротив, здравјето нема цена и треба да се обезбеди и крв и други работи, треба и медицинска опрема, меѓутоа, треба да постои систем, треба нешто што е обмислено, не може нешто што е чекор напред, два чекора назад, да го прогласуваме за реформа.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Шокаровски Харалампие има реплика, повелете.

Харалампие Шокаровски: Благодарам.

Колега Петров, повеќе полемизиравте во однос на концепциските разлики кои ги имаме како две конкретно спротивставени политички опции. Едната е во областа на двојното менаџирање и другата во областа на раздружувањето на Клиничкиот центар. На едно вакво контра прашање одговорете ми, зошто до 2006 година исто така Клиничкиот центар имаше долгови, како ги генерираше тие долгови. Тогаш исто така се создаваа долгови, вие добро знаете, клиниките функционираа со подсметки и си должеа една на друга, никогаш не ги регулираа тие трошоци и немаше основ по кој клиника на клиника се ги исплаќаат тие трошоци.

Вака, значи кога се создадоа посебни правни субјекти од клиниките барем точно можат да се лоцират клиниките што го создаваат најголемите трошоци и оние што редовно ги сервисираат.

Во однос на сругиот дел од вашата дискусија каде говорите за привилегираната положба на јавните здравствени установи, приватните субјекти што имаат пазарен однос односно ги зеле јавните набавки во јавните здравствени установи. Тие имаат договори со нив и по основ на што се исплаќаат и се сервисираат. А додека до сега јавните здравствени установи беа во нееднаков однос во однос на плаќањето кон приватните добавувачи. Приватните добавувачи, веднаш по истекувањето на рокот ги блокираат сметките на јавните здравствени установи ако не бидат редовно сервисирани нивните јавни долгови. Јавните здравствени установи не можеа тоа да го направат. Ова е еден доста ефикасен механизам каде што и јавните здравствени установи се доведуваат во еднаков однос со приватните. Не е логично да се тврди дека баш јавние се во приовилегирана позиција. Напротив до сега не беа во еднаква позиција со приватните добавувачи. Приватните го имаа бенефитот да бидат привилегирани и прво кон нив да бидат сервисирани побарувањата. Ова е механизам што ги изедначува и јавните здравствени установи. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелете.

Андреј Петров: Благодарам на колегата за репликата.

Се трудите да го браните она што е логично да го браните како припадник на владеачката коалиција, сакате да го одбраните. Ние сме опозиција, имаме аргументи, мислиме дека нашите аргументи држат.

Кажете ни како тао беа привилегирани до сега приватните компании во однос на државните институции? Свесни сте што зборувате, веќе сте 6-та година на власт. акоа вие сте овозможиле систем во кој овозможувате привилегии на некого во однос на некој друг, тоа што најмалку треба е да министерот тодоров, бидејќи гледам дека потегна за една друга работа Комисијата за конкуренција да е вклучи, да се вклучи и испите и за ова.

Ние имаме опо Уставот рамноправност на сите граѓании субјекти и не може некој да има привилегирана позиција во однос на некој друг.

Ова што сега се случува и сакате да го направите е на некој начин привилегирање прво на државните институции. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Зеќири Изет има реплика, повелете.

Изет Зеќири: Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван пратеник,потполно ве подржувам во вашата дискусија ,дека овие реформи имаат за резултат незадоволство на 1 милион и 912 илјади осигурениции и имаме тотална неликвидност во здравството. Не требаше министерот за здравство да предложи Закон за задолжница во здравството. Требаше еден закон да се прифати и државата и јавните здравствени установи да се вклопат во Законот што вчера го донесовме. Ние ја прифативме и државата и јавните здравствени установи да имаат обврска да потпишуваат задолжница немаше потреба од закон.

Ама вие знаете што прват со овие промени. Овие сакаат да ги штитат, имам забелешка кога треба да дојдат законите каде има финансиски импликации треба да има бројки. Да имаат информации пратениците за кои бројки се работи. кој е тој износ на долг што го имаат институциите.

Еве јас се трудев и дојдов до информација дека долговите кон јавните здравствени установи заклучно всо 31 декември 2011 се 5 милиони, додека долговите кон јавните здравствени установи од областа на здравството за потребите на клиниките, институти, Ургентен центар 4,440 милиони.

Значи што сакате вие да го решавате со оваа задолжница е 9,5 милиони евра што должатпомеѓу себе. ама зошто не прифаќа 23,4 милиони евра што јавните здравствени установи го имаат кон другите добавувачи? Значи со ова се решава проблемот на јавните здравствени установи и клиники за 9 милиони а обврските што ги имаат јавните здравствени установи кон другите добавувачи обврските заклучно со 31 декември се 23 милиони и 400 илјади евра. ова се податоци од Фондот за здравство. со овој предлог министерството с труди да ја инпонира задолжницата помеѓу здравствените институции а не и здравствените институции што по различни основи имаат обврски кон бизнисот и компаниите да се вклучат и тие. благодарам. **Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелете.

Андреј Петров: Благодарам на репликата на почитуваниот колегата.

Јас сакам само во една работа да му обрнам внимание на него да укажам тоа и пред колегите тука во Парламент и пред јавноста. Господине Изет тоа нема да го реши проблемот. Вие сте сосема во право. Сосема сте во право и сте пресметале дека долгот на јавните здравствени установи е некаде 9-10 милиони евра помеѓу себе и дека долгот меѓу приватните компании е некаде 23-24 милиони евра спрема оние податоци кои ги имаме, не зборуваме за оние кои се под маса и кои ги немаме. Меѓутоа тоа нема да го реши овој проблем бидејќи овој закон нема ретроактивно дејство, нема да го реши проблемот. Ова само покажува дека тоа толку ја исплашило Владата и Министерството за финансии и господинот Ставрески што тие гледаат да направат превенција да не им се случи во следната година уште толку. Што би правеле тогаш. Тогаш нема да имаат правеле тогаш. Тогаш немале да имаат 35 милиони, ќе имаат 70 милиони евра обврски. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

Владимир Ѓорчев: Благодарам почитуван претседателе.

Господине Петров, мојата реплика е во однос на неколку работи кои мислам дека беа недоволно спомнати во вашата дискусија. Се однесува на кратењата и последицата од светската економска криза која што нормално го допираат и здравствениот систем. Ние не можеме да бидем умуни на тоа дека во светот се случува криза, дека кризата е најактуелна во Европа, а во Европа е најсилна во Грција. Погледнете ги само сите кратења кои што на пример една Грција мора да ги направи, а која што е членка на Европска унија и НАТО. На пример, гледајќи и спроведувајќи ги неколку податоци можеме да дојдеме до следново. Во една Италија која генерално одлично развиена земја која што е членка на седумте најразвиени економии во светот, во една Италија за време на кризата бројот на кревети е редуциран за 45 илјади. Значи 45 илјади помалку болнички кревети има во Италија. Вкупниот процент е намален за 15% на достапни кревети. Кризата најмногу се чувствува во три големи градови, тоа се Рим, Торини и Неапол, каде што во Рим каде што има 4 милиони жители, значи двојно повеќе во Република Македонија здравствениот систем, цитирам е опишан на работ на колапс. До колку го видиме бројот на доктори споредено како сооднос на 1000 илјади пред да почне кризата имало 5,1 доктори на 1000 жители, во моментов има 4,2 доктори на 1000 жители. Или една Романија која во овој контекст е послична на Република Македонија, затоа што станува збор за земја која што е од Централна и Источна Европа која што има сличен бруто домашниот производ како Македонија, тие беа приморани да ги редуцираат извдвојувањето на бруто домашниот производ самп на 3,6% од нивниот бруто домашниот производ за здравствениот систем и истовремено од 2007 година до 2010 година само во 3 години околу 5 илјади доктори ја напуштиле Романија и заминале за Западна Европа. Станува земја која што е членка на Европска унија и НАТО. Значи тоа е некаде од 10% од нивните доктори ја напуштиле Романија. Во моментов немаат доволно доктори особено во руралните области. Така што плус на тоа кога ќе го додаме намалувањето на платите во нивниот јавен сектор, намалувањето за 25%. Значи внимавајте во Романија луѓето во здравствениот систем но и вкупно во државниот сектор имаат намалување на нивните плати од 25%, а пензионерите имаат намалување од 15%. Ништо од тоа за среќа не се случи во Република Македонија. Така што кога зборуваме за здравствениот систем мораме да ги имаме истите овие светски и европски движења.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелете.

Андреј Петров: Благодарам на колегата за репликата. Сакам неколку работи да му реплицирам.

Прво, светската економска криза се вика светска затоа што е во цел свет, не е само во Македонија.

Втора работа, владееше едно време една девиза задолжен си како Грчка и во таа задолжена Грчка денеска десет пати подобро се живее отколку во Македонија.

Уште една работа, денес ја гледаме информација во медиумите дека Македонците се меѓу најнесреќните во свет на 156 место според последната анкета.

За болничките кревети, некогаш имаше по 60-70 пациенти на клиника, денеска има 4 до 5, така да не може тоа да биде аргументацијата. Бројот на лекари во Македонија е на дното споредено со многу европски земји, ние го немаме тој број на превработеност на лекари. Има превработеност на друг тип на персонал кој не е потребен во здравствените институции. Така што мислам дека компарациите дека заради тоа се прави ова кратење не се соодветни на колегата.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Миле Пачемски, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе, почитувани заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Финансирањето и буџетирањето на здравствениот систем во сите земји има проблеми. Не ми е познато дали во некоја земја има здравствен систем каде што имаме добивки, каде што немаме загуби. Во сите држави, погледнете и во Европа и во светот имаме системи каде што барањата на граѓаните се поголеми од можностите на самите држави. Така и кај нас барањата на граѓаните се навистина се поголеми од тоа што може државата да понуди за финансирање на целиот здравствен систем и тоа не никаква тајна. И не е тајна дека во нашиот здравствен систем или поточно во јавните здравствени установи се бележат загуби. Тоа не е

тајна, тоа е факт. Оној историски момент 2008 година кога имавме навистина во еден краток временски период анулирање на сите долгови и на Фондот и на сите јавните здравствени установи тоа мислам дека во идната дали може да се повтори.

Но сепак, како држава и како Влада и како парламентарно мнозинство ние сме одговорни да креираме систем кој што овие загуби во здравствениот систем ќе сведе на колку што е можен помал минумум. Идеално би било да нема никогаш загуби во здравствениот систем.

Да ве потсетам дека од 01.01.2011 година во Фондот за здравствено осигурување почна да се применува трговски систем на работа во Фондот. Имено во Фондот има една канцеларија, има една работна единица Трезор и во тој Трезор има комплетен увид на сите сметки на сите здравствени установи шурум Република Македонија па и на самиот Фондот за здравство. Преку тој трговски систем се има комплетен увид на секој влез и излез на финансии на пари во секоја јавна здравствена установа.

На овој начин се овозможува една поголема контрола каде се трошат парите, здравствениот денар, дали во правилна насока или пак некаде имаме некое неадкватно трошење на здравствениот денар. Вистина, овој систем на трговско работење покажа и даде свои ефекти така да може самиот извештај на Фондот за здравство за 2011 година по месеци. Значи ако го имате овој увид ќе видите дека овие долгови на овие јавните здравствени установи од месец јануари до месец декември постојано се намалуваат. Се намалуваат затоа што имаме навистина една голема контрола како се троши тој здравствен денар.

Колеги пратеници, би сакал да кажам дека неколку работи околу самата здравствена задолжница, односно самиот закон кој што го подржувам и кој што едно добро решение за во иднина. Значи, овој закон ќе има одложна важност односно ќе биде применлив од први јуни 2012 година. И ќе важи за оние идни наплаќања кои што ќе се следат во здравствениот систем.

Рековме дека не е тајна дека имаме долгови во самите јавните здравствени установи и не е тајна дека има долгови во самиот систем помеѓу самите здравствени установи од една страна, особено тоа е изразено во Клиничкиот центар. Меѓутоа имаме долгови помеѓу јавните здравствени установи и јавната институција за заеднички потреби која што работи во склоп на Клиничкиот центар и овде се долговите се навистина најголеми.

Една јавна здравствена установа може да издаде здравствена задолжница и таа се вели дека е издавач на здравствена задолжница. Друга здравствена установа може оваа задолжница може да ја има во своја корист односно да биде сопственик на таа здравствена задолжница. Во целата оваа работа на некој начин медијатор ќе биде Фондот за здравство.Во Фондот за здравство се формира посебен регистар на тие здравствена задолжница, кога се издаваат, како се издаваат, од кој се издаваат и во чија корист тие се издаваат. Така да ќе имаме еден комплетен увид дали тие задолжници е реално да се побаруваат од една здравствена установа или е нереално.

За една здравствена установа да побара здравствена задолжница од Фондот за здравство мора таа да поднесе барање од Фондот за здравство. Фондот за здравство, бидејќи имаат целосен увид на работењето на таа здравствена установа, може да одобри или да не одобри издавање на здравствена задолжница. Оваа здравствена задолжница има неколку особини кои би сакал да ги истакнам.

Тоа е документ во кој се наведени името на самата здравствена установа, нејзиното седиште, потоа се наведува името и седиштето на здравствена установа која што ќе биде сопственик на таа здравствена задолжница, се даваат рокови за реализирање на тие вредносни договори. Се даваат исто така и самата вредност на таа задолжница, колку била таа сума. При тоа сакам да истакнам дека не може една здравствена установа да побара неограничена сума на средства. Таа сума е лимитирана според законот на 30% од годишниот буџет за претходната година. Ако се работи за краткорочни обврзници или пак ако се работи за долгорочно обврзници само 10% од годишниот буџет на таа јавна здравствена установа.

Повторно ќе повторам дека законот важи само за оние јавните здравствени установи кои работат преку Фондот за здравствено осигурување, кои што се финансираат преку Фондот за здравствено осигурување, значи внатре во системот.

Инаку Фондот за здравствено осигурување, реков дека, од пред година и пол доби посебен епитет ,тој стана посебен субјект во платниот промет. На некој начин тоа би било банка. Значи ги има сите улоги како што ги има една банка. Значи во овој фонд се прават тие трансакциски сметки од една кон друга здравствена установа и сега што е најново во тој Фондот за здравствено осигурување преку банкарство, се воведува баш овие денови се воведува таканаренчен Е банкинг, а тоа е да самите трансакции помеѓу јавните здравствени установи од една во друга веќе не се обавуваат преку потпишанување на налози и одење во локалните канцеларии каде што тоа треба да се реализира, туку тоа преку имеил, односно преку електронски пат се доставува до самиот Фондот за здравствено осигурување и на овој начин ќе се заштитат и во иднина многу пари. Само по тој модел дека Фондот за здравствено осигурување станува посебен субјект во платниот промет за минатата 2011 година имаме заштеда од 220 илјади евра на годишно ниво. Тоа се пари кои јавните здравствени установи би требало да ги платат при банкарски провизии при потпишување на соодветните налози. Така да сега ќе имаме уште поголема заштеда и на овој начин тие пари би

останеле во самите јавните здравствени установи кои што адекватно би ги употребиле.

Би сакал да ги истакнам дека предностите на самата здравствена задолжница, а тоа е дека ќе се избегнат судски спорови во процесот на должничко доверителски односи помеѓу една и друга здравствена установа. Значи нема да имаме судски спорови, а такви судски спорови знаеме де4каљ во денешно време има помеѓу такви јавните здравствени установи.

Понатаму, ќе се стимулира поголема финансиска дисциплина во работењето на самите јавните здравствени установи. Ќе имаме загарнатирана наплата кај оние што тоа го побаруваат, ќе имаме зголемена ликвидност на самите јавните здравствени установи и, на некој начин со овој закон ќе овозможиме еден вид на кредитирање на некои јавните здравствени установи и тоа без камата. Здравствената задолжница се наплаќа без камата.

Колеги пратеници ќе завршам со ова дека ние како одговорна власт бараме и ќе бараме и во иднина постојано модалитети и начини како овие состојби кои се натрупани во законот ги сведеме на некој оптимален и разбирлив мминимум. Тоа е нашата обврска. Не сакаме да се повтори со она што беше 2005 или 2006 година, во едно друго време кога тогашните власти не преземаа скоро никакви мерки и од тие причини долговите во здравствениот систем пораснаа на рекордни 86 милиони евра. Тоа беше 2005/2006 година. Одтогаш знаете дека долговите постојано се намалуваат.

Ние имаме уште еден податок дека докговите во здравствениот систем во декември 2011 година изнесуваат 1,4 милијарди денари или колу 23 милиони евра. Тоа е факт, од тоа не можеме да побегнеме, но затоа воведуваме разни модалитети за овие долгови во иднина да не се зголемуваат и да не ги достигнат оние историски 86 милиони евра од 2005/2006 година. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам. Госпопдинот Јани Макрадли има реплика, повелете.

Јани Макрадули: Благодарам почитуван претседателе,

Господине Пачемски интересна теза денеска имаат пратениците на ВМРО ДПМНЕ, како да вчера не постоеше денот во Република Македонија и дека имаат толку кратко памтење, па не знаат што се случува овде.

Вчера не убедувавте дека државата, како што вие ја викате, а ние ја викаме Владата, бидејќи не заслужува оваа Влада да се поистовети си државата, дека не треба да биде дел од задолжување на задолжницата и наведувавте примери.

Денеска после помалку од 24 часа, бидејќи седницата заврши во 20 часот не убедувате дека само државниот дел, клиниките треба да бидат вклучени во овој систем, а приватните не. Значи јас го зборувам мојот впечаток, како викате вие, вие сте лекари па другите ние сме пациенти и не смееме да зборуваме.

Значи денеска имате аргументација која што ви се коси или е драстично променета за 12 часа, или ноќта која ппомина.

Втора работа. Вие бранејќи ја погрешната политика во здравството, особено вие што доаѓате од таа фела мислам дека сте соучесници во прикривањето и лошото криминално работење. Сњга велите вие 2005, 2006 година се направија долгови. Се направија, ама да ве потсетам дека вие бевте пратеник кога на 1.1 2009 година им ги опростивте сите долгови што ги направи СДСМ; еве нека биде точно.претседателството на СДСМ правеше долгови во здравството. Тоа нека биде точно, ама не ли на нула се сведе на 1.1. 2009 година. како тоа порасна до 50 милиони евра познати, а сигурно и непознати долгови што ги има во здравствените установи.како се случи тоа за две години?

Затоа господине Пачемски се додека вие јавно не проговорите од парламентарното мнозинство за погрешната политика, за кумулираните долгови, бидејќи вие ги знаете, јавноста не ги знае ама вие имате привилегија да ги знаете, се дотогаш здравството ќе паѓа, ќе пука по сите шавови и ќе го живее најтешкиот живот, или сите ние како пациенти ќе треба да бидеме шринудени да се лечиме во најнеквалитетна услуга и најтешка што може тоа да даде.

Моето прашање њ дали мислите дека фондот за здравство не треба да биде вклучен, ама искрено, не партиски, лекарски во оваа здравствена задолжница. Благодарам

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Миле Пачемски има контрареплика, повелете.

Миле Пачемски: почитуван колега Макрадули ќе одговорам на вашето прашање.

Фондот за здравствено осигурување според овој закон е вклучен во самиот закон и тоа многу одговорно, многу прецизно.

Фактички тој е медијатор помеѓу онаа јавна здравствена установа која што должи и која што го наплаќа тоа побараување. Значи тој не е исклучен, тој е главниот столб на овој закон.

Во однос на тоа што рековте дека долговие на 1.1. 2009 година беа нула, тоа е факт, тоа е точно. Тогаш успеавме ние некаде за година и пол оние 86 милиони евра што ги направивте вие како долг да ги сведеме на нула. Тоа беше навистина историски ден, а тоа го направивме на многу едноставен начина. Со тоа што придонесите од здравство фирмите што не ги плаќаа години, години наназад ги принудивме да ги плаќаат навремено, реално и на тој начин се зголеми самото буџетско побарување.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Сугаревски Горан има реплика, повелете.

Горан Сугаревски: Благодарам претседателе.

Почитуван колега, мислам дека и претходно колегата кажа. Не се ни поминати ни 24 часа. Не вие, меѓутоа другите колеги не убедуваа вчеа и друг зменик министер овде. Не убедуваа дека оној закон вчера кој што се донесе дека треба да важи замо за приватните стопански субјекти. Денеска со образложението на Законот, да ова е супер решение. Каде е спојкава му приватните субјекти и државата.

Колегата Зеќири претходно добро кажа. Ако беше ситуацијата таква зошто еден закон не се донесе за задолжница и општа задолжница која што ќе влезе и во делот на здравствената.

Ве слушам велите вака: Владата во 2005 не чинеше, ние одговорна власт сме, донесовме мерки. Какви мерки. Оваа мерка е од немај каде. Самата оценка на состјбите ви вели дека ситуацијата во клинички центар не чини. Ова образложение стои така, дека се соочуваат со секојдневни проблеми. Тоа сигурно не е супер па да носите вакви мерки.

Друга теза која што ја кажавте тука. Ќе се намалеле судските спорови. На кого судските спорови ќе се намалат, меѓу кого? Меѓу државните во клиничкиот центар? Во тоа ќе се намалат. Што правиме со приватниве. Овие кои што носат храна, парно, струја, вода, тие нема да водат судски спорови ако према нив не биде платено? Мислам дека кога зборуваме држете барем еден правец. Не вчера многу покажавте грижа за стопанските субјекти, денеска велите, да треба да го спасуваме Клинипкиот центар. Вие го растуривте во 2006 година, не да ми зборувате за долгови. Кога беше информацијата за состојбите никој не одговори овде колкави се долговите. Така да ве молам немојте. И овде, вчера го кажав тоа и денес ќе го кажам по овој закон. Имаме класично нарушуање на пазарното стопанство. На пазарната економија која што е темелна, вредносна, уставниот поредок. Никако вие не сакате државните органи со приватните стопански субјекти. Тоа е катастрофа. Тоа не чини за никого. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Господинот Пачемски Миле има контра реплика, повелете.

Миле Пачемски: Почитуван колега Сугаревски, долгот помеѓу јавните здравствени установи од една страна и приватните фирми или приватните болници се сервисираат на време. И многу добро се сервисираат. Проблемот е внатре помеѓу самите јавни здравствеи установи една и друга. Тука имаме затајување на побарувњата. Значи тука е проблемот. И затоа сега го донесуваме овој закон кој што пред се ги задира оние јавни здравствени јавни установи кои што не си ги подмируваат долговите према истите субјекти од јавното здравство, а мора да ги подмират.

Проблемот ќе повторам е внатре, внатре во системот во самите јавни здравствени установи.Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Мазгалоска Вучетиќ Светлана има реполика, повелете.

Светлана Мазгалоска Вучетиќ: Благодарам претседателе,

Почитуван колега Пачемски, со воведувањето на здравствената задолжница, јас сметам дека всушност се прави една импровизација во здравствениот систем, која што најмалку е потребна во овој момент. Особено ако се земе во предвид дека здравствените установи акумулираат долгови кои што се зголемуваат од ден на ден и уште една работа. Здравствената задолжница нема да ги санира штетите кои што се веќе направени во здравството, и оние долгови кои што се енормно големи. И прашањето е зошто не се каже еднаш колкави се тие долгови во здравството. Многу пати тоа ни го побаравме и на Комисијата за здравство и усно и во писмена форма. Значи имаме долгови штом се воведува еден ваков документ која е инаку потреата од здравствената задолжница, во овој момент.

Почитуван колега друго што е спорно со здравствената задолжница, е тоа што е дискрециона. Се однсеува на внатрешните добвавувачи, а не и на надворешните добавувачи. Што со нив? Како оваа здравствена задолжница ќе биде механизам за подобро сервисирање. Вие тврдите дека со тоа значи е подобрена и побрзана услугата кон внатрешните добавувачи. На кој начин, кога имаме долгови кои што не се наплатени а и секојдневно се акумулираат. Меѓутоа зошто да оваа здравствена задолжница не важи и кон надворешните добавувачи. Како тие ќе ги наплаќаат своите долгови. Нели треба таа да биде механизам за подобро сервисирање и заштита од ненаплата или од ненавремено наплаќање. Некој на Комисијата рече дека тоа ќе може да наплатат по пат на судски спорови. Нели вие самиот рековте во вашата дискусија дека се намалени бројот на судски спорови. Ако почитуван колега Пачемски, надворешните добавувачи нема да можат да си ги наплатат своите долгови, тие ќе бидат принудени на судски спор. Тогаш како ќе се намалуваат, напротив ќе се зголемуваат. И треба исто така да кажете како воведувањето на здравствената задолжница во здравството се рефлектира во јавноста. Таа не е баш примена подеднакво добро од сите, бидејќи со здравствената задолжница не се опфаќаат сите чинители во здравството.

Сметам дека здравствениот систем кој што е навистина сензитивен нема потреба од ваков вид на експерименти или обврзници.Вие рековте уште една работа дека граѓаните секогаш имаат поголеми побарувања од здравството, отколку што здравствениот ситем може да понуди. Граѓаните очекуваат само еден добар систем како што постоеше едно време регуларно здравство и подобри услови и ништо повеќе. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Гсподинот Пачемски Миле има контра реплика, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам.

Колешке Мазгалоска Вучетиќ мораме да бидеме прецизни и јавноста да не ја дефокусираме со негрешни изолации.

Оваа здравствена задолжница не е императив за било која здравстена установа. Значи не е императив, не е обавезателна, туку таа е доброволна. Ако сака самата јавна здравствена установа да си ја напише, односно да ја побара ќе напише, никој не ја присилува. Ако има одреден момент кога таа чувствува дека има потреба за некој краткорочен временски период да добие малце поголеми странскис средства, или очекување од некоја друга установа, тогаш таа тоа ќе го напише. Инаку, рековте за тие судски спорови - да. Нема да имаме судски спорови помеѓу самите јавни здравствени установи како што до сега имавме. Јас лично знам еден судски спор помеѓу Здравствен дом Берово и Здравствен дом Делчево за некои неплатени средства. Во иднина такви долгови и такви спорови нема да има. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Казанџиска Билјана има реплика, повелете.

Билјана Казанџиска: Почитуван колега Пачемски, колку што успеав да запишам дел од вашиот говор, најнапред кај мене внесовте конфузија, бидејќи во текот на вчерашниот ден овде се збруваше дека Владата нема да биде дел од ова мерка. Сега оваа мерка се однесува на Министерството за здравство и на Клиниките меѓу себе. Па од која Влада е дел Министерството за здравство. Значи, најпрвин се поставува прашањето зошто, кога вчера едно дискутравме, денес веќе друго се случува. Факт е дека сето она што го говореше Социјалдемократскиот сојуз и што го укажуваше и на амандманската расправа и на пленарната седница и кога се носеше Законот за здравствена заштита и на Комисијата кога се зборуваше за оваа мерка дека сите ваши реформи како што беше реформата за растурање на клинички, реформата за дваица директори, за врзани потписи, дека носат само загуби и дека носат само огромни долгови и покрај тоа што во 2009 година стартувавте со нула, сега обврските се достигнати над 50 милиони евра, тогаш ништо не вредеше она што го кажуваше Социјалдемократскиот сојуз да вие сега јавно признаете дека тие долгови и тие обврски навистина постојат. Бидејќи во клиничкиот го скрушивте системот комплетно и сега таму факт е дека владее анархија, таму направивте огромни долгови и сега воведувате мерка за да го заштитите истиот. Ама оваа мерка е крајно дискриминаторска, бидејќи не важи за надворешните добавувачи. Е, па ако овие институции си плаќаат меѓу себе, ајде објаснете ми кога и на кој начин ќе им платат на надворешните добавувачи. Факт е дека долгот на овие достигнал над 25 милиони евра. Е сега, ако институциите имаат обврска најнапред да си платат меѓу себе, бидејќи во овашето образложение се велеше дека навремено се серивисирани услугите кон надворешните добавувачи. Со ова ваше навремено сервисирање долгот достигнал до 25 милиона. Сега, бидејќи приоритетно ќе биде плаќањето на долговите помеѓу институциите, што мислите колку ќе достигне долгот кон надворешните добавувачи. Бидејќи парите се тие, масата е таа, дали тие меѓу себе ќе си платат или на надворешните, тие пари се, исти. Сега имаат обврска прво меѓусебе да платат, а потоа на надворешните. Сега долгот можеби ќе достигне и три пати повеќе отколку што е сега. И, мислам дека ако до сега тешко одеше наплатата на овие надворешните, сега воопшто и не треба да се надеваат дека воопшто некогаш ќе си ги наплатат своите побарувња.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Гсподинот Пачемски Миле има контра реплика.

Миле Пачемски: Благодарам.

Почитувана колешке Казанџиска, Владата, Парламентот, Министерството з здравство, Фондот за здравство, тоа се се посебни институција која што секоја си има своја одговорност.

Во моментот кога зборува за овој закон, Фондот за здравство е клучната институција која што има значајна улога во самата здравствена заложница. Да ве потсетам дека Фондот за здравство дава годишни буџети на секоја јавна здравствена установа, годишни буџети. Во рамките на тие буџети секоја јавна здравствена установа мора да се вклопи финансиски. Ако се направат некои загуби тогаш одговрноста си ја сноси самата здравствена установа. Повторно рековте за тие побарувања, значи имаме побарувња внатре во самиот систем во самите јавни здравствени установи. И тука е проблемот што излезе на виделина. Во самите јавни здравствени установи имаме проблеми, си должат една на друга, и сакаме ние тие долгови да ги намалиме, да ги превијеме, или да ја зголемиме повеќе ефикасноста, односно одговорноста на секоја јавна здравствена установа. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Милетиќ Драгиша има реплика, повелете.

Драгиша Милетиќ: Почитуван претседателе,

Колега, вие сега, јас можам да заклучам од вашиот говор, дека Министерството не е дел од системот и од општиот буџет Министерството за здравство. Така вие некако се изјаснивте.

Втро, кажавте дека е голема светска криза на секаде. И дека еве во цлеиот свет здравствените установи имаат проблем. Па добро тогаш до пред некој тврдевте дека навистина се е добро, дека до пред 15 дена, зборувавте дека сме светско чудо во економијата, и како одминува времето, полека, полека се приземјувате, додека не признаете дека навистина е целиот буџет, а не само дека има колапс здравство. Е тогаш, исто така викате дека е контролирана секоја пара каде оди. Зошто тогаш Државниот завод за ревизија , тоа и минатиот пат ви кажав утврди огромен криминл во здравството. Значи не се работи за мала сума,

тику за огромна сума.Никој ни со прст не мрда.по трети, по петти пат укажувам што се случува на Нефрологија. Не мрда никој. Му кажав и на заменикот министер, му кажав и на министерот. Значи сите сте дел од таа игра и можам да ви кажам дека сето тоа досега што го зборувавте и сега ова што го браните ви паѓа во вода. Навистина мора да се расчисти со криминалот. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе.

Почитуван колега Милетиќ, ја спомнавте ревизијата. Да ве потсетам дека до 2007 година забелешките на Државната ревизија беа бројни и огромни. Од 2007 година кога се зголеми транспарентноста на работата на Фондот за здравство и на самите јавни здравствени установи, тие забелешки од година во година стануваат се помали и помали. Така што за 2010 година прв пат од ФЗО имаме официјален извештај на Државната ревизија дека за прв пат не се наоѓаат забелешки во однос на јавните тендери. Меѓутоа за прв пат Државната ревизија вели дека сега во ФЗО немаме никакви забелешки за јавните тендери, а пред тоа немаше ниту јавни тендери до 2006 година. Во четири очи се склучуваа договорите за набавка и на апарати и на лекови.

Трајко Вељаноски: Реплика има госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

Соња Мираковска: Благодарам.

Колега Пачемски, можеби на крајот на вашиот говор ја кажавте најголемата вистина. Постојано воведувате разни модалитети кои го рушат здравствениот систем, поготово Клинички навистина успеавте во овој период добро да го онеспособите во работењето. Тврдевте дека воведувањето на вторите директори ќе бидат луѓе кои ќе знаат добро да менаџираат со финансиите. Сега велите дека една од основните цели на овие мерки кои ги воведувате е воведување и финансиска дисциплина. Значи вие тврдите дека луѓето кои ги воведовте поготово во Клинички центар каде што сега останаа вторите директори не се во состојба да воспостават таква финансиска дисциплина и добро да ги менаџираат парите. Она што највеќе ме загрижува во овој предлог покрај тоа што веќе спомнаа дел од колегите дека можат само да се надеваат надворешните доверители дека некогаш ќе стигнат до пари. Што вам ви значи долгорочната задолжница или она што го кажавте како една од основните цели ќе биде без каматно кредитирање внатре во јавните здравствени установи. Кажете ми, посочете ми која јавна здравствена институција внатре поготово во Клинички вклучително и заеднички служби ќе биде во таква ситуација да ги финансира останатите, а да не си го блокира сопственото работењето. Мислам дека таква не постои. А вие вклучувајќи го и Фондот кој ќе го прави регистарот, само целата работа ќе ја блокирате. Знаете кој ќе биде резултатот на крај? Едно лошо неупотребливо здравство, или никаква здравствена заштита, услуги кои ќе бидат ненормално лоши, затоа што поготово услугите кои доаѓаат од надвор ќе се блокираат со оваа задолжница која вие сега ја воведувате. Значи, уште повеќе обременување на системот и уште поголеми проблеми воведувате на овој начин. Можеби во некој нормален систем оваа задолжница ќе ја одигра својата улога и ќе направи некаква финансиска дисциплина. Вие сега само го обременивте системот со вашите грешки, наместо да излезете и да предложите, поготово зборувам за Клинички. Немаше потреба од поделба на Клинички на разни и посебни организации затоа што ќе дојде до таков проблем, внатрешно задолжување помеѓу единиците. Вие измислувате разни модалитети како еден период да го премостите, ама нема да биде премостување, ќе биде финансиско заглавување. Ќе се сопрат од надвор сите добавувачи, нема да можат да поднесат финансиски, затоа што нема кој да им плаќа. Ова значи комплетно блокирање на здравствениот систем. И сметам дека е редно да признаете дека такво нешто успеавте да направите. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Мираковска, точно е тоа што велите дека ние како одговорна власт, или како одговорно мнозинство секогаш кога ги нотираме проблемите или слабостите, или пропустите кои што ќе излезат на виделина во било кој систем адекватно и брзо реагирате. Во овој момент факт е дека имаме натрупување на долговите помеѓу самите јавни здравствени установи и затоа ние ја воведуваме оваа здравствена задолжница и тоа не е тајна.

Во поглед на Клиничкиот центар почитувана колешке Мираковска да ви кажам дека тој реорганизира, има посебни работни единици и секоја си има свој посебен буџет. Но, загубите таму сега што се прават посебно за секоја клиника, ако тие загуби вкупно ги соберете за секоја клиника, ќе видите дека се многу помали од оние загуби што беа вкупно кога тој не беше така реорганизиран до 2008 година. Значи, сепак секоја клиника си има поголема совесност, одговорност во трошењето на буџетските здравствени пари. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам.

Почитуван колега Пачемски, во својата дискусија рековте дека со овој закон доколку се усвои ќе имаме зголемена наплата помеѓу ЈЗУ и тоа без камата. Ова е едно признание дека Клиничкиот центар кога беше цел, немаше камата, меѓусебно се вршеа услугите, бидејќи беа финансирани и

раководени од еден центар. Ова е вашето признание за вашиот неуспешен 6 годишен проект врзани потписи, два директори и поделба на клиниките, а тоа значи раздели, па владеј. Добро владеевте наместо да раководите. А кога се владее, се собира и арач. Арачот го собирате, зборувам за раководните структури на овие ЈЗУ и клиниките, секоја чест на поединци и исклучоци, но за повеќето од нив има констатации во Извештајот од Државниот завод за ревизија каде што сега пред малку рековте дека за прв пат во ревизорски извештај во 2009 било потенцирано дека имало транспарентност во јавните набавки и немало никакви забелешки. Почитуван колега, или не сте ги прочитале извештаите, или сакате да го сокриете тоа. Но, има некој што ги чита. Еве, што пишува во Извештајот, последниот извештај за 2009 година кој што излезе во мај 2011 година убаво си пишува. Контатација на ДЗР, користење на средства согласно законските прописи. Членовите на Комисијата за јавни набавки нема потпишано изјави за постоење, или непостоење на судир на интереси и понатаму, што не е согласно со член 173 од Законот за јавни набавки, за да ревизорот констатира: не доследното применување на одредбите на овој Закон за јавни набавки доведува до примена на необјективни критериуми за избор на најповолен економски оператор, нетранспарентност и повластена положба на одредени економски оператори и можност за набавки по зголемени цени. Бидејќи сега нема да се наплатуваат камати со оваа обврзница помеѓу ЈЗУ, но каматите кон приватните добавувачи овие економски оператори кои што земале по зголемени цени, знаете кој ќе ги плати? Пациентите. Зошто не кажете зошто се зголемува услугата на пример, лабораториски услуги. Пап тест ако до сега чинеше 180 денари, сега ќе биде 580 денари, вирусолошката анализа од 500 денари сега ќе чини 2600 денари, обични лабораториски прегледи кои до сега чинеа до 200 денари, сега чинат 1000 денари. Значи, пациентите ќе ја платат каматата тие економски оператори кои што на нелегален начин ги добиваат овие, или спротивно на законот овие јавни набавки. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

Миле Пачемски: Почитувана колешке Анастасова, очигледно вие го немате последниот извештај на ревизорите. Го причитавте претпоследниот. Во последниот се вели дека нема никакви забелешки во однос на тендерските набавки во ФЗО. Понатаму, зборуваме за каматите. Точно оваа задолжница не нуди камати и нема да има камати. Но, камати ФЗО плаќа во милионски суми од штетните договори што вашите директори на ФЗО ги склучија со некои фирми. Таков пример е примерот со Агенцијата, односно со фирмата Делфино која што водеше судски спор за незаконски тендери и ФЗО мораше да и плати 700 милиони евра на таа фирма, а потоа таа фирма и да згасне. Значи, вашите директори правеа незаконски и штетни договори со Фоднот за здравство.

Трајко Вељаноски: Има збор господинот Менде Динески, повелете.

Менде Динески: Благодарам.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Денешниот предлог закон покажува дека Министерството за здравство, Владата на Република Македонија апсолутно нема ниту стратегија, ниту концепт каде ќе го движи здравството во наредните години. Напротив, каде ни се движеше здравството во изминатите 6 години, затоа што реформите кои ни ги нудевте во изминатите 6 години за кој сите тврдевте дека ќе донесат подобро здравство, денес самите ги негирате. И не е проблемот од вчера до денес што го сменивте начинот на дискусија, вчера ни кажувавте едно за задолжницата која се носеше, а денес ни кажувате друго за здравствената задолжница, сега проблемот е што штетите во здравството кои се прават се на грбот на пациентите и на грбот на здравствените работници. Денес можете илјада образложенија, оправдувања да дадете и да кажувате каков ФЗО во Република Македонија на никому не должи. Како ЈЗУ со нивните менаџери со врзаниот потпис работат подобро, подомаќински, поефикасно. Ваквиот закон кој го предлагате покажува каде ни се наоѓа здравството и во која состојба е.

Почитуван заменик министер, знам зошто не е дојден министерот, затоа што денес ако дојдеше министерот требаше да ги даде одговорите на сите оние прашања кои ги поставивме кога се носеше Законот за здравствена заштита, а тоа е, зошто и покрај проблемите, неефикасното работење, погрешниот концепт, вие упорно го форсиравте врзаниот потпис. Зошто и покрај растурањето на Клиничкиот центар за кој самите тврдите дека не покажа никаков или не даде никаков ефект. Не се обидовте преку Законот здравствена заштита тоа да го поправите. Зошто опстоивте на концептот, или на реформите кои условно ги промовиравте во изминатите 6 години, за да денес јавно признавате дека таквите реформи се на штета на сите граѓани. Јас ќе ви дадам неколку примери. Првиот, денес немаме анализа колку должат меѓусебно ЈЗУ, колку должи ФЗО, колку должат ЈЗУ кон добавувачи. Знаете зошто? Затоа што долговите во здравството се државна тајна на оваа Влада, затоа што за се можат да зборуваат, затоа што за се ќе најдат оправдување, затоа што за се ќе држат прес конференции, ама за реалните проблеми со кои се соочуваме, никако да излезете и да кажете. И денешното образложение јасно ви покажува дека во Фондот, односно во ЈЗУ нема пари. Тоа е првиот факт.

И вториот факт, дека криминалното и незаконско работење во изминатиот период дополнително ја усложнува работата во здравствениот сектор. Со ваквото законско решение кое денес го нудите, вие почитувани колеги нема да ги решите старите

обврски помеѓу ЈЗУ, ниту пак ќе ги решите идните плаќања кон обврските кои ги создавате. Вие почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ денес со ова законско решение ги ставате ЈЗУ во поповолна позиција од другите доверители кои за своите пари чекаат и по неколку години. И сега кое е образложението на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, дека тие можеле да одат на суд и таму да си ги побараат парите? Па таквото одење на суд, таквото неплаќање и таквиот одонос кој го имате сте го довеле здравството многу пати да немаат основни материјали за работа. Па сега слушаме дека министерот ќе ги разрешувал директорите, затоа што одредени пациенти ги терале да одат да купуваат од свој џеб. Зошто купуваат тие? Затоа што има во болниците материјали? Затоа што нема пари. Ако има пари ако навреме ги сервисирале долговите добавувачите ќе ги доставувале материјалите. На крај кој ја трпи штетата? Пак ја трпат пациентите. Со ваквото законско решение почитувани колеги, ако гарантира наплата само на ЈЗУ, тогаш самото Министерство ќе допринесе дополнително одлагање на долговите, односно на пролонгирање на плаќањето кон другите добавувачи, затоа што согласно ваквата задолжница првата обврска ќе биде на Фондот, односно на ЈЗУ парите да ги префрлат кон друга ЈЗУ, па после тоа ако останат пари ќе ги платат парите кон некои други добавувачи. И затоа почитувани колеги, ако тврдите дека Фондот никому не должи, зошто се плашите да го внесете Фондот во целиот систем, но не Фондот како посредник, затоа што работи во трезорот. Фондот да го внесете исто како ЈЗУ да даде обврска дека доколку помине рокот, а тие не го испочитуваат, некој ќе има шанса да си ги наплати прите а да не чекаат по две, или по три години за да си ги добијат парите. И притоа да не убедувате дека овој начин ќе даде резултат.

Растурањето на Клиничкиот центар е промашена реформа. Врзаниот потпис за кој многу менаџери во изминатиот период потрошија пари на граѓаните на Република Македонија да ги стават во функција ЈЗУ, не даде резултат. Денес слушнавме после 6 години од кога го промовиравте овој концепт, дека денес навистина ЈЗУ и менаџерите ќе можеле да си ја обавуваат својата работа. Па што правеле во изминативе 6 години. Дали некој во ЈЗУ во изминатите 6 години понел одговорност затоа што и до сега со досегашниот Закон за здравствена заштита согласно прописите кои беа, ако покажеше во два циклуси од по 6 месеци негативно финансиско работење согласно закон министерот за здравство требаше да го разреши. Кого разреши министерот за здравство? Не овој, не претходниот, не пред тој што беше. Кого разгрешивте, никој. Ги штитите и ги амнестирате. Пред една или две недели го слушам министерот вели, откривг голема афера во здравството за по три дена да даде изјава дека менаџерите на ЈЗУ не биле виновни. Ги амнестираше. Ниту од аферата, ниту од криминалот, ниту пак од амнестирањето на менаџерите на ЈЗУ имаме некаков ефект. Ефектот го гледаме денес. Нема пари во ФЗО. Бидејќи не е така како што сакаат дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ тоа да го презентираат, јас ќе се обидам преку еден пример да кажам. Ревизорскиот извештај на Клиничката болница од Битола за тоа како растеле долговите во таа болница согласно извештајот на ДЗР. Во него стои, во споредбена анализа на неисплатени обврски во периодот од 2008 до 2010 година ревизијата утврдила дека во 2009 година има зголемување на обврските во однос на 2008 година во висина од 116%. Продолжува, а во 2010 година има зголемување во однос на 2009 година за 18%. За какво домаќинско работење, за какви врзани потписи, за какви двајца директори вие не убедувате тука дека истите работеле во интерес на граѓаните на Република Македонија. Никој не сака јавно да проговори колкав е долгот. Ќе дадам само еден пример, анализата за јуни јули 2011 година. Обврски на ЈЗУ, вкупните обврски на ЈЗУ до 30.06.2011 година изнесуваат 2.748.000.000, кои споредбено со истиот однос со 2010 година се зголемиле за 6,85%. Ова е од ФЗО. Долговите на ЈЗУ, обврските за кои говоред се 47 милиони евра. вкупните долгови на ЈЗУ изнесуваат 1.574.309.000 денари во споредба со периодот од 31.01.2011 година се зголемиле за 8,38%. И сега вие сакате да не убедите дека ваквиот начин ќе го реши прашањето. Ниту ќе ги исплатите парите кон добавувачите. Тој долг јавно што го прикажувате што е над 25 милиони евра го тргате на страна, долгот до сега кој што сте го направиле помеѓу ЈЗУ го тргате на страна и сега не убедувате дека нешто сакате да направите во здравството. Или направете потег, односно законско решение во кое ќе ги вклучите сите во системот за да дадеме ефект за да се постигне вистинска искрена желба да имаме дека ќе се стори нешто или ќе се подобри нешто во здравството, или ова е само мачкање на очи на граѓаните дека нешто правите во здравството во Република Македонија. За жал, со ваквиот концепт, со ваквиот однос со погрешната стратегија кажав и на почетокот единствена штета имаат граѓаните на Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Реплика има господинот Харалампие Шокаровски, повелете.

Харалампие Шокаровски: Благодарам.

Колега диневски, некогаш сте контрадикторен во работите кои сакате да ги презентирате. Мислам дека повторно ќе поентирам дека воглавно на концепциските разлики ја градите вашата стратегија.

Велам дека сте контрадикторен затоа што некогаш ги спомнувате обврските, некогаш ги спомнувате долговите. Обврските во здравствените установи зависат и варираат во зависност од видот и обемот на здравствените услуги кои би ги пружила конкретната здравствена установа, така што колку повеќе здравствени услуги толку пораснуваат и обврските. Обврските не се долгови. Од друга страна, се грижите за приватните добавувачи. Приватните добавувачи не мора да се јавуваат по јавните набавки ако

сметаат дека јавните здравствени установи не се добри плаќачи во овој сектор, туку токму како најревносни плаќачи здравствените установи обично имаат по не знам колку пријави по секоја јавна набавка. Од тој аспект не се ниту во привилегирана ниту некој се доведува во подредена положба со овој закон, туку напротив јавните здравствени установи се доведуваат во еднаква положба и исто така се редуцираат нивните трошоци, затоа што тоа се трошоци на вкупното јавно здравство по основ на меѓусебни тужбени побарувања. Вака со здравствената задолжница се избегнуваат тие трошоци.

Исто така, двојното менаџирање господине Диневски не го решава проблемот на неплаќањето, така што вие можете да бидете врвен менаџер, меѓутоа, доколку другиот правен субјект не го извршува плаќањето, тогаш не е грешката секаде во менаџирањето на здравствените установи, па да ги барате таму, туку вие како правен субјект доколку не го сервисирате долгот спрема другата јавна здравствена установа, тогаш што е менаџерот виновен за таквата ситуација.

Исто така, кажавте дека со ова не ги решаваме старите долгови. Старите долгови се репрограмираат поинаку, токму така, со задолжниците не се репрограмираат старите долгови. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

Ги разграничив обврските и долговите, ги разграничив и процентите, така што не ви држи таа теза. Ако јавните здравствени установи биле ревносни плаќачи како што вие сакате да не убедите, зошто согласно податоците на Фондот за здравствено осигурување во овој момент официјално според тоа што е прикажано должат над 25 милиони евра. Зошто должат толку ако се ревносни плаќачи. Значи не се ревносни плаќачи.

Трета работа, како до сега јавните здравствени установи биле во повластена положба во однос на приватните, кој им ја дал таа обврска, согласно кој закон некој ги повластил да бидат такви? Нема ништо од сето тоа.

И на крајот велите дека некој бил врвен менаџер, ама доколку другиот не ги сервисира долговите, односно не ги плаќа парите кон него, тогаш има проблем. Од кого добиваат ваквите менаџери од здравството пари? Од Фондот за здравствено осигурување. Тоа е заклучокот дека Фондот за здравствено осигурување на време не им префрла пари на јавните здравствени установи, затоа што нема пари.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има реплика, повелете.

Драган Цуклев: Благодарам.

Ако во вчерашните дискусии колегите пратеници од опозицијата наместо по Предлогот за законот за задолжница зборуваа за долгот на државата за стопанските субјекти, денес најголем дел од дискусиите се однесуваат наместо по Предлогот на законот за здравствена задолжница на долговите на јавното здравство кон стопанството односно долговите на јавните здравствени установи и оценка на севкупните состојби во здравствениот сектор.

Колега Диневски, меѓусебните должничко доверителни односи меѓу јавните здравствени установи не се нешто ново, нешто што настанува со поделбата на Клиничкиот центар на повеќе правни субјекти. Должничко доверителните односи постојат и меѓу останатите јавни здравствени установи во јавниот здравствен систем. Точно е дека тие се најчести меѓу клиниките кои настанаа со поделба на Клиничкиот центар и секогаш вообичаено беше овие долгови меѓу јавните здравствени установи да не се плаќаат и редовно не се плаќаа, освен ако една јавна здравствена установа не должи некоја друга јавна здравствена установа. Меѓутоа, со овој инструмент на здравствена задолжница се обезбедува брз и ефикасен начин на наплата на меѓусебните должничко доверителни односи на јавните здравствени установи и се прескокнува она што значи судска постапка, плаќање на судски такси, закажување на рочишта, одлагање на рочишта, трошоци за вештачење итн, и сите други инструменти и трошења кои ја оптоваруваат судската постапка како начин на тужење и наплата на меѓусебните должничко доверителски односи.

Околу она што го зборувавте за долговите на јавното здравство колега Диневски треба да бидете реални и да кажете дека јавно се обелоденети сите обврски на Фондот за здравствено осигурување и на јавните здравствени установи, Фондот за здравствено осигурување има нула долгови, јавните здравствени установи заклучно со 31.12.2011 година имаат долг вкупно 23 милиони евра, што е 60% помалку отколку долгот на јавносто здравство во 2005 година, односно долговите на јавните здравствени установи во 2005 година кои изнесуваа 57 милиони евра, плус 22 милиони евра долгови на Фондот за здравствено осигурување. Тоа е разликата кога СДСМ беше на власт и сега кога Фондот за здравствено осигурување и јавните здравствени установи се менаџирани од луѓе од оваа актуелна власт. Со воведувањето на трезорскиот систем на работење колега Диневски во текот на 2011 година постапно се намалуваат долговите на јавните здравствени установи, затоа што со трезорскиот систем се овозможи планирање и управување со ликвидноста на јавниот здравствен систем. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

Ако сакате да се навраќате назад што било во периодот од 1998 до 2002 година, тоа нема да донесе решение за 2012 година и проблемите што ги имаат јавните здравствени установи денес, односно како да им обезбедиме на граѓаните на Република Македонија здравствена заштита. Тоа нема да го реши прашањето и нема да ја прифатиме вашата игра.

Што донесе поделбата на Клиничкиот центар ќе ви кажам, зголемување на трошоците само по основ на плати и на управните одбори од 1,5 милиони евра, па пресметајте колку до сега во изминатите 5-6 години се потрошени пари само по овој основ на двајца менаџери, имаше еден, сега имаме 64, имаше еден управен одбор, сега имаме 30 управни одбори. Сите тие пари 1,5 милиони евра на годишно ниво, вие пресметајте колку се трошоците. Велите брз и ефикасен начин да воспоставите систем. Зошто таков не сакате да воспоставите со сите чинители. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Ѓорчев Владимир има реплика, повелете.

Владимир Ѓорчев: Благодарам.

Оние податоци кои сакав да ги кажав ги кажа господинот Цуклев како пратеник, а тоа е дека во 2005 година кога зборуваме само за клиниките и Фондот за здравствено осигурување имате долг повеќе од 70, па дури и 80 милиони евра. Конкретно 57 милиони евра клиниките, 22 милиона Фондот за здравствено осигурување. Господине Диневски не се така далечни времињата кога за долговите во здравството гледавме дека поминуваат 100-110 милиони евра. Сите тие долгови се редуцирани и сега дискутираме и дебатираме дали се 22,7 милиони, 22,8 милиони или 22,1 милион. Ние зборуваме за времиња во кои нашиот Фонд за здравствено осигурување имаше долгови поголеми од 100 милиони евра. Ние господине Диневски сега кога зборуваме за цените во здравството имаме намалување на цената на околу 1100 - 1200 лекови во Република Македонија. Кога зборуваме за здравството зборуваме за ситуација во која во 2005 година платите доцнеа повеќе од еден месец, платите во здравството на околу 30 илјади вработени доцнеа повеќе од еден месец. Тоа е време кога министер за финансии е Никола Поповски, а претходно и Петар Гошев, кога го зголемија ДДВ од 5% на 18% за стотици производи во Република Македонија. Тоа се времиња кога немаше светска економска криза, а во Македонија енормно се зголемуваа долговите, вкупниот долг, не зборуваме само за здравствениот систем туку зборуваме за вкупниот долг на Република Македонија беше 38% од БДП, значи јавниот долг, а сега е 26%. Значи кога зборуваме за сите овие работи треба да ги имаме во предвид овие работи. И, на крајот на краиштата Македонија беше една апсурдна земја пред 7-8 години во која што ги имавме најбогатите фармацевски куќи а имавме најуништено здравство. Значи немаше фармацевска куќа која што не пливаше буквално пливаше во милионски профити, а цените во Македонија споредени со Бугарија, со Романија со Србија беа за 100 па дури и 200% поголеми. Така што дека има проблеми во здравствениот систем апсолутно има. Има не десетици не стотици има илјадници проблеми, но да ги гледаме работите исто така и од оваа гледна точка. И она што го кажав пред малку а тоа се однесува на вкупниот амбиент во кој што се делува. Во Романија господине Диневски на здравствените работници им ги намалија платите за 25%. Ние на крајот на оваа година ќе ги зголемиме платите во здравството, а претходно ги имаме зголемено за 20% до 30% сето она што го имавме со зголемувањето на платите во изминативе 4-5 години во време во кое што во сите други земји или стагнираа платите или се намалуваа. 10% од лекарите во Романија заминаа на Запад. Значи има проблеми но во Македонија е поподнесливо. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

За огромните долгови од околу 100 милиони евра мислите во крајот на 2001-2002 година кога Никола Груевски беше министер за финансии. Или сакате да зборуваме кога Војо Михајловски беше директор на Фондот па колку купуваше еден маус колку чинеше, или една електрична печка колку чинеше? За тоа сакате да зборуваме и ќе го решите денес проблемот затоа што пациентите плаќаат повисоки цени за своите здравствени услуги? Нема да го решите проблемот?

Почитуван колега, знаете дека согласно концептот кој го промовираа Министерството за здравство и новиот Закон за здравствена заштита во Куманово и во Тетово здравствените работници добија пониски плати. Како тоа вие ги зголемувате платите, а во Куманово и Тетово здравствените работници добиваат пониски плати. И на крајот на краиштата ако Фондот како што вие тврдите тука сите пратеници дека Фондот нема никакви обврски спрема никого односно нема долгови тогаш сигурно ќе го прифатите амандманот на СДСМ да го вклучиме во Законот за здравствената задолженост. Тогаш ќе видам и ќе ја потврдите идејата дека сте искрени во ова што го зборувате. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пачков Јордан има реплика, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Полчитуван колега Диенвски нешто се случува во здравството, ќе признаете. За вас од некоја посебна призма и во интерес на фелата вашите обиди покрај поставување на точка на дневен ред за колапсот во здравството на Република Македонија после она повеќедневно дискутирање и дебати околу Законот за здравствена заштита и сега го користите моментот да дискутирате за проблемите во здравството за реформите во

здравството итн, а најмалку ништо да не кажете токму за овој закон за кој што дискутираме. Добро, тоа е препознатливо. На Комисијата за здравство имавме попродуктивна дебата отколку денеска но во секој случај не сакам да навлегувам во тие проблеми. Ќе имате можност да ми реплицирате кога ќе се јавам за збор. Само едно ќе ви кажам. Моите колеги веќе кажаа за долговите. Вие се интересирате за долговите во здравствената фела итн. Зошто и еден од причините за кој ќе гласам за оваа задолжница токму затоа што досегашните меѓусебни долгови на здравствените установи се повеќе од 30% од долговите во здравството. Ако сакате да знаете, точно е дека 2006 година ги елиминиравме ние нашите долгови, но исто така и знам дека ЈЗУ, тогаш општа болница, сега Клиничка болница од Битола беше една од најзадолжените или најзадолжената здравствена установа. И сега се задолжени, тоа вие го тврдите, не знам, тој факт не сум го потврдил. Во секој случај, едно ќе ви кажам дека овој закон содржи во себе многу позитивни работи кои се случуваат на здравството, а за тоа ќе имаме време и повторно ќе дискутираме. Затоа немојте да ја замајувате македонската јавност, а особено нашите здравствени осигуреници, кои и онака се ставени во многу дилеми кои вие ги поставувате користејќи ја узурпацијата на оваа говорница. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

Почитуван колега, очигледно ви се измешаа мотивите во желбата да покажете дека многу сте сработиле во изминатиот период, отприлика не знаете во која година што се случувало, а сте човек на ВМРО-ДПМНЕ односно на Владата. Значи не во 2006 година, туку во 2009 година јавните здравствени установи во Република Македонија со меѓусебно бришење на побарувањата и обврските или долговите, како сакате земете, стартуваа со позитивно салдо нула, значи немаа долгови кон никого на 1.1.2009 година. Како само во рок од две години сте направиле долг, само јавните здравствени установи, над 23, 24, 25 милиони, еве, колегата Влатко Ѓорчев сака во проценти или во илјади евра да зборуваме. Како сте направиле долг ако сте работеле домаќински, ако врзаниот потпис и реформите што ги спроведовте дале ефект, ако растурањето на Клиничкиот центар го постигнал ефектот, како? Имате одговор на тоа прашање?

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер за здравство, Предлогот на законот за воведување на здравствена задолжница претставува последен можеби немоќен и трагичен обид на Владата да ги спаси јавните здравствени установи, особено клиниките кои се пред колапс поради седумгодишниот промашен проект на Владата, односно растурање на Клиничкиот центар и формирање на поединечни клиники. Овој промашен проект за растурање на Универзитетскиот клинички центар во Скопје како една од првите промашени реформи на Владата во здравството најпрво на свој грб го почувствуваа пациентите, а тоа ќе го илустрирам на следниот начин. Доколку некој пациент, болен човек од Свети Николе. Лозово на пример, отиде во Скопје, порано имаа шанса, сега и тоа право го изгубија бидејќи клиниките станаа достапни само за граѓаните на Скопје, потешко некој надвор од Скопје ќе може да дојде до Клиниката според реформаторскиот курс на оваа Влада и тие доколку имаат упат на едно одделение, на пример упатени се на Нефрологија, а имаат потреба од дополнителни испитувања, мораат да се вратат назад во својот роден град кај матичниот лекар за да земат упат за на друга клиника бидејќи со растурањето на Клиничкиот центар интерклиничките упати престанаа да важат. Замислете кое малтретирање е тоа на тие болни пациенти, кој финасиски дополнителен трошок им го создаваше, но Владата за тоа воопшто не се загрижи, не сакаше ни да чуе. Тоа продолжува и до денеска, а сега не можат да дојдат ни до клиниките, туку во регионалните медицински центри или таканаречени клинички болници кои воопшто не наликуваат ни од далкеу на клинички болници, каде работат на пример половина од персоналот кој е потребен за пружање на услугите, како што е Клиничката болница во Штип, па Клиничката болница во Тетово. Понатаму промашениот концепт за врзани потписи на двајца директори, огромниот број членови на Управниот одбор за кои не можеше да се заработи само за плати и надоместоци, продуцираа толку многу големи долгови кои се провлекуваат постојано, но Владата упорно го продолжува овој концепт со новиот Закон за здравствена заштита. Долгот постои навистина долго време и проблемите со наплатата меѓу клиниките и сите јавните здравствени установи или за граѓаните едноставно кажано државните здравствени установи, на овој начин Владата сака со оваа задолжница да ги спаси односно да се претура од шупливо во празно со меѓусебни договори и преписки да се поништат долговите, но никако не води сметка за добавувачите, оние кои добавуваат лекови, медицински потрошен материјал и храна и други работи кои се неопхдоно потребни за функционирање на јавните здравствени установи, никако не се грижи како тие долгови ќе се платат, а долговите за волја на вистината 2009 година беа потпишани за да неполни три години нараснат над 23 милиони евра и ако ги земеме предвид доспеаните 3,5 милиони евра долгови од претходно, значи чисти 20 милиони евра има до септември 2011 година но до денес има уште половина година и верувам дека тие долгови се над 25 милиони евра. Од јавните здравствени установи велат дека долговите се направени дека им ссе мали буџетите. Не им стигнуваа, едвај спојуваат крај со крај. секој чест за оние менаџери на клиниките

кои навистина водат сметка заон што го работат, но за поголемиот дел од нив Државниот ревизор констатира дека навистина се случува хаос. Не се води материјална евиденција како на пример во ревизорскиот Извештај на Клиниката за неврологија. Пишува дека материјално книговодство воопшто не се води, дека навистина не се знае колкави се залихите, членовите на комисиите за јавни набавки воопшто немаат потпишано документи за конфликт на интереси и се случува склучување на договори за јавни набавки со многу повисоки суми што дополнително придонесуваат за зголемување на овие долгови. Во одделенијата, поради невршење на материјално задолжување не се знае колкави се залихите кој колку земаљ, каде плаќа, како плаќа и кому плаќа.Значи може да се констатира општ хаос во здравството посебно во Клиничкиот центар, каде што сега Владата сака да ги амнестира сите овие работи, да ги поништи долговите и да прикаже една лажна привидна слика дека се е веќе во ред во клиниките, платени се здравствените услуги помеѓу здравствените установи.

Се вели дека сега нема да се платаат каматите на овој начин, што е уште еден доказ дека кога Клиничкиот центар функционирал како едно воопшто бил добар систем и немало потреба да се рачунаат камати. Кој ќе ги плати сега каматите поради неплатените обврски кон приватните фирми или добавувачите, бидејќи тие не смејат да ги раскинат долговите и покрај тоа што клиниките веќе со години им дожат милионски суми. Како пример ќе го земам набавувачот на интерферон за Клиниката за нефрологија што вели дека околу 100 милиони денари веќе нараснале долговите. Нема начин као да имс е плати, бидејќи договорот што е склучен со Заедничките служби, преку кои што се извршува плаќањето за Клиниката за неврологија, пишува дека ако добавувачот прекине со испорака на лековите неопходни за животот и здравје на пациентите и при тоа го загрози здравјето на пациентите, може да се одговара дури и со ззатворски казни. Тие се заканија дека нема да набавуваат бидејќи и не можат, бидејќи државата за тоа не им плати. Како тие понатаму, како добавувачи ќе земат од производителот други лекови кога производителот нама да сака да набавува.

Се плашам дека сите овие промени што се прават во здрвството Владата претставува катализатор за забрзувачко пропаѓање на здравствениот систем во Република Македонија.

Се поставува прашањето зошто оваа здравствена задолжница важи за приватните фирми? Затоа што воопшто на Владата не и е гајле дали ќче се измират долговите кон приватните фирми. Но, не е свесна дека со тао ги доведува во опаснот животите на јанболните на тешко болните за кои ќе прекине испораката на овие лекови и со тоа, навистина влегуваме во еден маѓепсам круг што го предводи Владата од коој што се плашам дека тешко ќе излеземе.

Понатаму, би сакала само уште еден дел да прочитам што се случува на Клиниката за неврологија, за што има до сега поставувасно пратенички прашања и за сите други извештаи од Државниот завод за ревизија.

„Ако сакате да ги средите долговите , прво треба да видите кој ги продуцира.“ до сега зборував дека не се води воопшто сметка за набавката на материјалите, за потрошувачклата на материјалите во клиниките, а сега сакате сите што направиле злоупотреби, констатирани во извештоите, да ги амнестирате, покриете, израмнете и да се каже дека менаџерите биле успешни, а всушност здравственио систе постојано ни пропаѓа.

Понатаму зошто сакате да го уништите приватниот сектор? Не сте свесни дека со тоа на крајот ќе страдаат пациентите , ќе страдаат сите оние на кои им се неопходно потребни добавувања на нови лекови. Со новите цени што ги објавивте сега, покачувањето на сите лабораториски биохемиски анализи, занчи дека камата што треба да се платат на приватните фирми што јавните здравствени установи не ги исплатиле до сега, најверојатно ќе треба да се платат и камати, но тоа ќе биде на товар на пациентите. Самите кажуваат, од лабораторискиет услуги што им се неопходни што до сега го правеле на пример за 200 денари, една комплетна крвна слика сега ги чини 1000 денари. Знаете колкав процент од граѓаните ќе можат тоа да го платат во јавното здравство? во приватните може да оди кој сака. Но, во јавното здравство има ги кратите правата на пациентите кои плаќаат здравствено осигурување, а нема да ги добијат здравствените услуги. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има Гошев Славе, повелете.

Славе Гошев: Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, немав намера да дискутирам на темата здравство, затоа што ниту по струка нути по однос на интересирање, јас далеку од оваа област. Но, бидејќи вие, како доктор зборувавте политички во врска со Предлогот на закон, не спомнавте ниту една реченица во врска со Законот за што денеска дискутираме, тогаш политички ќе ви реплицирам.

Во вашето излагање кажавте една реченица „замислете кое малтретиање“. Замислете кое малтретирање вие го правите овде? тоа ваше демократски, легитимно право, секој од вас да се јави за збор.

Меѓутоа, вие како доктор, разбирам такви говори да има од колеги кое не доаѓаат од таа фела, Изет Зеќири или јас, меѓутоа вие како доктор, кој верувам дека подолго време работи во здравството да зборувате политички за Предлог закон , што во краен случај не носи ништи лошо, кажете ми еве како пратеник, кој доаѓа директно од здравството, што е лошо во Предлогот на зкакон. Што е лошо? што е лошо во здравствената задолжница? Што до сега ние к ако држава, еве јас, како граѓанин на оваа држава,

како корисник на услугите на ова јавно здравство ќе изгубам од она што сум го имал претходно? Далио овој закон ќе донесе нешто штета и дали со овој Предлог- закон ние ќе изгубиме некое право што до сега сме го имале? Јас мислам дека не. Ова е закон за здравствена задолжница, се донесува за определување на некои правила на игра меѓу јавните здравствени установи и престанете да го користите само Клиничкиот центар, бидејќи, како што го прочитав законот, мислам дека овие задолжница важат за сите јавните здравствени установи.

Затоа ве молам, кога веќе се јавувате овде за збор, како опозиција, што, ќе повторам, е легитимно демократско право, никој нема право да ви забрани да се јавувате, ниту реплицирате и контра реплицирате. Меѓутоа, дајте барем вие, како луѓе од фелата кои доаѓате од таа фела, на нас, пратеници кои немаме допирни точки со здравството, со вашите излагања да ни објасните малку кое е тоа право што јас до сега сум го имал, а со здравствената задолжница ќе ги изгубам. Мислам дека ниту ќе добијам, ниту ќе изгубам.

Тоа е за регулирање на одредени партнери во игра, а овде цел ден не малтретирате со празни зборови, колку директори имало на Клиничкиот центар, колку Управен одбор, колку пари се трошеле како ние да сме падната од Марс и не знаеме какво беше здравството во времето на СДСМ, каде што беше правило од дома да си носите и шприцеви и инекции, памук итн. И сега овде ќе не малтретирате три дена. Срамота.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Анастасова Станка има контра реплика, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам претседателе.

Почитуван колега, ако не сте разбрале ништо до сега, не забележувам, не сте медицинско лице. Ја с не сум економист. Обрнав внимание какви последици оваа економска мерка ќе има врз пациентите. Тоа е мојот предмет на гледање.

Почитуван колега, ќе ви дообјаснам што сакав да кажам, еве, ако не сте разбрале. До колку Владата го донесе овој закон, всушност Парламентот и важи само за државните институции, односно јавните здравствени установи, најголем дел е Клиничкиот центар, а не важи и кон приватните фирми, кон кои шро државните институции треба да се раздолжат, Република Македонија односно здравствениот систем ќе влезе во еден маѓепсан круг во кој што никој никому нема да плаќа, секој секому ќе должи, на крај добавувачите нема да даваат лекови и ќе биде погубно по пациентите . Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Пачемски Миле има реплика, повелете.

Миле Пачемски: Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Анастасова, ќе зборувам само за оној дел што рековте дека Клиничкиот центар сме го растуриле.

Да ве потсетам дека Клиничкиот центар постои, постојат зградите, ординациите, таму се лекарите, медицинскиот персонал, сите. Клиничкиот центар само е реорганизиран од 2008 година.

Ако сакате да направите паралела како беше до 2006 или 2008 година и како е сега, ќе ви кажам дека прво, денеска имаме многу подобра и пософистицирана медицинска опрема на сите клиники. Денеска имаме добро реконструирани и добро опремени јавните здравствени установи. Имаме систем штои невина, тоа е систем на упатрување на пациенти според географска определеност, каде што живеат пациентите , така што има поголема искористеност на оние јавнитздравствени установи во внатрешноста на државата. повеќе ги ескплоатираме, поголемите центри. Така што гужвите што беа за Клиничкиот центар во иднина постојано ќе се намалуваат.

Има листа на закажни прегледи и интервенции. Пациентите нема да чекаат по цел ден за еден преглед, туку ќе ги знаат својот термин и ќе бидат присутни на клиниката. Со тоа ќе се намали гужвата во клиниките.

Имаме изградено нова болница. Знаете дека новата Гинеколошка болница е изградена и пуштена во употреба пред неколку месеци, нешто што не беше случај во ваше време.

Но најважно во врска со Законот е реорганизација на Клиничкиот центар од финансиски аспект. Не е спорно дека некои од клиниките, не сите, повторно бележат загуби. Но, ако ги соберете поединечно, вкупниот збир на загубите е многу понмал од загубите кога Клиничкиот центар беше целосен. Сите директори, менаџери работат многу поодговорно, независно. Впрочем е и набавката на медицински апарати, лекови, помагала е со многу помала маржа и помали законски постапкки отколку што беше до 2006 година.

Од тој аспект Клиничкиот центар сега многу подобро работи отколку во 2006 година и покрај одливот на кадри во приватни болници.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Анастасова Станка има контра реплика, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам претседателе.

Почитуван колега, рековте дека оваа Влада многу направила во здравството и купила нова медицинска опрема, ама сите знаеме дека таа медицинска опрема наместо да чинеше реално можеби чини 40 милиони евра, граѓаните на Република Македонија ќе платат 78 милиони евра. Ете го тие пари. Затоа вие сега треба да правите Закон за здравствена задолжница затоа што тие пари треба да се оправдаат на некој начин.

Понатаму рековте дека спрема географските подрачја има поголема искористеност на капацитет на јавните здравствени установи. Не се сложувам. Таму има недоволен, преполовен број на доктори кои што не можат да постигнат да ги укажат сите здравствени услуги на пациентите.

Значи и докторите се малтретирани и пациентите се малтретирани поради недостаток на кадар, бидејќи условите во јавното здравство ги направивте хаотични и како работни услови за докторите, но исто така за лежење на болни и лечење на пациентите. Никој не сака веќе да влезе во јавното здравство бидејќи се плашат или повеќе пари ќе им се земат или инфекција ќе добијат. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Јордан Пачков има реплика, повелете.

Јордан Пачков: Почитувана колешке, иста слика. Значи повторно ја искористивте, тоа е ваше демократско право, говорницата, да дискутирате во здравството, за Законот за здравствена заштита кој веќе е донесен. Дискутираме за сосема нешто друго, а ние дискутираме токму за задолжницата.

Јас би ви предложил, на пример, ваква енергија која што сега ја имате да ја употребевте на второто читање, односно поточно речено кога ќе ги поднесевте вашите амандмани ќе имавме да дискутираме.

Па затоа го поставувам принципиелно прашање, дали вие ќе гласате за ова денеска, да оди на второ читање. Знам дека ќе гласате и сочувајте ја енергијата па ќе дискутираме во второто читање на вашите амандмани, зошто ги прифаќаме принципиелно. Вака вие дискутирате на сосема погрешна тема. Еве јас сум лекар и ви велам дека дискутирате на сосема погрешна тема.

За здравството дискутиравме многу и да не ја замараме македонската јавност со овој проблем затоа што донесуваме едно законско решение кое што ќе ги реши односите меѓу нас, интерклиничките односи, односите помеѓу јавните здравствени установи.

Не сум тој што ќе го прифати досегашното работење. На пример да кажеме една здравствена установа, ајде ќе земам да не повредам некого од Куманово, со барање на Министерството да кажеме, или со акт на друга повисока здравствена установа, да му се ослободат тие средства, да не му се вратат, повторно да стартуваат од нула и двете јавни здравствени установи. Поминаа тие денови. Воведовме пазарна економија во здравството. Па здравството е една стопанска гранка и тука има производ, имаме други работи што ги карактеризираат стопанските дејности, па и здравството е еден вид на стопанска гранка и тоа набавува средства и нему му е потребен потрошен материјал, на крајот на краиштата го дава крајниот резултат. Дајте ова здравство, заеднички да го решаваме на начин како што заслужува. Вака само ја замајуваме јавноста и вака правиме само негативни поени и за нас самите здравствени работници.

И на крајот на краиштата, без разлика што Славе Гошев не е лекар, го користи демократско право да дискутира, ако не е лекар тој е корисник на здравствените услуги на ова здравство и сака да види што ќе биде утре со ова здравство. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Анастасова Станка има контра реплика, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам претседателе.

Еве јавно ќе им се извинам на колегата Славе Гошев и колегата Пачков што ги малтретирам и замарам, така? Можете да се повлечете во вашите канцеларии и да одморите малку.

Јас ова го кажувам за граѓаните на Република Македонија кои што сите ние сме потенцијално пациенти, што ги чека понатаму од реформската Влада во здравството од ВМРО ДПМНЕ. Ќе ги чека се поголеми долгови, се помалку потрошни материјали и лекови во болниците. Ќе ги чекаат се поскапи услуги кога ќе се јават во некоја јавна здравствена установа и не знам дали ќе продолжат да се јавуваат на лекар, бидејќи однапред ќе знаат дека или немаат да ги платат или ќе чекаат со денови да добијат некоја услуга, благодарение на реформските зафати на ВМРО ДПМНЕ. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Реплика има господинот Цуклев Драган, повелете.

Драган Цуклев: Благодарам претседателе.

Колешке Анастасова, повторно во ист стил, најголем дел за долговите во јавното здравство, а она што го кажавте за Предлогот на закон, беа само небулози.

Ќе ве парафразирам, велите дека со овој закон со преписки и допишувања ќе си пребиваат меѓусебните побарувања и обврски јавните здравствени установи. Велите дека со Предлогот на закон јавните здравствени установи ќе влезе во маѓепсан круг каде што секој секому ќе должи. Па колешке прочитајте го Предлогот на закон. Станува збор за реална наплата на побарувањата на една јавна здравствена установа во друга во ситуација кога Јавната здравствена установа што и должи нема да и плати на јавната здравствена установа што е доверител преку овој инструмент наречен здравствена задолжница, кој ќе функционира преку трезорскиот систем на Фондот за здравствено осигурување колешке Анастасова.

Значи, да се избришат, да се прескокнат тие трошоци што ќе ги прават јавните здравствени установи за плаќање на судски такси, за закажување на рочишта, одлагање на рочишта, вештачења и сите други инструменти што се врзани со една судска постапка.

Колешке Анастасова немојте да читате стари извештаи на Државниот завод за ревизија. Отворете ја веб страницата на Фондот за здравствено осигурување на 5 март е објавен конечниот изештај на државниот завод за ревизија за работата на Фондот за здравствено осигурување. Таму ќе видите дека нема ниту една забелешка за спроведувањето на јавните набавки, нема констатации за неправилно

работење, за неправилна примена на акти и неусогласеност со законската регулатива.

Колешке Анастасова сакам во контра репликата да ми кажете колку државни институции имаа веб страници кога СДСМ беше на власт и колку извештаи на Државниот завод за ревизија јавно се обелоденуваа за да бидат на увид на сите граѓани. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Станка Анастасова има контра реплика, повелете.

Станка Анастасова: Благодарам претседателе, почитуван колега,

Вие како економист, а јас доктор не треба да дозволите да ви кажувам нешто за економијата. Знаете ли што значи трезорска сметка? Треба да знаете. Со трезорската сметка дали е потребна ваква задолжница?

Значи сите оние, јавните здравствени установи се финансираат од буџетот, тоа треба да го направите кон приватните фирми. Жалам што јас како медицинско лице на еден економист требаше ова да му го кажам.

И покрај тоа што избегнував да зборувам за економија, но еве го изештајот од Државниот завод за ревизија кој што е излезен на 3 март 2011 година. За вас ова стар извештај ли е? Што констатира ревизорот? Ревизорот вели: невоспоставена евиденција на пресметана и ненаплатена партиципација за Клиниката неврологија. Значи, придонесува побарувањата и обврските по овој осов да не бидат реални и необјективно прикажани во финансиските ивештаи во износ од 818 илјди денари.

Вакви констатации имаме во сите извештаи со многу поголеми суми. Благодарам. ж

Трајко Вељаноски: Благодарам**.**

Има збор господинот Изет Зеќири, повелете.

Изет Зеќири: Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас не можам да го сфатам целиот овој отпор на пратениците да дискутираат за закони кои што се од интрес за граѓаните. Јас навистина сфаќам дека можеби немам искуство овде во Парламентот, ова ми е прв мандат, меѓутоа ние немаме друга работа или должност. Должност на Парламентот е токму оваа говорница и местото на кое што ние се наоѓаме.

Како и да е со Предлогот на законот со кој што се предвидува задолжницата како здравствена гаранција за да функционира како финансиска гаранција за наплата на побарувањата помеѓу здравствените и јавните здравствени установи кои што се финансираат преку Фондот за здравствена заштита на Република Македонија и кои што платниот промет го вршат преку трезорот на Фондот и јавната установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи, клиники, институти.

Јас мислам дека немало потреба од донесување или предлагање на ваков закон затоа што требало ваков закон, со вакви одредби да се инкорпорира во рамките на Законот за задолжница кој што ги уредува должничко доверителските односи помеѓу институциите каде што би се опфатиле и овие државни институции и јавните установи.

Меѓутоа, во тој закон што ние го усвоивме не ги вградивме и јавните установи. Министерот за здравство за да ги заштити здравствените установи од меѓусебните долгови го предлага овој Законот здравствена за задолжница. Мислам дека овој Предлог закон не може да функционира така како што треба, затоа што се во нееднаква или во нерамномерна положба здравствените установи. И кога велам здравствените установи го велам тоа поради фактот што Фондот за здравство со сопствениот буџет од околу 22 милијарди 625 милиони денари, врз основа на договорот што ќе го постигне со здравствените установи кои што се насекаде низ Македонија, всушност прави трансфер или пренос на средства за да може болниците, клиниките, здравствените домови да даваат квалитетни здравствени услуги за здравствените осигуреници. Дококлу се анализа буџетот и распределбата на средствата кој што Фондот за здравство го прави за болниците, клиниките, анализирајте ги средствата на Фондот за здравство и како тие се распределуваат по број на осигуреници. Јас нема за овој проблем да молчам воопшто затоа што се појавува една нееднаква распределба на средствата за здравствените осигуреници. Кога здравствениот дом, клиниката, здравствениот центар во од Тетово од каде што доаѓам јас, кога од Фондот за здравство добива средства некаде од 625 милиони кои што поделени по број на здравствени осигуреници, колку што се во Тетово околу 155 илјади, Фондот за здравство распределува 4032 денари по осигуреник. И се разбира дека тој здравствен центар не може да понуди услуги и се разбира дека не може на Клиниката во Скопје да и плати, доколку пациентот од Тетово патува за Скопје за да се лекува, затоа што Центарот во Тетово нема доволно средства за тоа.

Ова не може да го направи ниту Струга која што добива 3900 денари по глава на осигуреник. Ниту Гостивар што добива 3800 денари за осигуреник. Излезете и реплицирајте ми, кажете ми ги податоците. Ова не може да го направи ниту Кичево што добива 3050 денари по осигуреник. Значи тука е проблемот. Фондот за здравство не ги распределува финансиските средства за општините за рамноперен начин за да може тие ги остваруваат своите активности како што треба. Ова потоа влијае директно и врз долговите каде што државата, всушност Министерството за здравство на стојува да го реши само долгот кој што го имаат здравствените установи помеѓу себе и тој долг доколку се анализираат податоците од Фондот за здравство излегува околу 10 милиони евра, всушност 9 милиони и нешто. И доколку се анализра еден друг извештај кој што покажува дека има шаренило во податоците, а тоа е извештајот на анализата на Фондот за здравство

во 2011 година, таму пишува дека долгот помеѓу здравствените установи до 30.06. бил 2 милијарди и 748 милиони. Меѓутоа податоците од Фондот за здравство кој што се претставени на веб страницата на Фондот, извештајот до ноември 2011 година говори за еден долг од околу 9 милиони евра. Доколку се види овој долг ќе се сфати дека некои клиники имаат големи долгови, на пример, долгот што постои помеѓу институциите во Стоматолошката клиника е 5 милиони денари. Потоа, Онколошката клиника 4 милиони и 900 илјади. Реуматологија 24 милиони денари. Ова се долгови помеѓу клиниките, помеѓу институтите во тие клиники. Потоа долгот на Инфективна клиника 41 милион денари. Долгот на Хируршковаскуларната клиника 49 милиони денари. Потоа, долгот на ортопедската клиника 113 милиони денари. Потоа, долгот на Специјалната гинеколошка и акушерската клиника во Чаир 12 милиони и 500 илјди денари итн.

Доаѓаме до долгот кој што го имаат установите помеѓу себе тоа е 9 милиони и 500 илјади врз основа на извештаите на Фондот за здравство кој што се предвидуваат како обврска кој што ги има јавната установа кон клиниките и ургентните центри. А како долг помеѓу другите клиники до 31.12 имаме околу 4 милиони 440 илјди денари. Има една диспропорција помеѓу долговите што ги имаат овие клиники и побарувњата. Значи нема некоја еднаквост меѓу долгот и побарувањата. Побарувањата се 6 милиони и 100 илјади евра, а обврските или долговите се многу повеќе. Мојата главна поента е зошто Министерството за здравство не предлага во задолжницата да се опфатат и компаниијте. Видете, набавката на здравствените установи, болниците, болничките центри, се прави од разни компании добавувачи, кои до месец ноември имаат долгови, значи кон тие компании имаат долгови здравствените установи и клиниките и тој долг е многу повисок. Во некои извештаи стои 40 милиони евра, во немкои извештаи 22 милиони евра, меѓутоа во ниту еден извештај не е јасно затоа што тоа се крие. Се крие од страна на Фондот за здравство, за тоа колку Фондот за здравство всушност колку здравствените установи во Република Македонија од здравствените центри, од клините, од здравствените домови имаат долг кон нивните партнери кои што се компании добавувачи. Компании кои што се мали и средни и се приватни. И навистина е неправедно да вие го решите проблемот што го имате само меѓу устанвите, а не и кон компаниите. Ова само укажува дека има неуспех во реформите во здравството. Неуспехот се сости во тоа што здравствените домови во реформата на распределбата не успеваат да ги остварат обврските кои што се многу послабо реализирани отколку тогаш кога немавме реформи во клиниките. Кога имавме една клиника каде што заедничките услуги се остваруваа, ги реализира сите инвестиции го немавме овој долг и овој судир помеѓу здравствените установи во Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Шокаровски Харалампие има реплика, повелете.

Харалампие Шкаровски: Благодарам претседателе.

Господине Зеќири мислам искажавте една да не речам небулоза, во однос на финансирањето на здравствените установи. Кажавте дека се во нееднаква положба зарди тоа што по глава на жител, не знам таму наведовте одредени цифри, одредени градови што воопшто не држи. Системот на финансирање на здравствените установи во Република Македонија е според видот и обемот на извршени здравствени услуги. А не според тоа кој колкав здравствен дом, или која јавна здравствена установа е. Затоа не зависат нивните буџети од бројот на население во одредена општина. Така да тоа е весела математика која што воопшто нема никаква основа.

Бидејќи на почетокот кажавте дека сметате дека нема потреба од донесување на вакво законско решение, ќе ви кажам дека со самото тоа што ќе се намалат трошоците на здравствените установи во однос на плаќање на судски такси и други непотребни трошоци итн. Само по тој основ не знам колку ќе се заштеди, бидејќи се работи за вкупниот здравствен денар, не се работи само за поединечна установа која што треба да наплати. Ете, и само тоа да е причината, мислам доволна би била основата за донесување на ваков закон. А доколку и се видат дека долговите, значи внатре во здравствениот систем претставуваат голем дел од вкупниот долг на здрвствените установи, тоа уште една причина плус за донесувањето на едно вакво законско решение. А не како што викате. Мислам и до сега имше законски механизми за наплата на овие долгови. Меѓутоа ова е само олеснување на пеглањето на таквите долгови.

Кажавте дека и вие ја кажавте тезата на СДСМ да приватниот сектор се носел во одредена положба. Не е вистина затоа што до сега јас ви тврдам дека јавните здравствени установи прво ги сервисираат долговите према приватните добавувачи кои што како и досега се регулирарни со договорите за јавни набавки, а потоа на тие што ќе им останат само на оптужените да ги регулираат меѓусебно и меѓу јавните здравствени установи.

Затоа, е тоа е токму потребата од носењето на ова законско решение. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Изет Зеќири има контра реплика, повелете.

Изет Зеќири: Прво колега не сте биле во можност да ме следите што кажав. Не е поо број на население, туку по број на здравствени осигуреници. Ова не е весела математика, ова е тажна математика. Знаете зошто е тажна математика, зошто колега ти од Охрид со 55 илјади, значи број на осигуреници добивате 555

милиони денари во Охрид. Ама чекај, тоа по глава на осигуреник е 9900 денари. А знаеш ли колку добиваме ние во Тетово.

Осигуреник, по осигуреник добиваме 3 илјди, и затоа оваа е тажна математика, а не е весела. Од каде ќе има пари тој потоа да ги серивисира обврските, немам време да ти кажам, секоја институција во Охрид колку должи.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Мазгалоска Вучетиќ Светлана има реплика, повелете.

Светлана Мазгалоска Вучетиќ: Благодарам претседателе.

Почитуван колега Зеќири, слушајќи ја вашата дискусија најпрво ќе се здржам на оној дел кој што рековте дека се прашувате зошто колегите пратеници не сакаат да дискутираат по законите, кои закони се однесуваат на сите нас, бидејќи сите ние сме граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, јас се прашувам нешто друго почитуван колега. Зошто колегите од парламентарното мнозинство кога толу многу имаат да кажат за овој Предлог на закон не се јавуваат за збор, или не се јавуваат за реплика туку се создава една таква, да речам непримерна или една потсмешлива атмосфера во Собранието и тоа по однос на еден ваков сериозен и сензитивен закон. Толку околу тоа почитуван колега.

За тоа што зборувавте за шаренило на податоци, податоци за долгувањата на јавните здравствени установи. Па, почитуван колега не можеме да имаме точни податоци кога имаме огромни долгувања во здравствениот систем и тоа целосно, меѓутоа никој до денеска не кажа колку тие долгувања всушност изнесуваат. Затоа секаде фигурираат различни податоци. Затоа е воведувањето на овој предлог на закон на здравствената задолжница токму во здравството.

Од друга страна денеска се тврди дека со овој Предлог на закон и со воведувањето на здравствената задолжница ќе имаме подобро сервисирање на услугите. Како ќе имаме подобро сервисирање на услугите почитуван колега Зекири кога и сами кажавте дека долговите ЈЗУ сстојат и понатаму, тие не можат да се избришат со гума. И друго, почитуван колега Зеќири, кога и сами кажавте дека долговите на ЈЗУ стојат и понатаму. Тие не можат да се избришат со гума и друго, имаме многу поголеми долгови отколку што имаме побарувања. Не значи дека со тоа што ќе ја воведеме задолжницата и како што некој рече, ќе ја земе во предвид тој што може. Кога се воведува задолжницата таа не треба прво да биде дискрециона во однос само да се однесува на јавните установи, а не и на надворешните добавувачи. Кога нешто веќе воведуваме, тоа треба да биде подеднакво. И затоа одразот на оваа здравствена задолжница во јавноста не е баш позитивен, бидејќи не ги опфаќа сите чинители во здравството. Мора да имаме подеднаков третман на долгувањата или во тој однос на добавувачи и доверители кога станува збор и за надворешните и за внатрешните добавувачи. Меѓутоа, овде имаме како некое повластување на внатрешните добавувачи на јавните установи, а како да ги иземаме надворешните. Меѓутоа, како што некој рече колега Зеќири, фактурите кои што се прават еднаш мора да се платат. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Изет Зеќири, повелете.

Изет Зеќири: Почитувана колешке, вие сте од Струмица. Ако не се лажам во Струмица живеат 54.676 жители. Имате вкупно здравствени осигуреници 83.187. Вие во Здравствен дом добивате 61 милион, Центар за здравје добивате 35 милиони, Општа болница добива 268 милиони, вкупно 365 милиони денари по глава на осигуреник 4.389 денари. Значи, не добивате пари колку што добиваат другите центри. Затоа немате пари, значи вашиот центар нема пари да ги сервизира долговите. Сега преку овој систем да се натера се што ќе се прави во вашиот центар да се потпишува овој документ за наплата.

Трајко Вељаноски: Реплика има господинот Менде Динески, повелете.

Менде Динески: Благодарам претседателе.

Почитуван колега, бидејќи денес ја утврдуваме правата од донесување на ова законско решение, во Предлог законот стои дека ЈЗУ кои се финансираат преку ФЗО во Македонија ќе бидат вклучени во овој систем. Јас отворам една дилема, дали Министерството за здравство, еве и вас сакам да ве прашам, дали Министерството за здравство согласно новиот Закон за здравствена заштита кој го донесовме пред неколку дена или пред една недела, врз основа на субјектите кои вршат здравствена дејност во мрежата, бидејќи со новиот Закон за здравствена заштита веќе ја утврдуваме мрежата која е составена од јавни и приватни здравствени установи кои вршат здравствена дејност врз основа на концесија, во понатамошниот текст концесионери во кои се врши здравствена дејност под еднакви услови кои се вклучени во интегрираниот информатички систем според прописите на евиденцијата од областа на здравството. Дали ваквата здравствена задолжница ќе се однесува на сите субјекти во здравствената мрежа бидејќи тие склчуваат договор со Фондот, е првото прашање за кое би сакал со вас да продискутирам. Кога веќе не сакаа да зборуваа за доверителите, односно за добавувачите и за оние луѓе кои се надворешни, а не се само во тој систем со кој Фондот има склучено договори е едната работа.

И втората работа, бидејќи се обидовте да дадете одредени примери за ЈЗУ кои должат меѓусебно меѓу кои први ги спомнавте ЈЗУ Стоматолошки клинички центар од Скопје. Сакам да ви дадам едно потсетување, во 2006 година за која ВМРО-ДПМНЕ тврди дека била многу лоша таквата јавна здравствена установа имала позитивно салдо од 2 милиони евра за денес да должи некаде според информациите кои ги имаме над 40 милиони денари. И сега сака некој да не убеди дека во однос на реформите се потрошиле сите пари кои

биле на позитива и дополнително создале нови долгови за тоа е некој друг крив или е крив тој што го раководи системот кој го промовира оваа власт.

И уште една работа, поранешиот клинички центар за кој пратениците на ВМРО-ДПМНЕ апсолутно не сака да зборуваат е тоа дека со растурањето на таквиот клинички центар смо по основ на плати и управни одбори за членови итн, на годишно ниво се трошат некаде околу 1,5 милиони евра. Ако реформата била во 2007 година некаде 7,5 - 8 милиони евра само по овој основ се потрошиле. Дали тие пари попаметно ќе се потрошеа во здравството не на плати на двојните менаџери, врзниот потпис, туку на раздолжување на обврските кои ги имале ЈЗУ меѓусебе, концептот е погрешен почитуван колега.

Трајко Вељаноски: Колеги пратеници, пред да му дадам збор на господинот Пачков Јордан да ве информирам, бидејќи секогаш во 14 часот правиме пауза, со оглед на тоа дека има ангажман од 20-тина пратеници кои што се претседатели на комисии во Собранието до 16,30 ќе работиме без пауза, а паузата ќе ја правиме од 16,30 до 17,30 часот. Така е договорено на координација.

Следен за збор е господинот Пачков Јордан, повелете.

Пачков Јордан: Благодарам претседателе.

Почитувани претставници на Министерството за здравство и ФЗО, почитувани колеги, дозволте ми и јас во оваа жешка дебата, ако може така да се каже, да кажам некој збор кој што ќе биде можеби придонес во разјаснувањето на проблемот кој што ние денеска го елабориравме, поточно напаѓаме и браниме. Земајќи во предвид дека многу малку се зборуваше за здравствената задолжница, би се осврнало директно на тематиката која што не окупира денеска. Ќе си го земам дискреционото право да се навратам и на некои тези кои што со сила на мускули, како што ликуваат некои тоа да го кажат, се обидуваме да ги изнесеме пред македонската јавност, пред македонското гледалиште кое што сигурно во фокусот на интересирањето ја става и оваа предлог законска рамка за која што се однесува и е од големо значење токму за нив. Слушнавме дека здравствената задолжница претставува нов експеримент на Владата на Република Македонија, или поточно речено на Министерството за здравство, слушнавме дека таа е авантуристичка, дека таа е контраверзна, дискриминаторска и на крајот на краиштата и дека е трагичен обид на Министерството за здравство да го спаси здравството кое што тоне во Република Македонија. Точно е, тоа се тези кои што ги пласираат оние кои што се во опозиција и кои што тези треба сериозно да се разгледаат, затоа што во своето излагање како такви не смеат да бидат туку така едноставно минимизирани од проста причина, како што реков одговорноста и на позицијата и на опозицијата е да донесува закони кои што ќе бидат токму во интерес на нашите граѓани, односно сите оние осигуреници на здравствената заштита. Но, ако кажеме дека ваков закон, донесувањето на ваквиот закон треба да воведе, или да даде реперкусии во подобрување на финансиската дисциплина, ако ваквото Предлог законско решение ќе доведе допоголема одговорност во работењето на самите ЈЗУ и ако кажеме дека со намалувањето на пристигнатите наплатени обврски ќе се постигне целта и ефектот, треба да додадеме дека со овој Предлог закон се гарантира сигурноста на наплатата на побарувањата. Реков дека ќе зборувам директно за самиот закон и дозволете ми да кажам декларативно, или поточно речено таксативно да ви кажам некои работи, затоа што не сакам да го узурпирам ниту времето, ниту вниманието на сите оние кои што едноставно не ги интересира овој закон, туку едноставно да се обратам и на самата јавност затоа што како што реков, овој закон е од особена важност и ќе се трудам да дадам придонес кон неговото изгласување, дотолку повеќе што доаѓам од здравствената фела. Се предвидува со овој предлог закон на здравствената заштита која што потреба, морате и самите да признаеме иако веќе два месеци дискутираме за состојбите во здравството, наметнато или ненаметнато како тематика на дискусија во овој законодавен дом, туку и на собраниската комисија за здравство каде што морам да признам дека добивме една конструктивна дебата и нејзиниот разултат беше првото читање, поточно речено предлог да се достави на разгледување на пленарна седница во овој законодавен дом.

ЈЗУ кои што сите знаеме дека се финансираат преку ФЗО на Република Македонија и кои платниот промет го вршат преку трезорот на ФЗО на Република Македонија секако дека се соочуваат со многу, или ако можам така пластично да кажам сијасет проблеми за кога е во прашање наплатата особено на интерклиничките услуги. Овој факт се разбира дека беше разгледуван после опсежни анализи, дискусии, разговори со компетентни институции и структури итн, дојде до Предлог закон кој што се наведува дека е особено изразен во комплексот како што реков и споменувам повторно на Клиничкиот центар без да ги иритирам колегите во Клиничкиот центар во Скопје, каде што интерклиничките услуги се големи ставки во буџетот на секоја клиника, сакаме ние тоа да го признаеме или не фактот е таков. Како да се застане на овој проблем кој што можеби може и посериозно да се закани токму врз развојната етапа на реформите на здравството на Република Македонија.

Овој проблем дополнително беше зголемен и со побарувањето кој што ја има јавната установ за заеднички работи на потребите на ЈЗУ, Клинички институти Скопје кон сите клиенти и мислам дека со тоа се кажуваат многу работи кои што не знам кој како ќе прифати и очекувам сигурно дека ќе има реплики токму на ваквата, да не кажам храбра дискусија, но во секој случај едно

становиште кое што сакам да го преточам односно да го искажам пред македонската јавност, се со цел да дадеме, како што реков, целосен придонес во прифаќањето и заживувањето на овој предлог закон.

Здравствената задолжница може да биде издавана максимално само до 30% од реализираниот буџет од претходната година, ако задолжница е долгорочна тогаш може и да биде 10% од реализираниот буџет на претходната година. Што на некој начин се ублажнува оној првиот на нож удар дека со тоа ќе ги обесправиме, поточно речено ќе го уништиме системот на здравствената заштита што го прокламираат токму ЈЗУ односно Клиничкиот центар Скопје. Задолжниците ќе ги издава ФЗО на Македонија, а јавите установи нема да смеат да ја издадат задолжницата без таа да биде потврдена од Фондот. Дондот е медијаторот поточно речено Фондот е субјектот кој што всушност ќе ја надгледува сета оваа работа за да не дојде до некои несакани проблеми и работи како на пример, да ми биде издадена задолжница на оној што долгува или оној што е должен, а нема покритие за својата работа.

Меѓусебните плаќања на ЈЗУ ќе бидат регулирани со здравствена задолжница која што во овој случај ја дебатираме и која што ја налага Министерството за здравство, која ќе стапи на сила, сега не ми земајте за збор, ова лето или есен ќе биде, во секој случај ќе биде гаранција за наплата на побарувањата. Кога велиме гаранција за наплата на побарувањата повторно морам да ги спомнам ЈЗУ кои што верувале или не во големи и некогаш непринципиелни односи беа должници на самите меѓу себе.

Јас за прилог ќе го кажам, на пример, Здравствениот дом како ЈЗУ општина Куманово која што работи, морам да кажам перфектно и да земеме карикирам должничките нејзини побарувања што ги имаше ЈЗУ Општа болница Куманово. Тие средства беа отпишани што значи дека комотното работење на било кој субјект, велам карикирам да не ме вадите од контекст, не сакам да навредувам ниту пак да реплицирам нечии резултати во однос на работењето во здравствената заштита, значи на некој си начин ако некој може да произведува долгови, а да не ги плаќа своите обврски, затоа што Министерството или било која повисока институција едноставно ќе ги избрише тие долгови. Како што реков и во една од репликите, во Клиничкиот центар имаме голем број на такви здравствени јавни установи и истите како такви должат помеѓу себе. Ја земав за пример Трансфузиологија која ги снабдува сите оперативни дејности со крвни деривати и со крв. Во секој случај е потреба. Дали некој на Трансфузиологија му е должен, или дали треба да си ги изврши своите обврски, или ќе чекаме тоа да го направи Министерството за здравство, поточно речено ФЗО на Република Македонија. Еве ја причината зошто здравствената задолжница ќе ја одигра својата улога во начинот на средувањето, или чистењето на правот во своите дворишта, а подоцна да размислуваме како и понатаму ќе постапиме и кон другите субјекти за кои што имаше многу душебрижнички односи од страна на опозицијата. Фондот може да исплати 30% од висината на Буџетот што се исплаќа, тој има право да исплати и помалку доколку овие средства предизвикуваат проблеми во функционирањето на клиниката. Ниту Фондот, ниту Министерството за здравство е свесен дека нема да дозволи доколку една од клиниките не е способна да го исплати тој долг, да се почека да го рестартира итн, туку едноставно да ја укинеме. Тоа можеби некои посакуваат, но тоа нема да се случи. Целта е да се намалат долговите меѓу јавните здравствени установи. Бидејќи времето истекува само ќе ви кажам дека ова мораше да се среди, затоа што досегашните меѓусебни долгови во здравствените установи се повеќе од 30% од вкупниот долг на здравството кое што многумина го знаат. Јас не дојдов до такви податоци и нависитна не знам колку е. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам и јас.

Реплика има господинот Горан Сугаревски, повелете.

Горан Сугаревски: Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, вие вчера не дискутиравте вака. Вие дискутиравте сосема поинаку, обратно за 360 степени. Ги памтам дискусиите од вчера, не заборавивме од пред 15 часа. Во што е контрадикторната теза која ја кажувате. Вчера вие се обидувавте како да ја заштитите Владата, не државата. Некој тука кажа дека Владата ја преставува државата. Државата е малку поширок поим за да го спомнуваме тоа. Меѓутоа, кога ние ви поставивме прашање зошто државата и приватните субјекти како што вели Уставот, прочитајте го членот 55 за слободата на пазарот, за пазарната економија, кој може да го ограничува? Никој, единствено со закон кога станува збор за одбрна на Републиката, зачувување на природата, заштитата на животната средина и здравје на луѓето. Ние ограничуваме со овие два закони правиме ограничување. Зошто ова сега денес што го говоревте не го говоревте и вчера. Тоа не ми е јасно. И цело време барам одговор од пратениците. Вие велите дека опозицијата оди на теза дека било хаос во здравството и колапс. Во оценката на состојбите, сте го читале законот, верувам дека вие читате закони. Секојдневниот проблем за наплата на интерклиничките услуги. Колегата Диневски ви вели, зошто го растуривте Клиничкиот центар. Вие на тоа немате одговор. 1,5 милиони се трошат средства наплати, на овие луѓе кои што земаат паушали од управните одбори, нема одговор. Зошто приватните здравствени установи не бидат во иста консталација со овие другите. Вчера истото го правите со приватните стопански субјекти каде што велите, не, државата е нешто друго, односно во ситуацијава Владата. Повластен третман правите, не знам дали ви е јасно. Вчера правите на Владата спрема приватните стопански субјекти, денеска правите со носењето на овој

закон на овие ЈЗУ во однос на приватните здравствени установи. Не знам како да ви објасниме поинаку. Овде, по мое, јас мислам дека ова треба реално да се преиспита дали имаме кршење на Уставот. Колешката Дулиќ не е тука тоа да го каже, бидејќи вчера и таа проба на одреден начин да ни објасни колку ни е мила државата. Јасно и гласно членот 50, темелна вредност на Уставот е ова, на уставниот поредок на Република Македонија. И сега велите вие, бидејќи се наплаќале обврските спрема приватните здравствени установи, дајте ова да го регулираме. Вие ја одземавте надлежноста на ова Собрание, ја префрливте на Владата надлежноста во делот на растурање на клиничкиот центар. Тоа со закон сега го ефектуиравте пред недела со Законот за здравствена заштита. И затоа јас велам кога гледаме, да гледаме со исти очи, ама вчера и денес.

Јани Макрадули: Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Јордан Пачков, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

На прашањето ќе одговорам со прашање, зошто тогаш има две точки на дневен ред во Собранието, зошто имаме закон за задолжница и посебен закон за здравствена задолжница.

Дали здравствената дејност е нешто посебно, а навистина е посебно како дејност која се разликува од постојниот Предлог закон за задолжница и решавањето на таквите проблеми што се случуваат во здравството, ќе се решаваат односно ќе бидат потпомогнато решени токму со овој Предлог закон за здравствена задолжница. Овде проблемот ниту Владата ниту министерствата ниту Фондот за здравствено осигурување немаат проблеми со приватните партнери. До сега не почувствував некој да направи афера во здравството, затоа што не му е платено за набавка на инсулин да кажеме, интерферон што го спомна колешката Анастасова итн. Напротив, на тендерите се јавуваат огромни фирми и тогаш повторно се јавува шпекулација, тие фирми кои што се блиску до Владата ги добиваат тендерите. Ајде еднаш да расчистиме со тоа. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За реплика се јави пратеникот господин Диневски Менде, повелете.

Менде Диневски: Благодарам.

Владее хаос почитуван колега. Велите дека никој до сега не се пожалил од доверителите дека во јавното здравство се должи, а самиот кажавте дека оваа мерка што се нуди се однесува само на 30% од вкупните долгови што ги имаат јавните здравствени установи. А за останатите 70%? Спрема кого должите? Тоа е првата работа.

Втората работа, ако до сега никој не го покренал јавно прашањето заради притисокот и стравот кој владее, тогаш зошто имаме рефундирање на средства ако се е набавено во јавните здравствени установи и зошто тогаш ги терате пациентите да одат да купуваат приватно, па потоа врз основа на тие сметки да рефундирате финансиски средства, ако се е како што треба во здравството. Значи не е така, самите ги признавате работите.

Со ова законско решение не ги решавате старите проблеми, односно старите обврски. Тие 30% за кои сметате вие, по вашата логика не знам колку се претворени во милиони евра ќе останат, ќе се решавале не знаете кога, дали на пролет, на есен или во лето, ама она што треба да го знаете почитуван колега е тоа дека со ваквиот однос вие ги ставате во повластена позиција јавните здравствени установи наспроти другите добавувачи и со ваквиот начин со давањето на финансиските средства товарот и обврските ќе се зголемуваат, вие тоа го знаете, но вам не ви е битно дали тие 70% ќе се зголемуваат, вам ви е битно тие 30% што се во кругот, во системот да ги зачувате.

И уште една работа, искрено ви благодарам затоа што како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ по не знам кој пат ја потврдивте тезата на СДСМ дека вие не ги вративте парите или не ги расчистивте долговите во јавното здравство за да стартуваат со позитивно салдо на 1.1.2009 година јавните здравствени установи туку едноставно како што кажавте ги отпишавте, односно ги избришавте. Вие дадовте само еден пример што е карактеристичен за Куманово, но јас можам да ви дадам илјадници примери што се карактеристични за Република Македонија. Тоа јасно покажува дека во здравството вие не внесовте пари, туку едноставно ги избришавте долговите. Кажете ми како наново сега создадовте нови долгови и како тие долгови кои се реални, кои не се наследени од 1998, 1996, 2006 година итн, туку се нови од 1.1.2009 година, како ќе ги вратите тие пари. Со вакви законски решенија кои се однесуваат само на 30% од долгот? А за останатите 70% кој ќе страда? Очигледно пациентите и здравствените работници. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Пачков Јордан, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам.

Почитуван колега, ние длабоко сме навлезени во проблемите на здравствената фела, ги знаеме многу добро, но ова како да е второ полувреме, овде ги превртуваме тезите. Во секој случај, вие сте од страна на опозицијата, јас сум од страна на позицијата и секј ги брани своите ставови. Зборувам најсериозно.

Рековте дека не се интересираме за приватниот сектор. Реков и повторувам најмалку поплаки имаме од приватниот сектор, а згора на тоа бидејќи досега приоритетно беше да се наплатува прво на приватниот сектор, а да не се плаќаат интерклиничките задолжувања, оваа задолжница ќе воведе ред и тоа е предлогот. Ако го донесеме законот за задолжница, што вчера помина во прво читање, кој не му дава право на приватниот

сектор да може да потпише задолжница со Фондот за здравствено осигурување, еве, со Клиника која користи такви услуги. Сега го карикирам законот.

Што се однесува до Куманово спомнав, за да не навредам некоја друга ЈЗУ и го земав примерот со Куманово. Затоа ќе ве молам не излегувајте од контекст, ние сме сепак колеги, добро се разбираме и мислам дека ќе ги решаваме овие работи во интерес на оние на кои им е потребно.

Јани Макрадули: Благодарам.

Следен за збор е пратеникот господин Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, кои за жал малку ве има во салата, почитуван заменик министер за здравство,

Моите колеги претходно спомнаа дека денес имаме комплетно спротивна слика или дебата од онаа што беше вчера дебата по законот за задолжница и колегите од ВМРО-ДПМНЕ, кои вчера велеа дека државата е треба да биде дел од системот на задолжница, затоа што таа е сигурна, има чисти биланси, познати и редовно си плаќа за се, за жал, денес тие велат дека кога се работи за здравствената задолжница тогаш таа треба да важи само за јавните здравствени установи, оние државните, но не треба да бидат внесени во системот на здравствената задолжница и приватните компании. Сега колеги од ВМРО-ДПМНЕ, некој ако ја анализира работата на Собранието ќе се прашаат дали вие сте искрени во своите настапи кога зборувате за оваа проблематика. Има проблем државата со плаќањето на обврските кон компаниите или не? Има проблем во наплаќањето и на јавните здравствени установи и меѓу себе и кон приватните компании со кои работи, им доставуваат материјали и вршат работи? Има. Како сега системот на задолжница го направивте само држават ада се заштити и редовно да си ги плаќа обврските, а овде кај здравствената задолжница Фондот да биде контролор на се. Со Законот за здравствена задолжница јасно се кажува дека Фондот е тој што мора да даде согласност за здравствената задолжница и дека реализацијата ќе се врши преку Фондот.

Сега да ве прашам, кога излегува некој од Владата или министерот за здравство и вели кој директор направил криминал, сега на кого ќе покажувате со рака, кој ќе ја сноси одговорноста за долговите во здравството, ако ова профункционира. Кој ќе биде сега одговорен, зошто ќе постојат директори на јавните здравствени установи, ако е Фондот тој што го контролира трезорското работење, еве, ја контролира и задолжницата. Кој ќе биде одговоротен? Или само директорите на јавните здравствени установи ќе ви користат како показна вежба, еве, овие се виновни, а одлуките не ги носат тие за финансиското работење на јавните здравствени установи кога овој закон ќе помине, ги нема, затоа што Фондот ќе му каже.

Да прашам втора работа. кој ќе ми каже што ќе се случи кога јавните здравствени установи меѓу себе повеќе не можат да си издаваат задолжница, ќе го надминат лимитот од 30%, што тогаш? Еве, Општата болница од Велес издала 30% задолжница од својот буџет кон Јавната здравствена установа Радиологија, онкологија или Трансфузиологија, надминува 30%, но пациентите од Велес имаат потреба од дополнителни услуги во клиниките. И тогаш кој ќе ја плати штетата, ако не може понатаму да остваруваат деловни односи. Не може да потпише задолжница. Пациентите пак ќе бидат тие што нема да можат да ги остварат своите права. Тоа не е решено во законот. Не е решено што после исполнувањето на квотата од задолжницата како ќе функционираат јавните здравствени установи.

Трета работа, зошто се дозволува ЈЗУ да издаде задолжница, иако нема покритие на сметката за задолжницата. Во претходниот Закон за задолжница што го разгледувавме јасно стои дека е кривично дело ако едно трговско друштво издаде задолжница без да има пари на сметката. Овде тоа го нема. Еве, заменик министер кажетеми во кој член, јас го читам законот, дали со блокирана сметка, бидејќи тоа не го пишува во Законот, може да издаде задолжница и зошто не предвидовте два типа на задолжница, како што предвидувате кај здравствената задолжница краткорочна и долгорочна. Сега сакате да направите репрограмирање на обврските на јавните здравствени установи и долгорочно наместо за една година долговите да ги трупате, што фактички ќе значи дека вие ќе бегате од одговорноста да го решавате проблемот. Долгорочно овде не пишува до кога ќе биде, во следните фискални години се вели, значи наредни 3, 4, 5 години, а краткорочно само за иста фискална година и замислете нема рок на доспевање на задолжницата. Тоа треба да се одреди или со фиксен датум или за одреден период, меѓутоа, тоа не го давате. Тоа се проблемите со овој закон за здравствената задолжница.

Аргументациите што ги даваат колегите дека ова ќе го реши проблемот со долговите во здравството нема да се случи. Еве, колегата Харалампие вели меѓу јавните здравствени установи, но нема да се случи тоа, затоа што колега Харалампие нема пари, буџетите на било која јавна здравствена установа во Република Македонија или да не претерувам, на 80% од нив не се доволни за нормално работење. Знаете дека намерно трупаат долгови. Кажете ми јавна здравствена установа која не должи, еве го списокот, но нема таква. Зборувам за обврските, точно, не затоа што немаат пари. Еве да видите колку се само обврските спрема добавувачи за лекови и медицински материјали, изнесуваат 62% од вкупните обврски. Значи не плаќате на добавувачите и за материјали и за тековно работење и за медицински потреби, веројатно за тековно работење, комуналии итн. Велешката

болница должи за вода над 3 милиони денари. Не се решава вака прашањето. Може здравствената задолжница вие да ја користите и да кажете еве нешто направивме, меѓутоа, заменик министер, со трезорското работење Фондот ја има истата улога во работењето, зошто сега да издавате задолжница. Претпоставувам тоа се прави со единствена цел само да се покаже дека има иницијатива во здравството. Тоа го зборувавме и претходно кога зборувавме. Не може така, може да ве има не еднаш во денот на телевизија, туку седум пати, но граѓаните не почувствуваат и ако одиме вака нема да почувствуваат подобар квалитет на здравствените услуги.

Реформите што ги правите, иако она што се направи со лековите е единствена добра работа што цените на дел од лековите се намалија, но сите други реформи одат на грбот на пациентите и тоа дополнително ќе се зголемува. Граѓаните ќе плаќаат повеќе, ќе добиваат помалку. За жал, ќе одиме полека полека да воведеме систем како што американскиот, иако велиме дека имаме систем базиран на солидарност, но кој ќе има пари ќе се лечи, кој ќе нема пари за жал ќе биде осуден, како Господ ќе му даде. Тоа се вашите реформи во здравството во овие шест години, не создадовте услови граѓаните да почувствуваат бенефит од реформите. Напротив, самите си правите реформи, потоа си ги поништувате реформите, па велите нови реформи, па и тие ги поништувате, па пак правите нови реформи и притоа замислете нема одговорност. Се менуваат министрите за здравство без притоа некој да одговара за погрешните проценки и прашањето на парите. Така, и ова законско решение за здравствената задолжница доколку не се прошири опфатот на субјектите да бидат вклучени и трговските друштва и сите други правни субјекти кои соработуваат со јавните здравствени установи за жал нема да ги даде очекуваните резултати. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За реплика се јави заменик министерот за здравство, повелете.

Јовица Андовски: Благодарам.

Сакам да му реплицирам на одредени тези на почитуваниот пратеник, што беа искажани и се повторуваат за одредени работи повеќе почитувани пратеници.

Прво, велите дека го уништуваме приватниот сектор, дека треба да биде опфатен и приватниот сектор со задолжницата. Вие сте економист, одговорете ми, ја спомнавте Велешката болница, и велите доколку има потреба, на радиологија треба да плати одредена сума на пари, а одредени пациенти одат од други градови во Велешката болница па доколку земе одредена задолжница од друга јавна здравствена установа, таа ќе има плус пари, ќе си ги наплати парите и со тоа ќе може понатаму побрзо и поредовно да си ги исплаќа своите обврски кон приватните добавувачи. Со оваа наплата не е како што велите вие дека се во предност јавните здравствени установи, туку напротив со ова ќе добијат плус пари здравствените установи за да можат да ги исплатат и редовно да ги сервисираат обврските и спрема приватните добавувачи.

Цело време го спомнувате Клиничкиот центар. Како прво, Законот се однесува на сите јавните здравствени установи, значи здравствени установи и здравствени работници и соработници има и во Битола, Прилеп, Велес, Свети Николе итн, и меѓу овие јавни здравствени установи има одредени услуги што си ги прават еден со друг и меѓу себе треба да си ги плаќаат средствата, заради тоа што начинот на плаќање и финансирање не е како во поранешниот систем, Фондот да им плаќа за плати и материјални трошоци. Сега Фондот си плаќа за извршени услуги, значи за вид и обем на услуги. Доколку одредена установа има одреден вид и обем на услуги планирано и го оствари, Фондот е должен тоа да го плати. Истиот пример ќе го кажам со Велешката болница што ја спомнувате, доколку има одреден пациент и лежи во Велешката болница, за да се утврдат одредени анализи треба од микробиолошкта лабораторија од Центарот за јавно здравје на пример да побара одредени анализи. За овие анализи Фондот плаќа за извршени услуги на болницата и болницата е должна дел од тие пари да ги префрли на Центарот за јавно здравје, а со тоа Центарот за јавно здравје ќе има плус пари за да може да набави реагенси и да почне во реално време со исплата на обврските спрема приватните добавувачи. Со ова решение, кое е доброволно и само еден дополнителен механизам и не е задолжително за сите јавни здравствени установи ќе се подобри плаќањето и кон приватните добавувачи. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Господине заменик министер теоретски убаво звучи, како велеше една песна, ама малку поинаку е во пракса, така?

Самите долгови меѓу јавните здравствени установи заклучно со 31.12.2011 година изнесуваат 331 милион денари или 5 милиони евра. Тоа е долгот. Само долгот кон приватните компании изнесува 1.767.000.000 денари, значи повеќе од 25 милиони евра. Сега вие велите за овие што им должите 25 милиони евра не важи, за овие меѓу себе си должат 5 милиони евра важи. Еве за Велешката болница, обврските на Велешката болница кон другите јавни здравствени установи изнесуваат 7.421.000 денари, буџетот е 23-24 милиони. Во овој момент надминува 30% од задолжницата. Како ќе функционира понатаму? Ако вака терате, убава работа.

Јани Макрадули: Благодарам господине Николов.

Следен за реплика е пратеникот господин Јордан Пачков, повелете.

Јордан Пачков: Благодарам потпретседателе.

Колега, вие рековте дека од претходно даденото светло на Законот за задолжница, што е општа ако може така да се каже и важи за сот коминтенти рековте до колку не се изврши тоа следува и кривично дело, како обврска или како казна ако не се почитува законот доследно.

Овде задолжниците ги издава Фондот за здравствено осигурување, кога зборуваме за здравствената задолжница. А јавните установи не смеат да издадат задолжница без да биде одобрена од Фондот за здравствено осигурување. значи, се враќаме пак на Фондот за здравствено осигурување. Ако тој има пари да излезе во пресрет и на поверителот му ги исплатаи должничко доверителските побарувања од дожникот, во секој случај сме задоволни. Важно, парите ќе стигнат на вистинската адреса што се користат.

Втора забелешка на што реплицирам, нема да важи ретроактивно, тоа знаете, а задолжниците, меѓусебните долгови помеѓу клиниките, ќе се бара друго решение. Не значи дека со тао се завршува работа. ова е на соброволна база. Тие можат да паднат во многу искушенија, многу јавните здравствени установи како што кажа заманик министерот за здравство итн. паралелно со задолжниците ќе се работи и на намалување на цените што една на друга ги нудат јавните здравствени установи. Тоа дава надеж дека ќе се средуваат работите и таму каде што до сега ова не функционираше.

Мислам дека ќе го прифатите, ќе гласате за ова законско решение. Знам дека ќе доставите амандман. Ќе ги разгледаме и се што е во интерес на здравството и здраљвствената фела ќе го подржиме. Благодарам .

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика е јавен пратеникот господин Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Колега Пачков,

Вие за жал во континуитет потврдувае закони со кои што одговорните во државните институции не понесуваат одговорност.

Пред два дена зборувавме за ОХИС, за ЕМО и за Тутунски комбинат за загуби од 30 милиони евра, гласањето го одложивме додека не се продаде ОХИС и ќе го аминувате тоа трошење од 30 милиони евра. сега кај јавните здравствени установи ќе дозволите некој да прави долгови а при тоа да не одговара и да идава задолжница иако на сметката нема пари, затоа што так пишуав во Законот. А, кај другата задолжница, што ќе се применува меѓу трговските друштва, ако некој издаде задолжница без да има пари на сметката е кривично дело.

Сега каков е тој пазарен однос кон проблемите ако сакате и уставен однос за еднаквост на граѓаните и институциите пред законот. Го нарушуваме и тоа ние, во Собранието, кои се заколнавме даке ќе го браниме Уставот и законите.

Јани Макрадули: Благодарам господине Николов.

Следен за реплика е пратеникот господин Харалампие Шокаровски, повелете.

Харалампие Шокаровски: Благодарам потпретседателе.

Колега Марјанчо, мислам дека во сите ваши дискусии дебатата за обврските и за долговите сакате тука да внесете магла во целата таа работа.

Обврските се тековни, на сите јавните здравствени установи и тие произлегуваат од тековното работење. И од договорите што ги имаат согласно договорите за јавни набавки што ги спроведуваат за извршените услуги итн. додека долговите се долгови.

Ако е така како што Вие велите, тогаш кажете која јавна здравствена установа од кој приватен добавувач, ако велите дека не ги седвисираат долговите што е блокирана. Една кажете во моментов во Република Македонија што е блокирана од некоја веледрогерија итн. значи нема такви.

Обврските се редовно сервисирани од сите јавни здравствени установи. Ако не е така тогаш би биле блокирани.

Во однос на фактиот дека овој закон, кој се однесува исклучиво на јавните здравствени установи и тоа што вршат специфична дејност, па и меѓусебните побарувања с специфични. Тие некогаш си должат за одредени здравствени услуги. На пример пациентот е примен во една здравствена установа, се врши ренген снимање во друга здравствена установа што таа го фактурира од Фондот за здравствено осигурување. Потоа фактурирањето за лекување на болниот е во претходната здравствена установа. За да се регулираат токму ваквите специфични побварувања на јавните здравствени установи се воведува здравствена задолжница и нема никаква паралела помеѓу здравствената задолжница и општата задолжница што ја дискутиравте вчера. Иако името им е исто, здравствената задолжница нема никаква врска со општата. Ви благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам и јас.

За контра реплика е пратеникот господин Марјанчо Николов, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам потпретседателе.

Марјанчо Николов: Колега Шокаровски, јас ви спомнав за примерот на велешката болница, еве должни за вода мислам дека повеќе од 3 милиони евра. Можеби прееска згрешив во однос на буџетот на болницата дека е над 200 милиони, меѓутоа должи. Ама јавна здравствена установа да ја блокирате или сега да дојде јавното комунално претпријатие да ја исклучи водата, штетата ја плаќаат пациентите. Ама вие тоа го толерирате, ставивте еден менаџер, ставивте

втор менаџер и велевте ова ќе ги реши проблемите во здравството. Не ги реши. Воведовте трезорско работење и тоа еве не го решава работењето на јавните здравствени установи.

Сега велите и здравствена задолжница, ама ајде да видиме и тоа нема да го реши проблемот. И што правиме после, ќе ги каќуваме цените на услугите на пациентите , ќе го зголемуваме цените за крвни анализи, ќе ги зголемуваме цените за боледување да остварат бремените жени, ќе го намалуваме процентот на боледување. Е така не се решаваат проблемите.

Јани Макрадули: Благодарам господине Николов.

Следен за збор е пратеникот господин Ивон Величковски, повелете.

Ивон Величковски: Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги,

Веднаш да најавам во старт, како и за вчерашното законско решение, не можам да потврдам и немам практично право во рамки на таа консекветност да одам на подршка на предложеното законско решение денес.

Затоа што во основа, концептот на задолжниците и вчера и денес, покажува дека всушност доаѓаме во ситуација во која Владата во однос на јавното здравство признава дека се исцрпени финансиските средства и дека нема начин како да овозможи да се подмируваат навремено дури и обврските меѓу јавните здравствени установи.

Ќе потсетам дека на овој начин, со парцијално решение, пристапувате кон обид за одложување на обврските кои што овој пат се настанати меѓу самите чинители во јавното здравство, меѓу јавните здравствени установи. Наспроти тоа ќе ве потсетам дека во текот на вчерашниот ден сосема спротивно на ова предложено денешно решение, во задолжницата која претходните дискутанти односно репликанти тврдеа дека не е меѓусебн и потврдена, решивте да ги ограничите правото на задолжување во однос, односно побарувањата на приватните субјекти кон државните, односно кон јавните.

Со денешното законско решение пристапувате обратно. Денешната задолжница, како документ, практично го елиминира уредувањето на обврските помеѓу јавните и приватните здравствени установи, а ќе ве потсетам дека до колку имавте таква желба, трезорското работење беше сосема доволна основа за регулирање на оваа материја.

Зборувате дека здравствената задолжница е доброволна. Штом е така, хипотетички може да претпоставиме дека здравствената задолжница нема да ја употреби ниту една јавна здравствена установа. Тоа го признавате на начинот на кој што зборувате. Тогаш зошто го носиме овој закон? Белки немате намера да предложите закон што нема никаква цел да се најде во правниот промет и во нашиот систем? Не и вас ви е тоа јасно дека има содржина, има потреба на овој начин преку здравствен задолжници кои го поделувате во два вида краткорочни и долгорочни, планирате да го направите суштинскиот репрограм на долговите на јавното здравство во однос на обврските создадени со слабиот менаџмент или со недоволно програмираните средства од државниот буџет во работата на јавните здравствени установи. Тоа, во однос на доброволната фраза што ја користите во образложувањето на овој закон, се надевам дека ќе се обидете да демантирате,бидејќи ќе ве потсетам дека во моментов имате намалени обврски кон приватните добавувачи по основ на набавки што јавните здравствени установи ги вршат на тендери на кои што највисоко е бодирањето за добавувачите кои ќе овозможет најдолг рок на плаќање.

На тој начин, практично се обидувате низ законот за здравствена задолжница да го симнете веќе нараснатиот товар врз јавните здравствени установи што, ве потсетувам а вие тоа добро го знаете, дека немаат обврска само да ги подмируваат трошоците кон нивните добавувачи, туку го имаат и прашањето на надоместокот за вработените во своите установи, за тековното одржување итн. И, јасно е дека во овие услови сте принудени и да ги одложувате овие плаќања, што е неопходно да се наплаќаат, а истовремено со покачување на цената на некои услуги, јасно ви е веќе дека не можете да го браните концептот поради вачите погрешни политики, концептот бесплатно здравство или да речеме барем општо достапно здравство. Ќе се согласам со сите дека бесплатно здравство нема. Здравството мора да се плати како такво, во услови на растечка возрасна поулација во Република Македонија.

Во услови на се послаба исхрана на нашите граѓани, што е резултат на нашата социјална состојба, проиозведува се поголем притисок врз јавното здравство, бидејќи граѓаниоте на Република Македонија,веќе од сите генерации, се принудени да пристапуваат кон усклугите на јавното здравство, но тоа е одделна тема.

На оваој начин, и затао немам намера да го подржам ова законско решение, на овој начин вие, како и вчера, планирате да воведете административна мерка што треба сосема да ги елиминира облигционите обврски што секој правен субјект, па и јавната здравствена установа ги склучувајќо договор. Вие, при парцелизирањето на јавната здравствена установа Клинички центар одевтена тоа дека ќе го поефтините и забрзате процесот на меѓусебни шплаќања меѓу овие клиники во Клиничкиот центар во Скопје.Денеска со здравствената задолжница веќе покажувате дека тоа не е точно.

НАТАМУ, со овоај закон само го заокружувает процесот на адаптација на тековните состојбикон склабата финансиска копндиција на Фондот за здравствено осигурување. И денеска трет пат ми потврдувате идна теза тоа е дека без реформа на Фондот за здравствено осигурување нема начин да постигнеме квалитетно и јавно здравство во Република Македонија.

Имено, до колку Фондот за здравствено осигурување беше во кондиција да ги овозможува средствата потребни на јавните здравствени установи вие денеска немашед стоите овде и да браните решение што практично само одлага максимум 180 дена. Или во случајов, бидејќи предлагатае и втора варијанта 360 и повеќе денови, ги одложувате обврските што неминовно ќе ви дојдат, обврски што имате можнопст да ги признаете но не салкате. Затао што секој апогрешна инвестиција во здравството во изминатите 6 години, денеска доаѓа. Фактурата еден ен господине заменик министер мора да се плати. Затоа морате да ги изберете вистинскиот концепт, а не да бегате и вие тој концепт се обидувате да ги подриете и со Законот за здравствена заштита и Законот за здравствени осигурување и денеска со финишрањето на овој проект, со Законот за здравствена задолжница. На оваа мерка се спротивствувам бидејќи вие денеска зборувате за враќање на Заводот за платен промет, ама сега слободно можете да ги крстите здравствен завод за платен промет кој треба да изиграва да ја има улогата Фондот за здравствено осигурување. Тој се однесува на напластените обврски на јавните здравствени установи колку и тоа да не сакате да ги признаете. И од тие причини ќе напоменам дека вие правите упад и повторно ги сегрегирате приватните здравствени установи, бидејќи до колку сакавте сеопфатно решение кое ќе ги надминеше овие состојби вие освен јавните здравствени установи овде ќе ги внесевте и приватните. И ќе ве потсетам уште една работа. кажете ми колку приватни здравствени установи вршат услуги што ги покрива Фондот за здравствено осигурување. Зошто не се одлучевте на прашањето на употребата на здравствената задолжница во однос на обврските кои ги покриваат и ги пружаат приватните здравствени установи, особено во терцијарното здравство во однос на услуги што Фондот за здравствено осигурување ги покрив од истите средства. Немате намера да ослободите притосок врз приватниот сектор. Напротив имате само намера да создадете алиби како јавното здравство д го одржите во оваа минимална кондиција пред тоа сосема да колабира.

Јас сум должен на овој начин да укажам дека како и со вчерашното законско решение во кое парцијални ги уредувавте должничко доверителски односи меѓу приватните фирми, ама не дозволивте Владата тука да влезе и да каже добро, што јас должам еве ќе издадам задолжница да ви вратам парите. Сега избравте друго, бидејќи знаете дека должите и бидејќи знаете дека не можете да ги компензирате тие средства и кон приватните субјекти и надвор од системот на јавните здравствени установи, вие сега решивте, ние што си должиме меѓу себе ќе си го затвориме, а приватниците нивен проблем, нека тужат, за нив ќе важат облигационите односи, за нив ќе важи потребата низ да одат за да ги подмират своите трошоци односно д ги добијат парите за трошоци што реално ги направиле, за нив ќе важат сите отежнувачки околности, тендери што ќе траат 180 дена во кои предноста е рокот на плаќање да биде најмалку 180 дена или половина година. И сега ќе ве запрашам како одговорни луѓе и вас од Владата и вас од мнозинството. Почитувани вие би сакале некој вас да ви должи по пола година, по една година и да гледате дека на страна од тоа што вас ви го должат, некој доста добро си ги врши плаќањата на минимум, ама онака како што му одговара. Да беа ваши парите тоа нема да го дозволите. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Следен за збор е госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

Цветанка Иванова: Благодарам почитуван господине потпретседателе.

Почитувани пратеници, пред многу години кога јас студирав право и бидејќи студирав во еден поинаков систем основна дефиниција на тоа што е правен пропис или право беше следна: правото е волја на владеачката класа, значи на парламентарно мнозинство сега, која што е издигнато на ниво на пропис. Се разликуваме ли сега ние во Република Македонија после 20 години независна Македонија, после 20 години Македонија која што гради пазарна економија, Македонија која што гради граѓанско општество каде што на прво место се основните човекови слободи и права, Македонија која што има Устав кој што гарантира еднакви можности, еднакво важање на законите на сите правни субјекти на сите граѓани вклутелно и на државата да ли можеме да заклучиме дека оваа дефиниција, со што се дефринира поимот што е тоа правен пропис не важи и денеска за Република Македонија? За жал, да.

Со овие два закони што денеска и вчера ги донесуваме за задолжница, потврдуваме многу работи. Со овие два закони вчера парламентарно мнозинство се обидуваше тук и таму со половични аргументи да ги брани, се потврдува сосема спротивното.

Верувајте вчера сакав да и реплицирам, бидејќи не успеав да се јавам за збор на мојата колешка Благородна Дулиќ, жалам што вчера се откажа по Законот за задолжница, затоа што точно овој закон е предмет на оцена на Законодавно правната комисија и дали навистина овие два закони ги исполнуваат условите што се утврдени или темелните вредности и уставни решенија по однос на оваа проблематика. Меѓутоа, ниту денеска ниту денеска можев тоа да го направам, а ќе оставам ова прашање да го толкуваме на Законодавно-правна комисија во второто читање. Според мене овие два закони од политичка гледна точка порачуваат следно на граѓаните на Република Македонија. Политиките кои што изминативе години, читај сега во областа на здравството ги води навистина се пред крах. Фондот за здравствено осигурување што опозицијата го тврди веќе години наназад со овој

закон признава дека е навистина празен. Навистина државата со овие два закони им порачува на граѓаните, ама баш воопшто не сум заинтересирана за вашите интереси, туку сакам јас да си ги обезбедам моите интереси. Ова не е принцип на градење на граѓанско општество, ова е принцип на градење на етатизам. На државен интервенционизам. Овие се дискриминаторски два закони и сосема спротивни и на Уставот, ама спротивни се и на Деловникот за работа на Собранието. Верувајте, пракса стана во Собранието да се донесуваат закони, а воопшто основните показатели пратениците да ги немаат.

Јани Макрадули: Ќе ве замолам, колеги и колешки пратеници да го слушнеме дискутантот кој во моментот дискутира, доколку имате нешто да разговарате, ќе ве замолам да бидете или потифки или . . . . навистина да овозможиме услови за распава. Повелете.

Цветанка Иванова: Бидејќи навистина не сум познавач од областа на здравството, меѓутоа јас ги чувствувам состојбите на здравството како раѓани, како пациент на сопствен грб и навистина не треба многу човек да е експерт па да заклучи некои работи.

Меѓу тоа, јас сега се одлучив да дискутирам за овој закон од правен аспект.

Прво, овие два закони, бидејќи вчера не дискутирав а практично се слични закони, не ги исполнуваат условите кои што се предвидени со Деловникот за работа на ова Собрание или ги нема податоците кои што треба да ги содржи еден закон за да влезе во собраниска процедура.

Во оценка на состојбите во областа која што треба да се уреди нема, нема ниту еден податок кој што може да не воведе во оваа материја, да имам основни елементарни показатели за оценка на состојбата. Првото прашање се поставува зошто се донесува овој закон. За да се подобри ликвидноста, за да се подобри плаќањето. Ама, помеѓу кого? Само помеѓу јавните здравствени институции? Само за нив е државата заинтересирана? Дискрециono право е ова на државата да ги дели, да ги дискриминира субјектите. Значи, немам основни податоци. Ништо, со три реда. Цели, начела и основни решенија воопшто немам ниту во вчерашниот закон ниту во овој закон.

Со овој закон се воведува нов инструмент за обезбедување на плаќање и за наплата. Морате вие да дадете зошто државата се одлучила на еден ваков показате. Секако ќе кажете заради состојбата што ја имаме и компаративните искуства, меѓутоа, да видиме дали тоа ќе го реши нашиот проблем. И оцена на финансиските средства и последици.

Сто пати од моите колеги овде е побарано да видиме показател, бројка колку е тој долг кој што овие јавни здравствени установи го имаат помеѓу себе. Ништо. Криете како змија нога. Зошто Собранието, зошто пратениците да го немаат овој податок за да можат навистина со сопствени глави да размислат и да кажат да, ова е вистинското решение и треба да го донесеме, без разлика дали е позиција или опозиција.

Околу уставноста на овој закон јас сум убедена дека овој закон е спротивен на уставот. Исто така и оној вчера што го донесоа. Еве ќе ви кажам зошто. Темелна вредност според Уставот е владеењето на правото. Тоа значи сите правни прописи, без исклукчок ќе важат подеднакво за сите, а тоа значи и за државата, затоа што никаде нема ограничување тој пропис да важи за граѓаните, за правните субјекти кои што работат приватно, а за државата поинаку.

Понатаму, слободата на пазарот и претприемаштвото, повеќе за вчерашниот закон, но и тука затоа што не можете вие да ги ставате во поповолна положба побарувњата на државата во однос на останатите побарувања.

Мислам дека за ова треба многу добро да се размисли и да не ви го цитирам членот 55 кој што беше разработен за вчерашниот закон, но и тука.

Сега да се осврнам малку на аргументите кои што пратениците од парламентарното мнозинство се јавија за да го одбранат овој закон.

Првиот дека ќе се подобри ликвидноста. Како ќе ја подобрите ликвидноста и плаќњето помеѓу јавните здравствени организации, ако овој закон важи за новите побарувања од 1.06.2012 година. Што со старите побарувња? Колкави се овие побарувња? Дали тие побарувња нема да тежат и понатаму ќе се рефлектираат на ликвидноста. Како ќе ги расчистите тие побарувња. Велат дека ќе се избегнеле судските постапки, меѓутоа погледнете го членот 11 каде што со задолжницата може да се наплати само доспеан долг, но не и каматата. Веднаш отпаѓа тезата дека ако го наплатите само главниот долг, а не каматата, за каматата ќе следува повторно судски спор, или поинакво право или права и обврски ќе важат помеѓу јавните здравствени организации отколку оние кои што важат за стопанските субјекти.

Јани Макрадули: Господине Џеват Адеми, ве молам,согласно Деловникот имам право господине Џеват Адеми да ве опоменам. Во континуитет 10 минути не дозволувате да се обрати госпоѓа Иванова. Ќе ве молам.

Цветанка Иванова: Благодарам претседателе.

Јас убедена сум дека не е намерно тоа, затоа што навистина со колегата Џеват Адеми имаме добри односи, значи, како ќе ги задолжи ако е доброволна задолжницата. Како ќе ги задолжи Јавните здравствени установи да ја користат, да мора да ја користат? Ако не мора тогаш не можете да ја подобрите ликвидноста. Основна цел, единствена причина заради која што се донесува овој закон е подобрување на ликвидноста. Вие можете господине заменик министер колку сакате да кревата раце, меѓутоа едно е науката за здравство, од областа на здравство, ама правната наука е сосема друго.

Плус тоа, ако се додаде она што како аргумент мојот колега Марјанчо го истакна, имам

забележано во мојата дикусија да го кажам, како тоа вие обезбедивте навистина загарантирана наплата ако во моментот на издавање на задолжницата се исполнети условите, а во моментот кога треба да се реализира нема пари на жиросметката, а сето ова треба да се реализира од жиро сметката. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам колешке Иванова.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Предлогот на законот за здавствена задолжница прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за здравство и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за гласаа 63, нема воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 44 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија - прво читање.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања, како матично работно тело и Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по општата расправа.

Ги молам пратениците и предлагачот кои сакаат да говорат во општата расправа за предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор заменик министерот за економија госпоѓа Катерина Костевска, повелете.

Катерина Коставеска: Благодарм потпретседателе.

Целта на измените на Предлогот на законот за изменувње и дополнуање на Законот за промоција и поддршка на агенцијата за туризам во Република Македонија е со цел да се овозможи уште основната цел на Агенцијата заради која што се формираше да биде подобро спроведувана, во функција на заедничка промоција на Република Македонија, како и поддршка и обединување на туристичкиот сектор во Република Македонија. Секако и зголемено учество на приватниот сектор во носењето и идлучувањето, донесувањето одлуки и подготвувањето на квалитетни програми за созадавање на една подобра, потранспарентна политика во областа на туризмот, како и во областа на промоција на туристичкиот производ кој што го има Република Македонија и давање на предлози како подобро би се подобрил амбиентот за поуспешно одвивање на вкупните туристички активности.

Со измените и дополнувањата на овој закон конкретно ќе се постигне поголемо учество на приватниот сектор во одлучувањето на Агенцијата а тоа ќе се постигне со редефинирање на Управниот одбор односно со додавање на едно дополнително место во Управиот одбор на туристичкото стопанство.

Со оизмените се предлага два члена во Управниот одбор да бидат од редот на туристичкото стопанство односно претставници од туристичките комори кои што ќе функционираат на принципот на ротирање.

Во другиот дел измените и дополнувањата се однесуваат на поголемото учество на приватниот сектор и сите чинители во областа на туризмот во делот на директното инволвирање и донесување на годишната програма за работа на самата агенција која што треба да биде поставена на реални основи. Реалните основи и потерби најдиректно и најдобро би се добиле од приватниот сектор односно од луѓето кои секојдневно и најдиректно се инволвирани во областа на туризмиот.

Од тие причини се предлага и се воведува една нова институција во форма на едно советодавно тело кое што ќе брои 15 членови од редот на истакнати познавачи на туризмот, научници, лица кои што навистина се во оваа проблематика, во угостителското, во хотелиерството и кои што на доброволна база, без плаќање на соодветен надомест, а секако во нивен интерес ќе креираат политика во промоција, правење на туристички производ како и ќе можат да остваруваат контакти со останатите чинители во соседните земји и пошироко и ќе можат да разменат соодветни искуства и знаења.

Покрај основните надлежности дел од измените се однесуваат и во додавање на нови надлежности на Агенцијата меѓу кои поважни би биле префрлање на судбвенционирањето на странскиот организиран турстички промет во Агенцијата од Министерството за економија, потоа комплетирање на целокупната инфраструктуа на македонските туристички центри и креирање на конкретна понуда од културно забавниот живот, превозот, патните ознаки и тн.

Би кажала дека туризмот е една многу комплексна и значајна проблематика, значајна гранка која што индиректвно врзува околу 70 други услужни дејности и од тие причини како една значајна гранка во креирање на значајна улога во економскиот развој, во привлекувањето на нови инвесетиции, во креирањето на нови работни места, во промовирањето на културните вредности и природните богатства на Република Македонија, Владата на Република Македонија

донесе и стратегија за развој на туризмот со конкретни мерки и конкретен акционен план преку развивање на пет туристички класери кои понатаму би имале приоритети, секако се друго, но ова би имало приоритети каде што Република Македонија во иднина би можела најсоодветно и да се развива.

Добро е, кажав дека туризмот е специфичен сам по себе бидејќи навистина треба да се вклучат многу институции, не само органите на државната управа, задолжително мора да се вклучат и единиците на локалните самоуправи. Токму тоа го потенцираа и експертите, светската туристичка организација која што исто така ја одобри стратегијата. Значи, сите треба да придонесат и на национално и на локално ниво за да може Република Македонија прво да направи свој бренд, свој туристички производ кој што ќе го понуди. Тоа е планирано низ пет различни кластери да се понуди туристички производ по кој што Република Македонија би била препознатлива како во регионот така и во светот, пошироко.

Секако дека Македонија има многу предности за развој на туризмот. Бидејќи е земја која што е една нова дестинација, прилично нова со добро зачувано културно и природно наследство, кога зборувам нова, зборувам за помалку позната. Во регионот е позната, но за голем број на земји од Европа и пошироко е сеуште земја која што нуди можности за алтернативен туризам, нуди длабока историја, нуди различно културно наследство. Се наоѓаме на крстосница на Античкиот, Римскиот, Словенскиот и на Отоманскиот свет нудејќи една можност за едне кус културен диверзитет кој што претставува една значајна вредност и предност во услови кога Македонија треба да се претстави надвор ширум светот. Но, секако ќе кажам дека покрај предностите кои што ги има Република Македонија, природната положба која што ја има, секако дека има, и одредени недостатоци кои што мора интензивно да работи за да се надминат. Изминатите 15 години во туризмот е многу малку вложувано, многу малку правено. Сепак тоа не значи дека не треба да се работи. Треба и те како да се работи во многу сегменти. Не може да се развива туризам без да имате добра инфраструктура. Значи, треба да се работи на инфраструктурата, на патиштата кои што главните, регионалните патишта, магистралните патишта кои што водат до туристичките капацитети.

Потоа да се работи на патната сигнализација и на туристичката инфраструктура, патните обележја, туристичките знаци. Сето тоа Министерството за економија во изминатиот период го работи и еве, минатата година поставивме 150 патни туристички знаци на магистралните патишта 220, на локалните патишта, на влезовите во Република Македонија, но и тоа не е доволно. Треба постојано да се работи и треба да се работи од сите чинители, не само на национално ниво, туку најмногу заинтересирани треба да бидат и локалните самоуправи, бидејќи голем е процентот од туристичката такса, од секој турист, од ноќевањата на туристите кои што се префрла и е приход во Буџетот на локалните самоуправи. Интересот на сите ни е заеднички. Навистина имаме потенцијали и навистина Република Македонија може да се развива во една добра насока. Придонесот на патувањата и туризмот во бруто домашниот производ се очекува да се зголеми од 6,2% во 2010 година, тоа се некаде околу 401,6 милиони евра во следните години до 2020 да биде 7,5% од БДП, се очекува да се зголеми вработеноста, да се креираат нови работни места од постоечките 33 илјади работни места кои што ги вработува овој сектор на 42 илјади и повеќе. Значи, она што се очекува е дека реалниот пораст на БДП, на економијата на патувања и туризмот се очекува да расте со забрзани стапки над 5% во годините кои што следат и тоа е и така предвидено со оваа стратегија. За да сето тоа успее навистина треба една широка подршка од сите, за зголемување на свесноста на сите граѓани во одржување и зачувување на културното наследство, во одржување на хигиената на објектите, на локалните патишта, инфраструктура, на магистралните патишта, градење на нови капацитети каде што попатни одморалишта на кои што туристите би можеле да застанат, да се одморат, да преноќат. Една од најзначајните работи која што беше направена и како мерка во услови на рецесија беше упатството за субвенционирање на организирање на туристички промет кое што навистина придонесе во Република Македонија да се зголеми и процентот на ноќевање на странските туристи. Имено, 2011 година во Министерството за економија пристигнаа околу 300 барања од Тур оператори, дел од домашни, но поголемиот дел од странски Тур оператори. Од нив 230 беа позитивно решени и вредноста на сите овие барања, значи, тоа се групи на туристи кои што се носени со чартер летови, или со автобуски превоз, железнички, значи е голема некаде 850 илјади евра и тој износ е како една субвенција согласно ова упатство која што е доделена во 2011 година во функција на подршка и развој на туризмот. Со помош на ова упатство и со помош на Агенцијата за туризам Министерството за економија нашите промотори кои што успеаа и работеа и во областа на туризмот кои што успеаа да донесат и да воспостават контакти со најголемите Тур оператори од Холандија, како што се Трансавија, Корендон, Каратанова, Турс од Русија, од Финска 10 чартер летови пристигнаа, потоа од Кина дојдоа 20 тур оператори, новинари и туристи, од Турција, Јапонија. Значи, навистина туроператорите помогнаа, Полска, Чешка, Австрија во овој период голем дел од чинителите во областа на туризмот Тур операторите од овие држави, новинари и туристи секако да ја запознаат Република Македонија и убавините кои што истата ги нуди. Затоа ова упатство ќе продолжи и овие субвенционирања ќе продолжат од страна на Владата, со тоа што во следната година ќе биде надлежна Агенцијата за промоција

и подршка на туризмот, таа ќе ги доделува, ќе продолжи Комитетот за туризам кој што го води претседателот на Владата на кој што се разгледуваат значајни прашања кои што ќе ја подобрат целокупната слика и во одредени интервенции ќе дадат можности реално да се направи нешто во областа на туризмот, бидејќи навистина се решаваат покрај акциониот план кој што се разгледува има навистина крупни работи кои што во Република Македонија никогаш до сега не биле расправани и отворени како прашања. На пример, една од нив е воведување на туристичката сателитска сметка каде што на едно место би било систем на прибирани податоци од областа на туризмот, брендирање на туризмот. Ние веќе тоа го имаме, но да продолжи и понатаму да се доусоврши, односи со медиуми, тур операторите во светот. Се разбира, поделени се надлежностите и на национално ниво по институции и на локални самоуправи кои што треба да бидат и те како подршка во спроведување на овој акционен план. Без локалните самоуправи државата не може да направи ништо. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

Реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

Лилјана Поповска: Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувана госпоѓо заменик министер, почитувани колеги.

Јас жалам, во моментот кога беше пријавувањето не бев внатре, па не успеав да се пријавам, но ќе ја искористам формата на реплика да одговорам. Се разбира се согласувам со констатациите кои што ги кажавте. Очекувањата од туризмот се навистина големи и шансите за користење на туризмот за економски развој на Македонија се навистина реални и големи. Минатата година имаше 25% пораст на странски туристи од прилика 33% пораст на странски ноќевања итн. Така што тоа се веќе сериозни двоцифрени бројки кои што покажуваат дека сериозното вложување во туризмот веќе дава резултати и тао велам, сериозното вложување пред се мислејќи на тоа што имаме сериозна намера. И први почетни одредени средства се дадоа за формирање на Агенција за промоција на туризмот и за промоција на земјата на разни други начини преку разни владини институции. Инаку, она што треба за промоција на туризмот, за сериозна промоција споредена со други држави, се разбира, многу, многу повеќе пари. Македонија е реалтивно скромна на тој план, но дури и со овие реалтивно скромни пари се направени многу сериозни и забележителни напредоци.

Инаку, она што е значајни за овој закон за измени на Законот за агенција за промоција и подршка на туризмот е тоа што сериозно се внесува туристичкиот еснаф во него и што добива своја улога преку управниот одбор на Агенцијата и преку советодавниот одбор, со тоа што сериозно сите одлуки на тоа како ќе се врши промоцијата, каде ќе се врши, приоритетите итн, ќе одлучува и на официјален начин еснафот. До сега тоа беше една неформална комуникација, комуникација на добра волја, меѓутоа сега и официјално туристичкиот еснаф станува партнер на државата. Јас сум лично многу задоволен бидејќи уште пред 5,5 години речиси 6 години имав предложено измени на закони за туристичката дејност и формирање туристичка организација. Така што агенцијата е една форма на тоа, не е токму тоа што тогаш било замислено. Но, верувам дека низ вакво работење и вакво делување со јакнење на капацитетот на агенцијата ќе дојдеме и до една таква национална туристичка агенција. Инаку она што ни треба за туризмот, ни треба јакнење на инфраструктурата, многу поголема едукација посебно за значењето на алтернативниот и еко туризам, кредити и грантови затоа што малите бизниси неизоставно бараат тоа и користење на европските фондови. За таа цел само би предложила една работа да помислиме за формирање на гарантен фонд кој што ќе биде подршка на разни вложувања во ИПА и други проекти од европски фондови како што има во некои други земји. Се разбира има уште многу што да се кажува, но сега за сега толку. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

Следен за збор е претникот Миле Андонов, повелете.

Миле Андонов: Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана заменик министер по економија,

Не знам од каде да почнам, дали од образложението кое го имате дадено до нас пратениците или до ова денес вие што го говорете пред нас пратениците и пред јавноста, меѓутоа секако ниту со она, ниту со ова што го кажавте не не убедивте дека со оние промени кај Агенцијата за подршка и промоција на туризмот ќе се подобрат работите во туризмот во Република Македонија, не за оваа 2011 година, затоа што е испуштена, ќе ви кажам и зошто сметаме дека е испуштена, туку и за наредните години. Значи, многу години поминаа со тешки милијарди евра во Буџетот на Република Македонија и не се најде за сходно да се оделат соодветни и конкретни средства за туризмот како би се тој подржал и развил на ниво како го имаат државите кои се во нашето опкружување или поточно кажано да се мериме со оние држави кои произлегуваа од екс југословенските простори.

Почитувана заменик министерке, вие самата во образложението или вие самите во образложението велите дека се воочени одредени слабости во работењето на Агенцијата за подршка и промоција на туризмот односно станува збор за не координираност помеѓу Агенцијата за подршка и промоција на туризмот и приватниот сектрот, до слаба инволвираност на Агенцијата во делот на привлекувањето на инвестиции и подобрување на целокупната инфраструктура, дисконуитет во вршењето на дејност на туризмот, опаѓање на конкурентноста

во секторот туризам, нестабилност во стапката на вработеноста и постојан ризик од влошување на квалитет и услуги во овој дел. Сето ова вие го имате напишано овде во образложението, не вие, министерот за економија, вие сте му заменик, вие сте Влада. Ова од Владата до нас е дојдено. Конкретно во делот дали има оцена за финансиски последици по предлог на законот врз Буџетот и другите јавни финансиски средства, вие давате одговор. Овој Предлог закон нема финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и врз други финансиски средства. Како вие ќе нудите измени без пари, како вие сметате дека можете да го подигнете туризмот ако не инволвирате, ако не внесете капитал во развојот на туризмот и за развојот на туризмот во Република Македонија. Само на книга, на папир, од кажување добри мисли и добри зборови? Не. Така секако дека нема да го направите туризмот онаков каков што вие сега пред малку говоревте дека треба да биде и очекувате дека ќе биде токму преку ваквите измени во Агенцијата за подршка и промоција на туризмот.

Сега конкретно за самиот закон, јас би кажал дека го оделив на неколку сегменти, значи од географски аспект правите само промена на седиштето од Струга во Скопје. Од технички аспект додавате нов принцип покрај четирите уште еден, пет, одржливост. Ништо не значи. Се прошируваат надлежностите без суштински промени, односно онаму каде што рековте до сега делеше Министерството за економија субвенции за организирани странски посети, сега тоа ќе го врши од оваа година оваа Агенцијата за подршка и промоција на туризмот. Нема некоја суштинска промена, дали тие исти средства како и во 2011 ќе бидат и во 2012 поделени од Министерството за економија или од оваа Агенција, не. Персоналните измени кои ги правите навидум сакате да внесете некоја свежина и во Управниот одбор и во оној совет од 15 члена. Јас би рекол да, добро е тоа. Еве, од Управниот одбор го исфрлате претставникот од Министеството за транспорт и врски кој не знам зошто беше ставен и што правеше овде, појачувате со еден од Комората на туристичките работници, од туристичката фела. И во овој петнаесетчлен совет таму најповеќе влегуваат претставници од туристичката фела, од здруженија, асоцијации, комори итн. Меѓуоа, овој Совет од 15 члена ќе работи волонтерски, еднаш на три месеци. Внимавајте, ќе работи после 3 месеци од донесувањето на овој закон, можеби и 4. А тоа е средината на ударната сезона летна 2012 во Република Македонија. Што значи дека како што реков на почетокот, и оваа година е промашена од аспект на оваа измена која ја давате. Сега за подоцнежните нејзини ефикасности ќе видиме како без пари овие луѓе ќе доаѓаат и ќе го даваат својот придонес и својата работа во работењето во Агенцијата за подршка и промоција на туризмот и во развојот на туризмот. Сега мене ми дојде една многу битна работа за која вие не се осврнавте, ние малку подискутиравме и на самата Комисија околу членот 4 каде што во членот 6 став 2 по алинеа 1 се додава нова алинеа 2 која гласи: сопственик приходи. Значи, до сега Агенцијата се финансираше од Буџетот на Република Македонија врз основа на Програмата која ќе ја подготвеше и која ќе ја одобреше Владата од донации и сега вметнувате други извори согласно законот. Сега ова е ново. Ние не добивме одговор, ќе бараме можеби и со амандман во второто читање да ни образложите кој ќе биде оптоварен во Република Македонија за да го полни, односно од каде ќе извираат тие средства за да се финансира оваа Агенција и колку планирате да бидат тие средства и што се ќе придонесе за позитивен развој на туризмот од тие средства. Инаку, за волја на вистината морам овдеи да ве демантирам за една многу значајна работа која вие еве сега пред малку произнесовте дека во Буџетот на Република Македонија односно во БДП во 2011 година биле остварени околу 400 милиони евра средства од работата на туризмот, од туристичката активност, од туристичката дејност за 2011 година. На самата Комисија беше присутен државниот секретер во Економија, тој кажа дека од податоците на Народна банка тој износ е некаде над 250 милиони евра. Ние не му веруваме ни нему, ни вас, затоа што овие 400 милиони евра се повеќе од скоро 7% од БДП, а вие велите 6. Меѓуоа, јас ќе ви предочам еден листинг, една паралела, податоци кои ги објави Светскиот совет за туризам и патување на неговата веб-страна ќе ги погледнете. Таму стои сека Република Македонија одвај остварила приход од туризмот, вкупен приход од туризмот во 2011 година од 99,2 милиони евра, или тоа е некаде 1,3% учество во БДП. И замислете, тоа за мене е алармно и тоа за мене е поразителна бројка кога ќе ја споредиме со Република Србија и Република Босна, две екс југословенски републики кои исто така немаат излез на море, Србија има 520 милиони евра по основ на овој Совет за туризам и патување, а БиХ имаат 2,5 пати, некаде околу 273 милиони евра приход за 2011 година. Тоа кажува дека Република Македонија не е на последно место во Европа, можеби и во светот по остварениот приход од туризам. Туризмот не треба да се гледа само преку призмата на пишуваните закони, а пишуваните проекти, програми и желби која оваа Влада ја има, туку со конкретни мерки. Ако Република Македонија сите овие години практикува да субвенционира во земјоделието кое не што го подржуваме, меѓутоа кое нешто наиде на поразителни резултати во земјоделието некаде над стотици милини евра на годишно ниво, зошто барем една десетина Владата не се дрзне и не одели десетици милиони евра годишно за развој на туризмот на Република Македонија и на тој начин конкретно, со конкретни мерки и проекти да придонесе до развојот на туризмот.

Самата рековте над 30 илјади луѓе во Република Македонија се вработени во овој сектор. Над 70

други дејности опскрбуваат и работат околу тирустичките претпријатија. Зарем не ви е на вас битно колку вкупен приход односно учество во бруто домашниот приход производ во Република Македонија ќе внесува една ваква туристичка активност, една вакво стопанска дејност како што е туризмот и зошто конкретно не одделите толку средства. Вие ги зголемувате средствата во Агенцијата за шест пати, меѓутоа како што рековте само ги претумбувате оние 850 илјади евра кои досега ги делеше Министерството за економија, а сега ќе ги дели оваа Агенција за субвенционирање на организираните туристички промети. Верувајте единствената формула е 80% од туризмот треба да го полни туристичката каса домашните туристи, а 20% треба да ги полнат странските. Тогаш ќе се говори за успешност во туризмот, а кај нас вие секако ја поставувате обратната теза. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За реплика се јави заменикот министерот за економија госпоѓа Костеска, повелете.

Катерина Костеска: Благодарам.

Би сакала да реплицирам на почитуваниот пратеник во неколку сегменти.

Имено би се осврнала на делот на фискалните импликации на Предлог измените на законот. Да, Владата на Република Македонија Предлог на Министерството достави таков текст во Собранието и нема ќе повторам нема фискални импликации на Предлог измените на законот ќе кажам и зошто. Бидејќи бројот на членови на Управниот одбор не се менува значи овде се бараат фискални импликации само на одредбите кои што се менуваат дали предизвикуваат дополнителни фискални импликации не, бидејќи бројот на членови на Управен одбор останува ист не се менува, само се врши промена на еден член на Управен одбор како што и вие самите кажавте од каде доаѓа, наместо од транспорт и врски доаѓа сега од туристичката фела од стопанството. Значи нема фискални импликации и нема фискални импликации во делот на другите членови кои што се менуваат тоа е Советот, формирање на Советот бидејќи и самите кажавате дека ќе работи на волонтерска основа. Останатите членови се во делот на проширување на надлежноста на Агенцијата а не зборуваме тука за програмски активности. Субвенционирањето е дел од програмските активности кое што во следниот буџет ќе се утврди дали ќе биде 800 илјади евра 850 илјади евра како што беше оваа година изминатата или ќе биде нешто повеќе.

Би сакала да се осврнам и на она што кажавте дека јас изнесов невистините бројки околу придонесот на туризмот во БДП. Јас ќе кажам дека тие бројки јас не ги измислив тоа од официјален документ, тоа е Националната стратегија за развој на туризмот изработена од Светска банка, од меѓународни консултанти и дадена поддршка односно позитивно мислење од најзначајната меѓународна институција во областа на туризмот а тоа е Светската туристичка организација.

Почитуван пратеник, токму овие бројки ќе ги повторам значи во 2010 година придонесот на патувањата и туризмот во бруто домашниот производ се 401,6 милиони евра точно 6,2% и се очекува до 2020 година да достигнат 945,4 милиони евра. Кажав дека туризмот не се мери во статистика, да статистика е дел од туризмот но самиот туризам опфаќа уште околу 70-тина други услужни дејности кои што директно ги сервисираат чинителите на туризмот. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Андонов Миле, повелете.

Миле Андонов: Благодарам.

Да, комплексна е проблематиката со туризмот и почитувана заменик министер не знам како да ве демантирам пред 15 дена овие бројки беа 250 милиони евра на кои секако не им веруваме. Сега за 15 дена вие ни ги презентирате дека се 400 милиони евра. Ајде нека бидат и толку. Ние навиваме да бидат толку ама не се. Нема ни 100 милиони евра остварен приход во бруто домашниот производ во Република Македонија од туризмот.

И околу финансиските импликации, дај Боже сега со овој зкаон да имавте поддршка и од Владата и од Министерството за финансии рековте дека додатни 10 милиони евра ќе имате во Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот само за развој на туризмот во оваа 2012 година па преку субвенции ќе ги пласирате во туристичките стопански организации односно во реалниот сектор во туризмот. Меѓутоа вака без пари како сметате да го развието туризмот во Република Македонија и какви резултати, за жал поразителни ќе бидат уште полоши во однос на претходната година.

Јани Макрадули: Благодарам.

За реплика се јави пратеник госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

Лилјана Поповска: Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван господине министре, почитувани колеги,

Почитуван колега сакам за две работи да дебатирам со вас а за некои да се согласам. Не е испуштена 2012 година дефинитивно. Како индикатор се и резултатите од првите два месеца кои што покажуваат околу 20% пораст на број на туристи и тоа првите оваа година кои што се максимално непопуларни и обични мртви месеци јануари и февруари. Така што и самото тоа е индикатор дека оној позитивен замаец што тргнал од минативе години продолжува и дека во континуитет организираната промоција дава резултати. Инаку Македонија е присутна на сите саеми во моментов има начелни договори, некои и дефинитивно склучени за оваа година за сите поголеми туристички места и што е уште

поинтересно, склучени договори за услуги во алтернативниот туризам. Се разбира, бум преку ноќ не се прави, меѓутоа, годинава нема да биде испуштена, во тоа сум сигурна.

И уште нешто почитуван колега, ние бевме заедно на Комисијата за економија, можеби сте заборавиле, тогаш добивте објаснување од државниот секретар што значеше тоа дека Агенцијата ќе се финансира и од сопствени приходи, се мисли на продажба на пропагандни материјали кои Агенцијата ги прави. Дел од пропагандните материјали ќе се делат бесплатно, а дел ќе можат и да се продаваат, како што тоа го прават некои други институции, како музеи или други институции на кои не им првична дејност профитна, но кои можат да остваруваат и сопствени приходи. Инаку, со ова апсолутно се согласувам дека за туризмот се потребни повеќе средства и дека ова се релативно скромни средства со кои работи Агенцијата и дека измени бес пари нема, но субвенциите продолжуваат и во овие тешки економски времиња и тоа е добра основа да веруваме дека ќе дадат резултати. Според мое лично мислење, Агенцијата како што си го носи името Агенција за поддршка и промоција на туризмот да ги има и средствата за поддршка, дури тогаш ќе може да даде целокупна услуга. Инаку, оние слабости што се спомнати, тоа се слабости на туристичкиот сектор кај нас, има уште многу други за кои и јас и вие сигурно би се согласиле, значи на страницата што е отворена ќе треба уште многу да работиме. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Андонов Миле, повелете.

Миле Андонов: Благодарам.

Да, колешке Лиле Поповска, ние дебатиравме на Комисијата околу самофинансирањето на оваа Агенција и изразивме негодување, конкретно тоа ќе го повториме и ставот на нашата пратеничка група е дека ќе бидеме резервирани во однос на овој закон, од причина што не се даваат конкретни измени кои ќе влијаат врз развојот на туризмот во Република Македонија. Оваа Агенција со ова самофинансирање ќе ја претвориме во трговско друштво. Можеме да и го тргнеме вниманието на онаа суштина која треба да ја врши со сопствената дејност. Никаде во светот, барем не кај сериозните туристички земји и онаму каде што државата дава поттик и поддршка не се делат туристичките пропагандни материјали за пари, секаде е бесплатно и ќе навлеземе во една криза, во едни други води, во едни други времиња кои ќе ја отргнат смислата на оваа Агенција.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Милорад Додевски, повелете.

Милорад Додевски: Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитуван министер, почитуван колега Андонов, имавме можност да дискутираме на оваа тема на седницата на Комисијата за економија и тогаш изнесовте некои работи со кои во целина не се согласувам.

Вие спомнавте дека 2012 година е испуштена година. Би сакал да прашам врз основа на што констатиравте дека оваа година е испуштена. Во јануари 2012 година бројот на туристите е 33.748, бројот на ноќевања е 71.043. Растот во однос на јануари 2012 година е 20,1%, за бројот на туристи, а бројот на ноќевања е зголемен за 22,4% во однос на истиот период минатата година. Бројот на странските туристи е зголемен за 27,3%. На аеродромите во земјава во јануари се преземени 23,5% повеќе патници од истиот период минатата година. ова се бројки, ова е статистика која покажува дека оваа година е успешна, има успешен старт и дека ќе продолжи понатаму. На тој начин ова се бројки кои доаѓаат од официјалната статистика. Ве молам да дискутираме повеќе врз основа на фактите што ги имаме а помалку за она што ќе биде или како било.

Исто така, би сакал малку да се осврнам на самите измени и дополнувања на овој закон. Целта е да се постигне поголемо учество на приватниот сектор во одлучувањето на Агенцијата и тоа со дополнително место во Управниот одбор на Агенцијата од туристичкото стопанство, со директно инволвирање во донесувањето на Годишната програма за работа на самата Агенција, која ќе биде реална за приватниот сектор и тоа со воведување нова институција во форма на советодавно тело кое потенцирам дека ќе работи на доброволна база. Исто така е во нивен интерес да креираат политика во промоцијата, во правењето на туристичкиот производ, како и во контактите со своите партнери. Се работи за зголемување на бројот на туристите во Република Македонија, а со тоа и зголемување на приходот во Буџетот на Република Македонија од туризмот. Благодарам.

Јани Макрадули: Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот господин Андонов Миле, повелете.

Миле Андонов: Благодарам.

Колега Милорад Додевски, дај Боже да е така, и ние сакаме туризмот во Република Македонија да биде на повисоки гранки, меѓутоа, сакате да дискутираме за бројките и фактите. Бројките и фактите се дека се поразителни резултатите во туризмот, Македонија е на последно место на Балканот во однос на остварувањата во туризмот, на последно место во Европа. Дали тоа не е факт? Е факт. Барем од вас очекував да ми одговорите на прашањето околу самофинансирањето на оваа Агенција. Кажете ми пример. Еве, вие доаѓате од дијаспората, од Австралија, таму туристичкиот пропаганден материјал, туристите кои влегуваат во Австралија, а Австралија е една од најпосетените земји туристички во светот, се продаваат за пари или се делат бесплатно материјалите. Кажете ми го тоа, па тоа искуство да го преточиме овде и од огромниот буџет од кој се фрлаат средства за

споменици и бетон на еден квадратен километар во Скопје, да се одделат конкретни средства токму за промоција, пропагандата и развојот на туризмот.

Јани Макрадули: Благодарам.

Следен за збор е господинот Велјаноски Митре, повелете.

Митре Велјаноски: Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитуван министер, почитувани пратеници,

Жалам што заменичката министер замина, бидејќи така милозвучно 15 минути ни зборуваше, искрено да ви кажам иако со ништо од тоа не се согласив, но убаво звучеше, ако ништо друго барем да се слушне некаде колку ни е убаво во туризмот во Република Македонија. Тие тези се обиде да ги поткрепи почитуваната пратеничка Лилјана Поповска, натаму тие тези да ги засили со нови проценки и бројки и почитуваниот пратеник од дијаспората и сето во духот на една руска народна поговорка која вели кокошката го фали петелот, затоа што петелот ја фали кокошката и така се врти во круг.

Почитувани пратеници, немам намера да спорам дали се 100 милиони евра приход, дали се 250, дали се 400. Јас имам обврска, задача да ја пренесам реалната состојба и она што го кажуваат охриѓани. Не навлегувам како е во Гостивар, како е во Скопје, како е во Делчево, колку туризам има и што има.

Покатата од охриѓани е дека години наназад во Охрид нема туризам и не може да се живее од туризам. Може како кој сака да излегува со бајки, со бројки, со цифри. Охриѓани порачуваат дека во Охрид нама туризам. Ако некаде на друго место има туризам што јас не го знам, тогаш ги прифаќам сите аргументи и сите бројки.

Да видиме сега што ни нуди предлагачот Министерството за економија, во основните цели кои се наведени во Предлог законот основна тенденција е, иако заменичката министер тоа ни го објаснуваше 15 минути, со еден збор кажано намерата на предлагачот е да го покрене развојот на туризмот во Република Македонија. Предлагам за измени на Законот за Агенцијата за промоција на туризмот во осум членови. На првиот член ќе се навратам на крајот, но вториот член е препишан од основниот закон. Таму има 17 таксативно наброени надлежности на Агенцијата, овде има 18, една плус и таа е онаа најнесреќната и најпроблематичната, а тоа е спроведување постапка за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет во Република Македонија. Зошто е најтрагичната и најпоразителната? Затоа што поверувавме дека во Буџетот на Република Македонија за 2012 година Владата го отворила кесето и предвидела за Агенцијата 1 милион евра, за да слушнеме сега со овој Предлог дека тука се и субвенциите и останува повторно за Агенцијата онолку колку што беа и во 2011 година, 150 илјади евра. Народот вели колку пари, толку музика. Што ќе направи со 150 илјади евра Агенцијата за сите овие измени што предлагачот со основна цел развој на туризмот во Република Македонија. Член 2 го завршивме, кажавме во што се тие преродбенски големи реформаторски измени.

Натаму, член 5, Управниот одбор, и досега беа 7 членови и отсега ќе бидат 7 членови, има една измена. Еден член што досега го предлагаше министерот за транспорт и врски сега ќе го предлага Стопанската комора, наместо досегашните еден, стопанските комори ќе имаат по систем на ротација, како што ни објаснуваше убаво заменичката министер, ќе има двајца. Колку таа промена ќе влијае на подигнувањето на квалитетот и развојот на туризмот во Република Македонија сите можеме да заклучиме.

Понатаму има една измена, почитуваниот пратеник Миле Андонов ја кажа, Агенцијата покрај тоа што ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија, треба да се финансира и од сопствени приходи.

Има уште една измена, таксативно се наведува зборот одржливост покрај постојните 4 принципи на работење на Агенцијата и доаѓаме до единствена измена со воведување нови членови 17а, 17б и 17в. Сета реформаторска измена од која се очекува подигнување на квалитетот на туризмот во Република Македонија е формирање на тоа советодавно тело од 15 членови. Тука нема политизација, нема партизација, тука и од Универзитетот преставник, тука има и од туристичките здруженија, тука е така како што треба да биде. Но за жал, тука е така затоа што тука не се плаќа. тоа е на волонтерска основа и овој совет знам, тие луѓе стручњаци со етнузијазам три пати ќе одржат состанок, четвртиот пат ќе се сведат на пеачко друштво затоа што нивните стручни предлози ама буквално никој нема да ги земе во предвид. Тоа почитуван министер од кој толку многу очекувања кажа заменичката министерка.

Тие два последните се технички преодни одредби кога во рок од 3 месеци треба Управниот одбор да се конституира и последниот член 8 е кога стапува во сила овој закон. Тоа е се што е околу законот.

Почитувани пратеници, туризам во Република Македонија, туристички светски центар градот Охрид со вакви администативни правно формални измени, само со ваква пропаганда никогаш нема да се стане. Ако не почнеме од суштината, од базата, а тоа се сообраќајните врски на Охрид со светот, кој не бил од Гостивар до Охрид, нека помине. Ако има проблеми си камчиња во бубрезите може и многу делотворно да делува, до Охрид гарантирам дека ќе ги исфрли сите, дупка до дупка, закрпа до закрпа.

Сега кога ќе се разбуди вегетацијата министерот за транспорт и врски заедно со министерот за економија слободно нека распишат награден конкурс за секој оној што ќе успее да најде еден сообраќаен знак. Така беше сите години наназад. Без автопатското решение кое го ветивте пред 6 години од Гостивар до Охрид и од Битола до

Охрид, Охрид не може ниту еден исчекор во туризмот да направи. Без подршка, без субвенции во воздушниот сообраќај во Република Македонија нема и национален авиопревозник. Не може да очекува подобри денови Охрид како туристички центар. Воденият сообраќај е хаос.

Не сакам да се потсетувам на сите тие трагедии, сите тие несреќи што се случија не беа доволно предупредувачки да се превземат мерки да се регулираат хаосот. Во сезона таму има преку 3000 пловни објекти. Секој вози, секој вози, секој тера по свое. Што треба да се случи за државата преземе мерки да се средат овие работи. луѓето од струката со кои разговарав цели фермани, се одржуваат и трибини, препораки во власта, што се треба да се направи за да се направи еден исчекор од мртвата точка. Не се преземе, напротив како некој да тргнал против Охрид.

Она што се планира со Плаошник, стручната јавност ја замолува власта, да ги преиспита дали земањето на душата на Свети Климентовиот Охрид на Плаошник, со градење на 23 објекти таму, дали Охрид ќе добие на туристичката карта или ќе изгуби. Нови градби можат на секоја ливада да се направат. Но гробот на Свети Климент не може на друго место да биде. Не може Свети Пантелемон да биде на друго место. Тоа се пораките од стручната јавност. Најголемите авторитети во археологијата, почнувајќи од Димчев Коцо, почнувајќи од Маленко и сите останати, туку ги почнувале нивните научни истраќувања, на Плаошник. Тука е Свети Климентивиот дух и тука ако се чепне, кој ќе посака да го види Охрид? Се однесуваме како тие што го бомбардираа Дубровник, па кажаа ќе го изградиме постар и поубав.

Јани Макрадули: Благодарам господине Велјаноски.

Сакам да ве уверам дека заменикот министер од оправдани причини мораше да замине и другите колешки и колеги пратеници. Чувствувам потреба тоа да го кажам.

Следен за збор е господинот Стојко Пауновски, повелете.

Стојко Пауновски: Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Денес разговараме за Агенција која што веќе постои и само накратко ќе ви прочитам што е тоа што овој Предлог закон вршиме измени и зошто правиме измени.

Во оценатa на состојбата на законот кој што треба да ги уреди овие области стои: „Во текот на примената на законот воочени се одредени недостатоци кои ја неметнаа потребата од донесување нови измени на постоечкиот закон. Станува збор за некоординираност меѓу Агенцијата за промоција и подршка на туризмот и приватниот сектор, слаба инволвираност на Агенцијата во дел од привлекување инвестиции и подобрување на целокупната инфраструктура неопходно за развој на туризмот во Република Македонија, дисконтонуитет во вршење на дејноста туризам, опаѓање на конкуретноста во секторот туризам, нестабилност на стапката на вработеност во овој сектор..“ итн.

Е ова ќе го прифатевме меѓутоа да разговаравме за некој нова Влада која што сега дошла на власт и која што нешто сака да промени, сака да измени со цел да ги зголемиме придобивките од туризмот. За жал, ние имаме Влада која што 6 години е на власт и дури сега се сетиле и воочиле сите овие аномалии. А овде заменик министерката цело време ни кажуваше како од бајки, како да се наоѓа не некој предизборен митинг и она што редовно го слушеме од партијата на власт ќе биде, ќе направиме, ќе сториме.

Слушнавме дека имало зголемување на користењето на капацитетите, зголемен број на туристи и ред други работи кои што нормално го зголемуваат приливот во буџетот. Ама дали сте договорени од друга страна, министерот за финансии кажува дека заради зимата и студот кој што беа во претходниве месеци, ние ќе правиме ребаланс затоа што нема ни доволни приходи и мораме да кратиме на расходите. Или нешто не е во ред со нас или пак нешто не е во ред со оние резултати, оние статистички податоци кои што ги добиваме.

Сигурно дека умешно знаете да ветувате, умешно знаете да изведете заклучоци од она што ни е дадено како предлог на закон вие овде пред јавноста ќе дадете дојам дека ние од опозицијата не сакаме да прифатиме нешто што е во интерес на граѓаните, а тоа е дека сакате да го развивате туризмот. 6 години од сите овие работи што го споменавме во она што значи оценка на состојбите во областа која што треба да ја уреди оваа Агенција вие мислите дека со она што направивте измена дека уште два члена од реалниот сектор, од туризмот ќе ставите плус уште два члена во тој Управен одбор и дека ќе ставите уште една точка од членот 4 за сопствени приходи и сме ја решиле и Агенцијата веќе сите овие аномалии кои што беа до сега, од сега натаму тие аномалии ќе ги нема.

Забораваме дека, а и самата заменик минстер кажа дека туризмот бара учество на сите други сегменит во државата. Дури во туризмот можеби треба да го менуваме и нашиот менталитет што го имаме.

Видете дали, кога ќе влезе било кој турист во Македонија, дали сме му обезбедиле, од влезот од границата, кога ќе види во кој држава влегува, па до одредиштето каде што треба да се стигне, дали имаме обезбедено соодветни услови? Дали кога ќе стигне во тие одредишта имаме категоризирани хотели и хотелски сместувања и услуга какв а што доликува за развој на туризмот?

Ајде да не зборуваме за странските туристи, да зборуваме за домашните, па и тие треба да излезат од сопствениот стан и по патиштата на

Република Македонија да излезат и ги посетат сите овие туристички места.

Она што правиме со овие измени, само кажуваме на ајвноста дека, седете мирно, уживајте ние нешто работиме, нешто ќе сработиме, вие само чекајте, ќе доаѓаат пари од туризмот.

Почитувани колеги, на сите треба да ни биде јасно дека без засукување на ракавите и без работа буквалнмо нема ништо. Без да инвестираме во инфраструктура што самите го кажувате по овоај предлог на закон воопшто нема да добиеме ништо од туризмот.

Џабе се статистичките податоци што ги добиваме дека се зголемиле туристите, дека се зголемиле капацитетите на ноќевања и оние други придружни статистички податоци што ги добиваме. Дај Боже оние туриссти кои еднаш ќе дојдат во Македонија да дојдат повторно. Ама кога ќе видат каде дошле, сигурно дека она што ќе го пренесат на оние кои потоа ќе доаѓаат нама да остават добар впечаток. Само еден пример. Одете на Попова Шапка сега, откако се дигна снегот, не можат со камиони да годигнат сметот што излезе на виделина. Таква ни е и цела држава. Да не кажуваме по какви патишта се оди нагоре.

Зборуваме за бански лечилишта, зборуваме за туристички атракции, а патот за Дебар што ја има бањата Косоврасти каде што има течение на рака Радика што воопшто не е загадена и е природен локалитет што можер да се искористи, ние немаме соодветни патишта.

Немаме ниту патокази, она што го спомна колегата Митре за од Гостивар до Охрид, па нема сообраќајни знаци ни од Тетово до Гостивар кога ќе стигнеш а не камо ли до Охрид. И кој е тој оној прва пат кој доаѓа во Македонија, на влезот кога ќе влезе во Македонија до о

Охрид, по какви патишта ќе оди, по какви сообраќајни знаци и каде тој ќе може да одседне и да му се пружат соодветни угостителни услуги. Мислите ли дека само со она што го направивте, а тоа ви е единствента побуда декља ги намаливте туристичките такси, од 18 нљ 5%, дај Боже уште многу работи да направиме за да нешто добиеме од туризмот. Ама со ваквио предлог законско решение, со вакви состојби на оценките, би можеле да се пофалат само луѓер коио ќе дојдат и ќе бидат нова власт.

Оваа власр 6 години аконе презела ништо за туризмот, верувајте и ова што го први сег се само ветувања и работи што не се ни за на хартија, а не камо ли да се предлагаат како предлог законски решенија. Се спомна дека оние кои ќе бидат во Управниот одбор нема да биле платени и како ќе работеле. Ама затоа проверете ги законското решение за Агенцијата. Членовите од 1 до 4 има што е тоа Агенцијата и со што бави. Од членовите 8-22 се кажува каков ќе биде директорот, кои се ноговите права, какви че бидат правата на вработените, какви ќе бидат ингеренциите во таа агенција. Ние станавме рекордери во формирање агенции во Република Македонија.

Тоа што го спомна заменик министерката дека клучно прашање во локалните самоуправи, па дајте од овие пари, наместо да се инвестира, помогнете им на локалните самоуправи. Секоја локална самоуправа да има одделение за туризам. Нека тоа одделение се помага директно од буџетот за да се развие туризмот. Видете дека со мали средства во локалните самуправа ќе добиете поголем ефект, а ќе добијат и граѓаните на таа локална самоуправа бидејќи самите ќе увидат дека нешто во државата оди на добро, нешто се менува и дека со тие работи ќе почувствуват благодет сите оние кои ќе се занимаваат со туризам.

Само на хартија имаме дека го развиваме селскиот туризам. Само на хартија имаме дека го развиваме зимскиот туризам и само на хартија имаме дека го развиваме односно дека имаме вакви и толкави годишни приходи од она што се нарекува летен туризам.

Ако едната сезона ни пречи студот, другата сигурно ќе ни пречи жештината, а сигурно знаеме дека ако биде топло летото и летниот туризам ќе донесе добри приходи. На крајот да се фалиме со 90, па нека се и 120 милиони, другите држави околу нас со туризмот имаат и по 4-5, а некои и по 40 пати поголем приход од туризмот во нивниот бруто домашниот производ.

Точно, ќе речете немаме море. Ама немаат ни други држави околу нас, па имаат и те како развиен туризам и те како добри приходи. Предлагам ова законско решение, што е само едно ветување дека нешто од Министерството за економија работат или сакаат да работат во областа на туризмот и нешто да постигнат со тоа што дале како предлог законско решение. Ама воопшто, верувајте не се помага на туризмот се додека имаме ваква сообраќајна инфраструктура, се додека имаме вакви категоризирани хотели и се додека имаме ваков менталитет.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

Лилјана Поповска: Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Ве слушам колега и се чудам, мислев да не одоговорам, ајде, си велам, си кажува човекот, буквално дека опозиција да плука по се и сешто. Било - не било, да плукаат.

Па малку да се угледавте на вашите колеги што претходно дискутираа од СДС, многу коректно, многу аргументирано, издржано. Критикуваа со што не се согласуваат, со некои работи лично се согласувам и тоа го кажав, но да кажате дека ништо не е сторено за туризмот во овие 6 години дека не важат овие статистички бфројки, нема врска 25-33% зголемување странски туристи, немало врска. На што личи тоа колега.

Дајте, ова е пратенички дом, треба да бидеме сериозни. Пред 6 години кога како Зелена партија

прв пат го иницираме тоа за туризмот, туризмот беше на буквални нула. Беше на издишување. Заедно тогаш со туристичкиот еснаф со ХОТАМ, МАТАМ, тие беа кои не подучуваа нас, политичарите што треба. Ги кажуваа маките. Се покрена иницијатива. Владата ја прифати иницијативата, го стави туризмот во приоритите. Ја стави Агенцијата.

Сега не се прави револуција. Не велиме дека овој закон е револуција. Велиме дека е модификација каде туристичкиот еснаф ќе дојде до израз. Тоа е многу заначајно. Не треба да се потценува.

Да ви кажам, моментот кога решив да ви реплицирам, беше моментот кога почнавте да ја плукате државата, дека нема што турист да види во Македонија. Немојте така колега. Па ние ако од парламентарна говорница ја плукаме државата и велиме дека е ужас, ич да не доаѓаат, тоа е нешто најлошо што можеме да го направиме за земјата и туризмот.

Простете, малку емотивно говорам, инаку сум смирена, но навистина ме погодивте. Во една работа се согласувам, Македонија треба да се ислисти, н о да ве инфорирам вас и целата јавност. Верувам дека деновиве ќе се објави. На последната седница на Владата помина подршката на Владата за една иницијатива што како ДОМ, како зелени ја дадовме, заедно со широка невладина коалиција „ Ајде Македонија“, за чистење на земјата.

На 21 април ќе тргне пилот акцијата во 5 градови, меѓу кои и неколку туристички места како Струга, Дојран, Матка и други, а на крајот на годината ќе заврши во сите општини да ја исчистиме земјата. еве и ова е убав повод, да го спомнеме тоа, во таа акција сите да се вклучиме, ќе помогнат и институциите, подршката од Владата ќе обезбеди комплетна механизацијаи логистичка подршка. убав повод да ја дочекаме престојната туристчка сезона во подобро светло. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Пауновски Стојко има контра реплика, повелете.

Стојко Пауновски: Дури сега гледам зошто сум им завидувал. Вие ја прочитавте ли оценката за состојбата зошто се носи Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за агенцијата за помагање на туризмот. Ги видовте? Она што јас го кажувам го прочитав од она што вие сте го дале кои кои се оценките. Јас само кажав, токму и вие сте 6 години тука и за 6 години само успевате од Агенција во Агенција со предлози на законски решенија да правите некакви дубари со цел да ја замајувате јавноста дека нешто работите. Сега кажувате дека ќе ја исчистите Македонија, ама не спомнавте, јас ви кажав дека и на Попова Шапка треба да дојдете да се исчисти и таа е еден вид на национално богатство на Република Македонија. Заедно ќе одиме, ама дека плукаме по државата, плукаме по државата. Владата е таа која што ги носи предлог законските решнија, а не државата. Државата доаѓаат да ја посетуваат и треба да доаѓаат туристи да ја посетуваат.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

За реплика се јави Светлана Карапетрова, повелете.

Светлана Карапетрова: Благодарам претседателе.

Јас ќе му реплицирам на колегата Стојко во однос на Попова Шапка бидејќи доаѓаме заендо од тој регион и мислам дека подобро ги познава состјбите од тоа што ги пренесува.

Тоа што има нечистотија на Шапка е одлика на народот и мислам дека треба да се преземе во однос на тоа. Екологијата и еколошките дрштва да влијаат на менталитетот на граѓаните, меѓута јас само сакам да ви кажам како Попова Шапка стана атрактивно место за посета на туристи, не само на домашни туку и на странски. Оваа година имвме организирани патувања, од Србија, од Косово, од Хрватска, од Словенија. Капацитетите беа полни. Оваа година завршната сметка на Попова Шапка на ЕЛЕМ беше за 20% поголема во однос на минатата година. Значи, работи профитабилно со многу големи надежи дека Попова Шапка ќе стане најатрактивното место во западниот регион.

Во одос на тоа како почна Попова Шапка да се развива. Само со домаќинско работење на раководниот кадар кој што е таму. 2008 година се отворија двата ски лифтови, беа реновирани на Целина Пашина и да ви кажам една информација која и мене Министерството за економија изненадува дека приходот остварен од ски лифтовите на Попова Шапка е поголем од приходот кој се остварува на патаринатa Скопје - Тетово. Ова навистина треба да ни дава за право да знаеме дека Шапка се развива дека ќе успее и дека многу вреди затоа што е блиску до Скопје, меѓутоа имаме и странски туристи кои се заинтересирани. Во летниот период доаѓаат доста Бугари организирано да планинарат низ Попова Шапка, ова е секако за поздравување.

Во однос на тоа како треба ние да ја чуваме Шапка, сите треба да се грижиме и еколошкото друштв и граѓаните и сите бидејќи ова богатство е од непроценлива вредност за нашиот регион.

Од големи заштеди и работа на ова претпријатие купени се два ратрага од Германија кои доста помагаат за успешно одвивање на туристичката сезона во нашиот регион, иако немаше доволно снег, но сепак кажувам дека капцитетите беа максимално искористени.

Во однос на Дебар колега што кажавте за дебарските бањи, таму состојбата треба да се подобри точно, меѓутоа Владата прави напори да изгради инфраструктура. Знаете дека беше реконструиран патот кон Дебар и тоа е за поздравување, бидејќи тој пат одамна, во вашето време воопшто не беше ни чепнат, меѓутоа сега се реновира и знам дека ќе се подобри и таму состојбата, има капцитети дебарската бања да прими многу туристи и да се развива туризмот.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Стојко Пауновски има контра реплика, повелете.

Стојко Пауновски: Благодарам колешке, ако е до народот да го смениме народот, ама не е до народот. Не е до народот и она оди секогаш заедно со мене по автопатот и гледате дека работниците на Македонијапат се мачеа да го соберат во вреќи ѓубриштето, месец дена не го дигнаа и сега кучиња го растргнале по целите патишта. Значи, тоа е до некој кој што управува со тие луѓе.

Втора работа, не е само Попва Шапка. На Попова Шапка качете се сега имате толку вработени луѓе за кои што рековте дека остварило 20% повеќе приходи, можат остварувајќи ги приходите и да ја очистат Попова Шапка, а не само да ги чекаат туристите, затворени во хотелите и ништ друго да не работат.

Трета работа, дали сте биле на кај бањите во Косоврасти. Мостот веќе година ипол е без ограда. Кој е тој турист што ќе дојде на мостот каде што прави сообраќајна несреќа е оборена оградата и сеуште стои така.

Да не зборуваме за сите други работи кои што не фалат само во Западна Македонија туку во цела Македонија.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Александар Николовски има реплика, повелете.

Александар Николовски: Благодарам претседателе.

Во стилот кој што го имаме во целиот изменет период на овој Парламентарен состав СДСМ зборува на тема, а не на закони. Така на пример сега имаме Агенција за туризам и тема е туризмот цел како таков и на тој начин ќе мораме да одговараме, иако е надвор од на што било пракса до сега. На поширок начин се сфаќа дебатата во Собранието. Затоа би морал на овој начин да реплицирам на пратеникот Стојко Пауновски.

Прво, туризмот е еден од приоритетите на оваа Влада и владеачко мнозинство и би сакал да потсетам дека е еден од првите закони кој што овој парламентрен состав го усвои, кој што беше наше ветување, беше намалување на ДДВ од 18 на 5% за туристичките услуги и формирање на тн., туристички развојни зони каде што под доста поволни услови ќе можат да се градат големи хотелски комплекси.

Втора работа, би сакал да потсетам дека една работа која што ја почнавме, која што вие многу ја критикувавте, тоа се кампањите за промоција на Република Македонија и на туристичките места веќе даваат ефекти ставајќи го пред се Охрид во топ 10 туристички дестинации во Европа за посета. Но во исто време, најмногу за Охрид сакам да зборувам затоа што сум од таму. Треба да се запрашаме што СДСМ прави за Охрид, односно не прави во моментот.

Да ве потсетам таму имате градоначалник и треба да поразговарате со него и да го прашате за неколку работи.

Прво, за неконтролираната урбанизација која што му се случува на Охрид. Само во 20190 година во Советот на Охрид беа изгласани 113 маркици за згради. 113 маркици за згради значат дека во Охрид нема да има ниту хотели, ниту приватно сместување, како што имаше до сега, затоа што никој нема веќе да оди во хотел кога ќе може за ефитини пари да купи таму стан што на долг рок го уништува туризмот.

Понатаму, самиот градоначалник кажа дека негови бизнис пријатели по неколку стотици илјади евра заработиле од урбанизацијата на Бејбунар поради која што сега градат нема вода. Би сакал да ве прашам дали дел од тие средства ги има градоначалникот поделено и со вас како политичка партија, имајќи предвид дека го поддржувате и во Советот му ги гласате сите одлуки.

Понатаму, би сакал да ве прашам дали стоите зад несреќните изјави на гардоначалникот за поставувње на рампи за влез во градот како би се наплаќало на туристите кога би влегувале во градот.

Би сакал да ве прашам дали стоите позади криминалното работење на Секторот за туристичкји локален економски развој кој што за билборд екрани потроши над 100 илјади евра, за што веќе има и кривични пријави.

Би сакал и да ве прашам дали стоите позади блокадата на градењето на комплексот Плаошник, кој што е еден од најбитните и за историјата и за туризмот во Македонија и посебно би сакал да ве прашам дали и вие мислите дека Музејот на вода кое што е најпосетувано туристичко место Македонијај со 100 илјади посетители се празни полека.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Стојко Пауновски има контра реплика, повелете.

Стојко Пауновски: Благодарам претседателе.

Аман бе колега. Па, плукај го Аце Петрески, не преку мене, оди директно на локално ниво, видисе со луѓето, одете кај него и прашајте го што правел. Ние мислиме дека тој е единствен заедно со другите двајца тројца градоначалници по кои што редовно плукате и ја користите секоја тема нив да ги плукате затоа што само тие нешто работат во оваа држава.

Друга работа немате освен да кажувате за нив. Дали јас сега можам да зборувам за штипскиот или за велешкиот градоначалник. Можам да зборувам за оние каде што се движам, ама излгеда заборавивте, точно кажавте, вие сте го донеле Законот за агенцијата, вие кажувате дека поради аномалии, поради непокажани одредени резултати од Законот за агенцијата сега го дополнувате со два члена од реалниот сектор. Она што правите сега кажувате дека го менувате законот. Фрлате магла во очи на луѓето. Дека со

ова Предлог законско решение туризмот ќе крене. Потрошивте многу пари на СНН, ама не дојдоа туристите.Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор госпоѓа Дивна Јовковска, Ефтимовска повелете.

Дивна Јовсковска Ефтимовска: Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за економија.

Денес на дневен ред го имаме Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. Уште на почеток ќе кажам дека не е спорна потребата од некаков облик на организирана форма на туристичка промоција, но дефинитивно е според досегашниот активитет на Агенцијата, што на жалот е никаков, заради што од старт се наметнува сомнеж, скепса за квалитетот на работата на Агенцијата и во иднина, независно од измените на Законот заради тоа што тие битно нема да се одразат на тоа.

Во оценката на состојбите во областа што треба да се уреди со Законот и причините за измените стои дека нотирана е некоординираност помеѓу Агенцијата и приватниот сектор, слаба инволвираност на Агенцијата во делот на привлекување на инвесетиции, подобрување на целокупната инфраструктура, неопходна за развој на туризмот, дисконтинуитет во вршење на дејноста туризам, опаѓање на конкурентноста во секторот, нестабилност на стапката на вработеност и тренд на влошување на квалитетот на услугите во сферата на туризмот.

Сега, се поставува прашањето што битно со измените Агенцијата ќе промени во состојбите со турзмот.

Имено, во делот за оценки на состојбата отсуствува анализа за моменталната состојба. Факт е една работа. Земјите од регионот, при тоа не зборувам за хрватска или Црна Гора кои имаат море, туку за останатите соседни држави остварило приходи повеќекратно поголеми од нашите.

Со измените на Законот се зголемуваат надлежностите на Агенцијата и со тоа само сака да се остави начелен впечаток дека од утре со така модифицирана агенција преку ноќ ќе се стриме во посакувана туристичка дестинација.

Ние почитувани колеги во понуда го имаме во моментот она и само она што мајката природа ни го дала на располагање. Три езера, планини кои за волја на вистината се голи, опустошени, пејсажна убавина, ретки растителни и животински видови, импресивно културно наследство, цркви и манастири. И тука ќе застанам, нема да зборувам за убавините на Република Македонија, ќе збрувам и ќе се задржам понатаму само за Преспа.

Наспроти вонсериската природна убавина на преспа која што колешката Лилјана Поповска неодамна ја нарече заспаната убавица. Во Преспа имаме проблеми кои и не се баш за промоција.

Имено, на најубавите локации на брегот на Преспанското езеро имаме нефункционални куп работнички одморалишта кои заради нерасчистени сопственичкји релации заглавени предмети по судови или финансиски проблеми на некогашните гиганти од типот на ТК Прилеп, Шеќераната Битола, објектите на Феријалниот сојуз, објектите на Македонските жалезници итн., сите овие објекти денес се во многу лоша состојба руинирани и оставаат лош впечаток.

На другата страна на Езерото, испустеното Отешево со изгорените Европа и Козара.

Дали Агенцијата во свите промоции и јавно ќе го обзнани проблемот со водата за пиење во Стење, во Претор, во Сливница. Дали во промотивната понуда Агенцијата ќе го внесе и Асамати, некогаш препознатливо по детското одморалиште и објектите на Јавор од Битола, а денес најубавите плажи на брегот на Преспанското Езеро се дадени под закоуп како земјоделско земјиште и насадени со компири и тикви. Нејсе, затоа што првичната идеја на човекот кој го закупил земјиштето била да отвори фарма со биволи кои автентично ќе се бањале во езерото. Куќа почитувани колеги се гради од темел, а не од покрив.

Јас не гледам кај Влдата, а уште помалук во локалната самоуправа во Ресен, барем што се однеува до преспа суштинска заинтересираност за развој на туризмот. И ќе кажам зошто, која е фактичката состојба во Преспа.

Во преспа нема сместувачки капацитети, нема ноќевалишта, нема хотелски комплекси иако градоначалникот неодамна излезе со информација дека имало над 2000 легла. Јас јавно прашувам каде се тие легла, во кои објекти освен ако не ги сметал и креветите по куќи.

Значи, покрај тоа што нема сместувачки капцитети имаме запуштени плажи кои пред камери се чистат, точно по пет минути додека се камерите и новинарите тука, и тоа циклично во рамки на секоја изборна кампања на ВМРО ДПМНЕ.

Понатаму, имаме Езеро кое понира под Галичица и бега во Охридското Езеро, Езеро чиј воден потенцијал зависи од тоа колку Господ ќе ни прати дожд.

Потоа, нерегулирано прашање за тоа кој од соседните држави колку од водата користи за наводнување. Дива експлоатација на песок и така во недоглед уште ред несредени работи. Што се однесува до знаменитостите тоа е посебна приказна. Запуштени цркви и манастири, запуштеност на единствениот остров голем град. Запуштеност на споменици на културата, резерватот Езерени за кои неодамна дискутравме, претходната недела гореше во повеќе наврати. Нели ќе се чуваа ретките видови на птици. Нели има забрана за палење на

трската, толку од пафлетот наречен заштитен резерватот.

Деновиве добив писмо од претседателот на здружението на автокапмери во Крани кои се жалат на запустетните плажи на проблемот со водата. И после ова прашувам што од Преспа како туристички регион ќе промовира Агенцијата.

Ова го зборувам полчитувани колеги најдобронамерно со цел суштински, а не формално да расправаме за проблемот. Преспа е живо заинтересирана за развој на туризмот, со оглед на тоа што минатото Преспа остварувала најголеми приходи од туризмот и од земјоделието, наспроти некогашната голем бројка вработени во туризмот, денес едвај 50-тина го вадат лебот од туризмот.

Неодамна кога се расправаше за буџетот, јас поднесов амандмани за обезбедување на средства за донесување на урбанистичките планови за крајбрежието на Преспанското Езеро, за брана на Курбинска река со што би се решил проблемот со наводнување на преспанското поле, ама и проблемот со водата за пиење во туристичката населба Претор и Сливница.

Понатаму, барав средства за заштита на Преспанското Езеро, вклучување на дел од селските населби во прочистителната станица со што квалитетот на водата во Преспанското Езеро би се подобрил. Се беше отфрлено иако повеќе изборни циклуси наназад, истото ова беше ветувано од ВМРО ДПМНЕ но ден денес истото остана нереализирано. Затоа, за да има што да промовира Агенцијата прво треба да направи државата да го реши купот на пластени проблеми во Преспа. Пошто денес министерот за финансии Зоран Ставрески во рамки на своите редовни визити во општините, во посета на Ресен, нека ги преброи кратерските дупки на магистралниот пат Битола-Ресен. Нека ги преброи дупките по градските улици, кој градоначалникот за да ги сокрие, упорно ги полни со ладен асфалт и после тоа ќе можеме да зборуваме за туризам.

На крај ќе завршам со коментар на една од репликите на заменик министерот Костеска, која апелираше за високо ниво за свест кај населението и тоа е сосемам во ред. Но проблем е реализацијата на обврските од страна на државата која има високо изградена свест само за прибирање на давачките. Ви благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Николовска Ленче има реплика, повелете.

Ленче Николовска: Ви благодарам претседателе.

Почитувана колешке, јас би сакала само да надополнам во делот на основните можности на Агенцијата з промоција и поддршка на туризмот, да се обрне поголемо внимание на руралниот туризам, а кој сега во наши услови е неискористен потенцијал.

Руралниот туризам е концепт на туризам во селските домаќинства кој се темели на користење на руралниот простор во контекст на туристичките понуди. Ваквата дефиниција во нашата земја, каде што освен цетарот на Скопје, сите други општини за Европската унија се водат како рурални, треба да значи само едно, а тоа е огромна можност да се искористи овој потенцијал кој ќе донесе нов приход за земјоделците, особено во вакво време кога производството на земјоделскуите култури е стихијно, непланско, а поради високата цена на репроматеријалите е неисплатливо.

Селскиот или фармерскиот туризам може да значил дополнителен или основен приход на земјоделците или тие парите буквално може да ги заработуваат во дворот со активно вклучување со активно семејство.Странските туристи особено се заинтересирани за овој вид на туризам, тие знаат добро да платат за нашите незагдени чисти средини, за селскиот начин на живот што подразбира традиционално производство на начин на подготовка на храната. Многу странски туристи сакаат да учествуваат во производството, сами да одат да ја наберат пиперката, да ја зготват, или во фарма да ја измолзат кравата, да прават сирење, да јаваат на магарија, можеби за многумина кај нас ова е само лошо минато. Но, верувајте дека странците, за овој живот, пари даваат. Како главен проблем за поголем развој за селскиот туризам се наведува слабата едукација на земјоделците. Причина која и одговара на Владата во смисла дека таа не е виновна зошто немаме поголем развој, затоа што обвинувајќи ги земјоделците дека тие се виновни дека не умеат да заработат со реставрирање на селски куќи, со изградба на апартмани и други капацитети. Но како и за секој проблем во државата сите патишта водат до Владата. Имено, до сега преку европските фондови влегоа во нашата земја за едукација огромен број на финансии, на пари кои што можеа да придонесат за поголема едукација на земјоделците. Исто така, и локалната власт ја има својата улога, затоа што знаеме дека најголем број од земјоделците од општините се под власт на ВМРО-ДПМНЕ. Слабата едукација доведе да имаме мала искористеност на ИПАРД средствата, тоа значи дека од 40 милиони евра до сега има искористено само 1,5 милиони евра, а Словенците буквално со пополнети формулари одеа по селата и им даваа да се потпишуваат земјоделците како би можеле да ги искористат овие пари. Кај нас позитивен пример се Брајчино, Вевчани. На мапата има илјада села кои што можат со државна помош да има поголем развој. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Реплика има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

Лилјана Поповска: Почитуван претседателе, почитуван министре.

Почитувана колешке, јас ви благодарам за дискусијата за Преспа. Тука сме соборци да лобираме за промена на состојбите во Преспа. Преспа е заспаната убавица како што реков, и како што ме цитиравте и таа треба да ја разбудиме. Но, од сите нас зависи и од институциите да го сториме тоа. Инаку, не се

согласувам, простете, имавте некои неумесни коментари околу Агенцијата што сторила, како сторила. Јас во претходни реплики веќе говорев за резултатите кои што се постигнати на планот на туризмот за троцифрени бројки и не би се пофторувала.

Инаку, прашавте што може да промовира Агенцијата за подршка и промоција на туризмот во Преспа? Мислам дека и вие тоа го знаете. Може да го промовира Стење, може Брајчино, може да го промовира Националниот парк Галичица, може да го промовира островот Голем Град каде што и сега идат туристи и во овие скромни услови. Но, она што во идинина ќе може да го промовира и тоа многу скоро, ќе биде туристичка зона Преспа. Затоа што токму во Преспа ќе биде поместена една туристичка зона според Законот за туристички зони кој што е сега во подготовка и за кој се пишуваше, тој е веќе во владина процедура влезен. Затоа ќе има што да промовира таму. Но, се согласувам со вас дека треба навистина многу работи да се поправат. Инаку, за волја на вистината таму има мртви објекти, има големи хотели кои што носеа многу луѓе таму, голем обрт се правеше и тие се мртви веќе 20 години . само не е во ред да ги префрлате на Владата во овие 6 години навистина немаме учество во предизвикувањето на таа состојба за тие објекти. Напротив, колку што сум јас информирана, дел од нив веќе почнуваат да се даваат на концесии. Иако се согласувам дека сите овие работи се премногу бавни. Кон ова треба многу побрзо да се работи, затоа што во меѓувреме луѓето таму што живеат страдаат и тие ќе се иселат, ако не побрзаме и ако не преземеме посериозни мерки.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Дивна Јовковска Ефтимовска, повелете.

Дивна Јовковска Ефтимовска: Благодарам.

Ви благодарам колешке Поповска за репликата. Јас би додала, Преспа ем е заспана, ем е ранета. Не е проблем да ја разбудиме, меѓутоа ќе е проблем да ги санираме раните на Преспа. Викате дека Агенцијата за подршка и промоција на туризмот ќе го промовирала Стење. Тогаш јас да ве замолам да лобирате кај градоначалникот на Ресен под најитно да го изгради водоводот за Стење за да имаме што да промовираме.

Понатаму, за да го промовираме Голем Град, би ве замолил да лобирате кај градоначалникот на Ресен да се обезбеди бродски превоз до островот Голем Град. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Реплика има господинот Александар Николовски, повелете.

Александар Николовски: Би сакал неколку работи поврзани со Преспа да кажам, доаѓам од иста изборна единица со пратеничката. Факт е дека развојот на Преспанското езеро не е на исто ниво како и на Охридското пред се заради историјати, природни услови кои што се таму и не може да се очекува да биде исто. Во таа насока не би сакал да коментирам делови од говорот од типот на тоа дека езерото понирало под Галичица во Охридското, како да тоа се случио ВМРО-ДПМНЕ од кога дојде на власт, а претходно да го немало. Тоа си е природна појава и мислам дека е смешно такви работи да коментираме. Сакам да кажам неколку други работи.

Една од работите кои што се факт е дека туризмот назадува во Преспа не 20 години, туку над 30 години откако е напуштен оној синдикален начин на туризам кој што главно се применуваше во Преспа каде што најголемите македонски претпријатија во социјализмот имаа свои автокампови каде што работниците одмараа и тоа беше еден концепт на туризам кој што е одамна напуштен и кој што како таков не функционира.

Втора работа која што би сакал да кажам и да потсетам е дека на пример се инвестираше во Ресен, помеѓу другото спомавте за патната инфраструктура. Беше пред скоро пуште регионалниот пат од Ресен до Макази со што еден голем дел од плажите таму беа поврзани.

Понатаму, силно се инвестира во селскиот туризам преку грантови и помош што успеа да развие голем број села од типот на Љубојно, Брајчино итн, каде што се повеќе туристи одат. Исто така, би сакал да потсетам дека со помош на Армијата на Република Македонија беа уредени дел од плажите на Преспанското езеро што успеа да врати дел од туристите кои што порано оделе на тие плажи, особено од тој регион и од битолскиот регион. Исто така, дел од плажите да се даваат под концесија како би можеле да бидат уредени. А за трската која што ја споменавте навистина е тоа проблем и до сега никој не нашол начин тоа да се регулира, имајќи во предвид дека трската се пали пред се од економски причини како би можело од езерото и Охридско и Преспанско, иста е состојбата да се направи пристпа кон плажите, или да се отвори пристап кон езерото. И затоа јас во соработка со Билатералниот комитет за заштита на Охридското езеро кое што го опфаќа целиот сливен базен на Охридското езеро, вклучително и Преспанското езеро, како и спортско риболовното друштво покренавме иницијатива за донесување на неколку измени на закони, вклучитено и тоа дека палењето на трската ќе стане кривично дело за кое што кривично ќе се одговара слично на пироманијата. И се надевам дека кога ќе ги поднесам тие измени, ќе добијам од пратеничката подршка за оваа работа. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Дивна Јовковска Ефтимовска, повелете.

Дивна Јовковска Ефтимовска: Благодарам.

На репликата ќе одговорам онака редоследно како фаќав прибелешки од она што го зборуваше колегата Николовски.

Значи, што се однесува до состојбата на работничките одморалишта како што го сфатив колегата Николовски, значи, не треба да очекуваме ништо ново, состојбата е таква каква што е и таква и ќе остане. Понатаму, патот Макази

- Маркова Нога, навистина е асфалтиран, меѓутоа со проекти и финансиски средства обезбедено од претходната структура во локалната власт и со финансии на Светска банка и покрај тоа што градоначалникот упорно ги наведува како свои активности во секој редоследен отчет. Понатаму, чистење на плажите. Напоменав, траат по 5 минути само исклучиво за пред камери, тоа беше и со последната во Сливница за време на изборната кампања раководена од заменик минситерот Коњаноски.

Што се однесува до резерватот Езерани. Нели гарантиравте чување и заштита. Зошто да гори? Нели јас зборував толку време и ве убедував дека локалната власт нема капацитет за да го заштити резеватот. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Колеги пратениците како што се договоривме, тука ја прекинувам седницата со оглед на тоа дека во поголем број на пратеници имаат обврски, продолжуваме во 17,30 часот. Благодарам.

(Пауза од 16,33 часот)

(По паузата)

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа.

Следен за збор и има збор госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

Маринела Тушева: Благодарам.

Почитувани малубројни колеги пратеници, почитувана заменик министер,

Денес на дневен ред ја имаме точката на Предлог измени на Законот за Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија. Покрај тоа што некои колеги имаат забелешки на би рекла на холистичкиот пристап кој што го имавме во нашите дискусии, сепак е невозможно да зборувате по еден ваков закон без притоа да имате целосен пристап кон туризмот како една можност за исклучителен голем прилив на средства во државата. Таков пристап кон темата и кон законот имаше и заменичката министер која што еден момент беше отсутна од оправдани причини, меѓутоа еве се врати, можеби е навистина добро за да може и да спротивставиме и аргументи и идеи за тоа каде и како се движи туризмот и како треба да се движи понатаму.

Измените кои што денес ги имаме за мене а и за остатокот од стручната јавност, јас не сум дел од стручната јавност, меѓутоа она што имав прилика да го видам е дека се на ниво на шминка. Имено географски промена, се менува седиштето од Струга во Охрид, понатаму персонални измени во составот на управниот одбор наместо претставник на Министерството за транспорт и врски, претставник од стопанските комори, се формира совет од 15 члена претставници од приватниот сектор, претставници од стручната, научната јавност и тоа е во ред. Меѓутоа мислам дека овие луѓе ќе изгубат ентузијазам и енергија за работа. После некое време особено откако ќе видат дека власта воопшто нема намера ниту волја да ги спроведува насоките кои што тие како стручни лица во таа свера би ги дала. Понатаму има една одредба односно една измена која што и понатаму останува енигма и покрај бројните прашања кои што ги поставивме односно се додава нов извор на финансирање на Агенцијата, вели од сопствени приходи. Кои ќе бидат тие сопствени приходи? Дали тоа значи дека на туристичките работници делови од туристичката такса, од аеродромски такси сеедно, значи барам објаснување кои ќе бидат тие сопствени приходи од кои што се финансира Агенцијата. Како што реков очекувавме веќе кога имаме Предлог измена на дневен ред да имаме навистина суштински измени кои што ќе придонесат за унапредување и развивање на туризмот во Република Македонија. И навистина посакувам ама не верувам дека овие измени ќе дадат прилог кон унапредувањето на целокупната туристичка клима односно туристичкиот амбиент кој што исто апсолутно е зависен од економскиот, општествено политичкиот амбиент во државата и се разбира прилог кон подобрување на политиките во туризмот особено што еден дел и од она што го имаме како законска регулатива во туризмот стои и останува само мртво слово на хартија, а за тоа имаме забелешки од Европската комисија. Па така во поглавјето 3 во делот право на основање претпријатија и слобода на давање услуги стои дека и покрај тоа што е направена измена на Законот за туристичка дејност, сепак не се сменети условите за лиценцирање на туристичките водичи, а знаеме почитувани колеги и се сеќаваме на трагедијата во Охрид кога 15 бугарски туристи го загубија животот, дека имаа туристички водич, личност која беше ќерка на сопственикот на приватното сместување, во кое беа сместени тие туристи. Значи немаме соодветна законска регулатива, и второ таа што е донесена и е во ред не се применува.

Понатаму суштинско прашање на кое и понатаму туристичките работници немаат одговор, граѓаните, туристите немаат одговор каков туризам ние ќе фаворизираме, културен, масовен, здравствен туризам, алтернативен туризам, селски туризам, значи кои ќе бидат приоритетните локации кои ќе ги промовираме, која ќе биде стратешката приоритетната инфраструктура.

Почитувани колеги, невозможно е да прочитате статија за туризам, стручно научно излагање да слушнете за туризам и првиот и почетниот збор со кој почнува и завршува секое излагање, од што во крајна линија зависи најмногу туризмот е инфраструктурата. Меѓутоа, во Македонија во инфраструктура се вложува малку или воопшто, па така во делот на патната инфраструктура, патната сигнализација, туристичката сигнализација за да имате туризам потребно е пред музеи, културно историски знаменитости да имате информативни табли. Меѓутоа, бидејќи зборувам за патната инфраструктура, зборувавме неколку пати дека во 2011 година во Македонија биле пуштени во употреба само 7 км асфалт, еве колку другите држави инвестираат во својата патна инфраструктура, а после за истите овие држави ќе кажам и колку евра приходи имаат од

туризам. Оваа година Србија пуштила во употреба 98 км автопат, Романија 88 км автопат пуштила во употреба, Бугарија пуштила 50 км автопат, Хрватска 22 км автопат, Албанија 24 км автопат и Косово 34 км автопат. Ние сме пуштиле 7 км автопат. Така отприлика на крај излегува и приходите кои ги имаме од туризам. Македонија имала приходи 99 милиони евра, но Србија која исто како и Македонија нема излез на море имала приходи 520 милиони евра, Босна имала 273 милиони евра. Да не споредувам воопшто со Хрватска која имала 4,3 милијарди евра.

Почитувани колеги, дури и во поглавјето 4 од европскиот извештај што е во делот на слободата на движењето на капиталот има една реченица во која се вели вака: Македонија мора да ја модерницира инфраструктурата. Имам прочитано неколку извештаи на Европската комисија, ваков термин „мора“ не сум сретнала. Претпоставувам дека тоа е пораката колку е катастрофална состојбата во Македонија со патната инфраструктура. Меѓутоа, за да биде трагедијата поголема, воопшто не ни е розово односно катастрофално е лоша состојбата со железницата. Така на пример во Словенија имате 4 приватни оператори кои оперираат, во Чешка имате 40 приватни оператори, но во Македонија за жал се уште станува збор за монопол. Во Србија имате план во кој се вели дека во наредните четири години ќе се инвестираат 800 милиони евра во реконструкција на железнички пруги и изградба на делници, односно само за една година следната година планираат реконструкција на 111 км на железничка пруга. Ние имаме предвидено и остварено сега реконструкција на нула км. И не само тоа, и покрај забелешките на Европската комисија дека во железницата и понатаму останува монопол, и покрај одредени измени што беа направени на ниво на шминка, Владата на својата последна седница повторно донесува одлука со која го враќа стариот закон и го враќа монополот во железницата, и покрај тоа што има приватни инвеститори кои одвоиле по 1 милион евра за да аплицираат и бидат дел од постапките за учествување во бизнисот со железнички услуги и транспорт на патници.

Почитувани колеги македонските туристички останууваат недостапни и поради скапиот авио превоз, поради лошата патна, железничка инфраструктура, поради немањето идеја што со туризмот. Поради тоа што туристите односно потенцијалните туристи да, ќе ги видат убавите спотови кои што им креираат илузија која што кога ќе дојдат во Македонија им се распрснува како меур од сапуница. Бидејќи не само што не се нудат тие услуги македонските туристички оператори често пати основните услуги не ги нудат.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

За реплика се јави заменикот министерот за економија госпоѓа Костеска, повелете.

Катерина Костеска: Благодарам.

Благодарам на почитуваниот пратеник за исцрпното излагање и опсежната дискурија.

Јас би се осврнала на неколку моменти од вашиот говор и од вашето излагање.

Првиот дел е она што го кажавте околу забелешките од Европската унија во Извештајот околу слободата на движење на услуги, за што се однесуваат тие забелешки за туристичките водичи генерално се однесува забелешката за признавање на туристички водичи од другите држави во Република Македонија. Тоа кај нас во нашиот закон е предвидено и истите ќе се признаваат кога Република Македонија ќе стане полноправна членка на Европската унија. Дотогаш на територијата на Република Македонија согласно Законот за туристичка дејност значи ќе бидат признавани туристичките водичи кои што ќе бидат лиценцирани и ќе имаат легитимација за туристички водич издадена во Република Македонија. Морам да кажам што правиме ние како Министерство за економија во оваа свера бидејќи потенцираве за несреќата и туристичкиот водич кој што бил со бугарските туристи, во изминатиов на националниот телевизиски сервис на МРТ одеше едно јавно соопштение за давање услуга, однсоно за туристички водич, каде што ги објаснувавме начините како може да се стекне лицето со легитимација за вршење дејност туристички водич, кој во Република Македонија го контролира, односно кој го врши надзорот врз овие туристички водичи и како што јас кажав во моето експозе на почетокот на бранење на овој предлог закон дека туризмот мора да се спроведува од сите заинтересирани страни, не само на национално ниво. Многу е значајно истиот да се спроведува и на локално ниво и да добие поддршка од сите градоначалници, бидејќи во Законот за туристичка дејност работите на инспекцискиот надзор на вршителите на туристичката дејност од мал обем регистрирани во регистарот кој што ги води градоначалникот во општината во градот Скопје, односно во останатите општини ги вршат овластени инспектори од општината. Целта е и на национално ниво државниот пазарен инспекторат и другите инспекторати во општините да ги зајакнат контролите со цел сите организирани тури да бидат со овластени туристички водичи. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика госпоѓица Маринела Тушева, повелете.

Маринела Тушева: Благодарам.

Зошто многу работи кои мораме и треба да ги спроведеме ги одлагаме за кога ќе влеземе во Европската унија, исто како и либерализација на монополот во железничките услуги, па така имаме услуги какви што имаме.

Се согласувам со вас дека потребно е да има тимска работа и националните и локалните власти да соработуваат и заедно да придонесуваат до унапредување на состојбата во туризмот.

Следен проблем кој не го спомнав е немањето содржина кои македонските туристички работници им ја нудат на туристите. Туристите сакаат да го видат изобилието на природни и културни богатства кои ги има Македонија, кои се во опасност да се распаднат, па така манастирот Свети Георгија во Курбиново кој еден куп туристи од Русија имаат желба да го посетат и го посетуваат е пред распаѓање и нема никаква патна инфраструктура до него. Понатаму патот Козле - Пантелејмон туристите го посочуваат како мала драма кога ќе го посетат. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за економија,

Самиот Предлог на закон во најголем дел се однесува на административна измена на законот или зголемување на администрацијата во делот на телата кои треба да управуваат со политиката на туризмот во Република Македонија и јас искрено се надевам дека намерата на Министерството за економија да се формира совет за развој на туризмот ќе даде резултати и дека навистина од овој совет ќе им некоја идеја како туризмот во Република Македонија да се развива се повеќе и повеќе. Меѓутоа, ако го видите административниот дел што сака да го претстави Владата и колку пари се предвидени за тоа во Буџетот, искрено се сомневам дека Владата има сериозна намера подлабоко да влезе со програми и финансии за развој на туризмот во Република Македонија.

Со Буџетот за 2012 година за промоција на туризмот или Република Македонија како туристичка земја, се планирани само околу 100 илјади евра. Дали е тоа доволно? Мислам дека е многу малку. Ако гледаме дека нашите соседмо земји кои исто така се промовираат како туристички дестинации вложуваат многу повеќе пари и постојано имаат систем како од туризмот да заработат што повеќе, кај нас само за промоција на туризмот нема предвидено повеќе од 100 милиони евра. Владата мисли дека со доделувањето исто така на субвенции ќе придонесе за што поголем број на туристи да доаѓаат во Република Македонија и сега за сега бројот на туристи кои ја посетуваат Република Македонија, според статистичките податоци, се зголемува. Меѓутоа, госпоѓо заменик министер, сеуште кај нас туристите најголем дел барем според Државниот завод за статистика го посетуваат Скопје и најголем дел од нив доаѓаат во Скопје, меѓутоа, Скопје во Република Македонија претставува деловен и административен центар пред се, потоа оди туристичката понуда, која Владата се обидува преку Проектот „Скопје 2014“, што за нас ако опозиција е неприфатливо во една сиромаштија толку пари да се трошат. Но не може ние туризмот да го базираме на тоа што Скопје ќе биде главен туристички центар во Република Македонија. Република Македонија мора да изгради стратегија како ќе развива други туристички места, а не Скопје да биде се, и административен и деловен, а сега и туристички центар.

За вложувањата на Владата колегата Митре зборуваше за Охрид, за летниот туризам, за вложувањата на другите потенцијални летни туристички центри. Вложувањата во зимскиот туризам, еве гледаме дека ние освен Маврово, оваа година се направи обид на Попова Шапка да се отовори исто така скијачката сезона, меѓутоа, се е тоа во рамките на едне почеток кој што не нуди доволно содржина за самите туристи.

Потоа, госпоѓо заменик министер, не гледаме иницијатива Владата да помогне и во развојот на она што се вели вински туризам, најголем дел од компаниите сами инвестираат пари, сами отвораат такви подруми кои се наменети за вински туризам, државата не им дава помош. Развивањето на планински туризам, во Република Македонија на која планина да отидете, не верувам лично дека има одбележани патеки, дека има одбележани места, дека има водичи, патокази и едноставно ако сакате да развивате планински туризам можете да отидете и комотно да се рекреирате и уживате во убавините на Република Македонија.

Во градот од каде што јас доаѓам, постоеше еден планински центар на Бреза, тој се уништи. Остана само Чеплес кој што исто функциора, меѓутоа на минимално ниво, на многу минимално ниво и не се прават напори таму да се вложи. Замислете го езерото Младост од Велес. Само Владата да вложеше пари да се направи добар излез од автопатот за да може туристите полесно да стасаат до угостителските објекти на Велешко езеро ќе се направеше еден чекор напред. Ние сега, има во моментов има излез кој што не исполнува никакви стандарди од автопат.Исто така и кога треба гостите да се вклучат повторно на автопатот мора да кружат и нема јасни патокази.

Кога зборуваме за развој на туризам треба да имате стратегија во Владата кај сме, каде треба да стасаме. Еве во Велес јас одговорно ви тврдам дека не е направено ништо. Затоа што она што се нуди на Велешко езеро велам дека можете многу да поправите само со асфалтирање на пристапните патишта.

Понатаму, ако тргнете од Скопје за границата со Грција на колку места може по пат да застанете, да се одморите или да се напиете кафе и ред други потреби? Нема такви места каде што може да се направат такви работи. Од Велес натаму до Гевгелија, за жал, нема место каде евентуално туристите да се одморат.

И затоа, оваа Агенција што ќе се формира или овој совет, навистина, треба прво да почне од оние места каде што има одредени предуслови и да почне со вложување. Ние не можеме да очекуваме да туристите дојдат само заради бањање или скијање. Тие бараат и дополнителни

содржини, бараат и забава и разонода и тоа е дел од понудата што треба да се разгледа. Меѓутоа основно е да се изгради инфстраструктура. Да има квалитетна инфраструктура за да имаат пристап сите оние што сакаат дали да летуваат, да зимуваат или да вршат туризам во Република Македонија.

Понатаму структурата на гостите, држави од каде што доаѓаат, ќе видиме дека наброjни се гостите од Бугарија, од Грција, од Косово, од Србија, од Турција. Значи наши најголем дел соседни земји што претпоставувам, дел од нив доаѓаат поради туризам, меѓутоа дел веројатно доаѓаат и поради економски потреби, посебно гостите од Грција кои во Република Македонија набавуваат ефтини прехранбени артикли или бензин за да може до Грција да замине затоа што таму цените се скапи.

Се на се, сакам да апелирам да не само Владата остане на оваа административно зголемување на телата што ќе зборуваат за туризамот, туку да почнете да работите на развој на туризамот, бидејќи верувам дека ако Република Македонија се потешко привлекува странски директни инвеститори кои се спремни да вложат во индустрија, во грнифилд инвестиции, да градат фабрика, да отвараат работни места, тогаш Владата мора да најде алтернатива за развој на Република Македонија.

Еден правец го фативте со земјоделието. За жал, до сега не е многу успешно. Се надевам дека, ако процени Владата, дека туризмот е втора гранка или дејност каде што може да се направи доста и да се остваруваат приходи, нормално со создавање на одредени предуслови, дека тоа ќе го направите многу посериозно, многу поодговорно и многу стратешки поиспланирано отколку што тоа се прави со земјоделието.

Ние ќе чекаме, ќе видиме и искрено се надевам дека од година во година Република Македонија ќе привлекува се поголем и поголем број на туристи и дека се повеќе и повеќе граѓани ќе доаѓаат во Република Македонија, не само еднаш, туку откако еднаш ќе дојдат ќе почувствуваат потреба и наредната години и понаредните години да доаѓаат во Република Македонија, затоа што ќе се чувствуваат пријатно за цело време додека биле тука во Република Македонија, ама за тоа треба да обезбедиме услови.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Заменик министерот за економија има реплика, повелете.

Катерина Костеска: Благодарам претседателе.

Би рекла дека за прв пат една Влада толку сериозно се зафатила со работа во областа на туризмот. Точно е дека не е се најидеално, бидејќи 15 години речиси ништо не се преземало работело во оваа сфера.

Морам да кажам дека со измените во Предлогот на законот што денеска е на дневен ред никој не очекува дека ќе се реши целата состојба и ќе се подобри во областа на туризмот. Не е ни тоа намената. Измените се во насока на подобро и поефикасно постапување на Агенцијата за развој на туризмот.

Во областа на туризмот има уште многу други материјални закони што ги регулираат односите и би сакала да потенцирам, убаво е тоа што го истакнавте, јас ќе ве запоанам дека во март Владата на Република Македонија ја прифати Националната стратегија за развој на туризмот, работена од Светска банка, одобрена од Светската туристичка организација. Во таа стратегија точно и вие убаво сте забележале, дефинирани се 5 тематски кластери каде Македонија има потенцијал за развој. Тоа се езерскиот туризам, винскиот, културниот, руралниот, планински и еко туризам. Не може Охрид и Струга, вие рековте во Скопје се најголем дел туристите. Точно, затоа што доаѓааат за бизнис во главниот административно деловен центар во Република Македонија. Ние немаме долги километри илјадници песочни плажи. Немаме морија. Не можеме да развиваме масовен туризам. Може Македонија да се насочи кон овие 5 кластери и да понуди туристичката сезона наместо 2 месеци, како што е сега да трае подолго. Да воведе и други содржини од типот на алтернативни видови на туризам и за винскиот туризам е констатирано во Стратегијата дека од 80-тина винарии само една има сместувачки капацитет со 15 соби. Во ИПАРД програмата се нудат огромни средства, посебен дел за алтернативни видови на туризам каде што секој може да ги искористи тие средства да направи винарија или друга форма, да прилагоди некоја постојна архитектура за сместувачки каопацитет.

Има уште многу да се зборува. Само би додала дека Буџетот, во Акциониот план, составен дел на стратегијата, Буџетот е распределен по носители и институции на национално и локално ниво. Верувајте тој е многу повеќе од 100 илјади евра. Би ми било чест да дојдете во Министерството за економија и да го продискутираме заедно Акциониот план.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Благодарам почитувана заменик министер,

Меѓутоа остануваме на констатцијата што е перцепција и на голем број на граѓани, ако сакате и луѓе кои се занимаваат со туризам, дека без позначителни вложувања во туризмот, посебно изградба на неопходната инфраструктура, ние можеме на хартија да пишуваме прекрасни идеји. Дека тоа треба да се реализира.

Ова Собрание донесе Закон за рамномерен регионален развој со што требаше 1% од бруто домашниот производ да се издвојува за рамномерен регионален развој. Четврта година по ред ги немаме тие средства. И овие што се во Економија, не можеме со нив да го развиваме туризмот.

И затоа апелирам Владата ако навистина мисли, малку повеќе пари да одвои за оваа работа.

Трајко Вељаноски: Господинот Николовски Алексндар има реплика, повелете.

Александар Николовски: Благодарам претседателе.

Имајќи предвид, како што спомнав во една претходна реплика, дека имаме една поширока дебата денеска, би сакал да спомнам и оспорам дел од тезите.

Прво, мора да се потенцира факатот дека намалувањето на Данокот на додадена вредност од 18% на 5% значително помага во целата оваа работа.

Второ, спомнавте Охрид. Јас, последна работа за кој што имама намера атука да дебатирам е Охрид, да зборувам за работењето на градоначалникот и локалната самоуправа, но имајќи предвод делка зборуваме за туризмот, каде што 90% од туристичката понуда и од начинот како се дава таа туристичка понуда е поврзано со општината, мора да отвориме неколку прашања со вас, како проминентен член на СДС. Би сакал да ве прашам, како проминентен член на СДС, дали се согласувате со она што го прави вашата советничка група во Советот, а тоа е масовната урбанизација на градот, каде што само во 2010 година се изгласани 113 маркици за висококатниц, односно за згради.

Понатаму, дали се согласувате со изјавите од типот дека рампи треба да се стават на туристите за да плаќаат копга влегуваат во градот, потоа дали се соглсувате со криминалното работење на вашиот член, проминентен од СДС кој го раковоади секторот за туризам и локален економски развој, за што веќе има и кривични пријави,потоа дали се согласувате со блокирање на Проектот Плаошник, кој е еден од најзначијните туристички и културни проекти што воопшто се видени во Македонија и на крај, дали се согласувате дека Музејот на вода, што е најпосетувано мерсто во Република Македонија,со 100 илјади туристи сеедни обични колиби и фрлени пари?

И, на крајот, направив една мала математика, а тоа е дека 113 мзгради, да ви кажам зошто го спомнувам ова, во просек да имаат по 40 станови нелои имаат и многу повеќе, тоа се 1520 станови. во просек по 10 туристи да влегуваат таму, влегуват и повеќе, ама ајде да земеме по 10, најтесно смејство и клучот само на едни роднини или пријатели да го дадат, тоа се 15.200. Толку во просек и го посетуваат. Тоа се 15.200 луѓе помалку во хотелите и тоа се 15.200 луѓе помалку во приватното сместување. Тоа значи целосно уништување на хотелскиот туризам во Охрид и целосно уништување на приватното сместување, каде што голем број на луѓе ја наоѓат својаа егзистенција. Околу 10 илјади луѓе во Охрид ги издават своите куќи во текот на летниот периосд и за празниците како би можеле да заработат 3-4 илјади евра сокои што ја поминуваат годината.сега тие 15.200 луѓе одат во становите на бизнис екипата на градоначалниккот што сам призн адека заработувала неколку стотици илјади евра годишно и прашувам дали СДСМ има нешто од тоа, имајќи предвид дека континуирано ги подржуаат во Советот.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Колега Александар, јас не доаѓам, за жал од Охрид, не можам на сите овие ваши констатации да кажам дали сте во право или не. Претходно и колегата Стојко Пауновски ви кажа, ако имате нешто околу работењето на локалната самоуправа во Охрид, расчистете си го на локално ниво.

Меѓутоа, околу тоа што го зборувавте, толку знам. За урбанизацијата, да ве прашам, дали Министерството за транспорт и врски дава согласност дава согласноса на урбанистичките планови што ги носи локалната самоуправа? ако министерот е ваш и ако дал согласност на тие урбанистичк планови, а вие велите дека се непотребни за Охрид, тогаш зошто не отидете кај министерот да побарате од него објаснување зошто дава одобрение на урбанистичкиот план за во Охрид да се гради, како што вие велите, непотребни згради.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Додевски Милорад има реплика, повелете.

Милорад Додевски: Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитуван колега Николов,

Внимателно ве слушав и навистина ми е мило што во вашиот говор кажавте и ги признавте успесите на Владата кога се работи за туризмот. Тоа се факти што претходно ги спомнавме овде, се знаат и се за поздрав.

Во врска со вашиот коментар дека повеќето туристи доаѓаат во Скопје, мислам дека тоа е нормално. Прво, овде е најголемиот аеродром во Република Македонија што е нормално овде да дојдат и од овде да почнат да патуваат низ Македонија. така што секако дека има и убави работи што можат да се видат во Скопје, како од историски, така и од културен аспект.

Понатаму, рековте дека се се фокусира на Скопје и туризмот не се развива доволно низ останатиот дел на Република Македонија. Не знам дали сте упатени во Националната стратегија за развој на туризмот што само пред неколку недели беше објавена од Министерството за економија во врска со развој на туризмот во Македонија, таму се идентификувани неколку кластери: за развој на туризмот како езерски туризам на географското подрачје Дојран, потоа винскиот туризам на географското подрачје Тиквеш, културен туризам во Охрид, рурален туризам во Маврово и Река, планиниски е еко туризам на Шапка и Шар Планина. Секако дека има и повеќе проекти што би сакал да ги спомнам во мојава реплика, што Владата на Република Македонија ги направи и донесе во изминатиов период, тоа е

субвенционирање на организираниот туристички промет во државава, намалување на стапката на Данокот на додадена вредност кај угостителските услуги за остварени ноќевања, ноќевања со појдок, полупансион и пансионски услуги во комерцијалните угостителски обејкти од типот на угостителски обејкти за сместување и тоа од 18% на 5%. За на крај да ви кажам дека Владата има план, стратегија, знаење како да го развие туризмот во Македонија и ќе повторам, тоа е потврдно со факти што го покажува зголемоноста на процентите на туристи кои доаѓаат во Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Контра реплика има Николов Марјанчо, повелете.

Марјанчо Николов: Благодарам.

Колега Додевски, не се согласувам и нема да се согласам Скопје да биде и туристички центар во Република Македонија. Тоа е најголема грешка што може да се направи. Источна Македонија се опустоши, дел од луѓето заминаа во странство, дел во Скопје затоа што се е во Скопје. Цела Македонија работи за Скопје. Нека ме извинат жителите на Скопје, но во оваа држава има 1 милион и 400 илјади граѓани кои живеат по другите градови на Македонија. Немојте се да биде во Скопје. Која е таа стратегија што ја развивате, што парите што ги дадовте за Проектот „Скопје 2014“, колку други градови ќе се равиеја и таму ќе можеше да се развива туризам. Не може и деловен и административен и туристучки центар. Што ќе прават другите градови? Сите ќе дојдеме во Скопје? Кој е тој централистички начин на размислување и развој на Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисија за економски прашања и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме. Благодарам.

Вкупно гласаа 75 пратеника, од нив 50 гласаа за, воздржани 25, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 45 - Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации - прво читање

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

Ибрахим Ибраими: Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници.

Сегашните измени на Законот за инвалидски организации произлегуваат пред се како резултат од потребата на усогласување на постојниот закон со Законот за основање на државна комисија за одлучување управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Имено, досегашната второстепена комисија при Владата на Република Македонија која што беше надлежна за прашањата од социјална заштита престанува да постои и за второстепените постапки одлучува Држвната комисија за одлучување управна постапка и постапка од работен однос од втор степен. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисија за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 74 пратеника, од низ 74 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 46 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедностна сообраќајот на патиштата - прво читање

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност како матично работно тело и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи и нека се подели листинг на пријавени пратеници за збор.

Џелал Бајрами: Благодарам почитуван претседател.

Дозволете ми во кратки црти да го образложам предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Всушност со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедностна сообраќајот на патиштата се овозможува лицата на 16 годишна возраст да можќат да се стекнат со возачка дозвола. Сите знаеме дека во согласност со актуелниот закон лицата што сакаат да добијат возачка дозвола можат тоа да го нарпават од 18 годишната возраст и понатаму. Бидејќи проектот добивање возачка дозвола 16 години е предвиден и во владината програма за 2011 - 2015 година, Министерството за внатрешни работи преку измената и дополната на Законот за кој што говориме оди кон имплементирање на овој проект и овозможување на граѓаните на Република Македонија, односно малолетните деца на возраст од 16 години да им се овозможи за добивање на возачка дозвола. Друга измена на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата која што измена вреди да се спомне е тоа што се уредува сообраќајот на крстосница со кружен тек и тоа таму каде што има кружен тек. И од самиот факт што до сега немавме таков сообраќај во кружен тек со две ленти и не беше уредено тоа со закон. Меѓутоа трендот на градење на ваква сообраќајна инфраструктура на крстосница со ваков кружен тек и градењето на ваквите кружници во главниот град и со тенденција да истото се направи и во внатрешноста на Република Македонија, односно другите градови не принуди да ова го уредиме и со закон и тука на детален начин се објаснува како ќе се одвива сообраќајот на овој вид на крстосници со кружен тек со две ленти, и друга измена која што исто така вреди да се спомне е измената со која ние предлагаме казнени мерки, односно заострување на казнените мерки за сите оние возачи кои што се несовесни возачи, кои што застануваат и ги паркираат своите возила на паркинг местата кои што се резервирани за лицата со ограничени можности.

Ова се всушност измените кои што се предлаат со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедностна сообраќајот на патиштата и јас не би сакал сега во деталји да навлегувам, имавме дебата и во текот на работата на матичната комисија и Законодавно-правна комисија затоа што за да добијат возачка дозвола лицата на 16 годишна возраст, секако се потребни исполнувања на неколку критериуми, а се разбира дека има и некои мерки на ограничување, за сите оние лице кои што ќе добијат возачка дозвола на 16 годишна возрст. Ова се воглавно предлозите кои што се во Предлог тексетот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и очекувам парламентот да даде зелено светло, барем при првото читање, а потоа на следното второ читање можеби ќе биде потребно нешто и да се надополни или измени преку амандмани. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Станковиќ Емилијан има збор, повелете.

Емилијан Станковиќ: Колешки и колеги пратеници, почитуван заменик министер,

На почетокот на мојата дискусија сакам нешто да ве запрашам, зошто денеска ја нема Гордана Јанкуловска во ова Собрание да го брани ова законско решение. И зошто на пријавувањето за дискусија по повод ова законско решение има колку што можам да видам само пратеници јавени како коалициони партнери на ВМРО ДПМНЕ и ниту еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ да го брани ова законско решение.

Како што тргнала оваа работа за жал, ова е еден од проектите кои што се, односно кон кои Владата се однесува и владеачкото мнозинство како пишман аџија.

Не може во ова општество на ваков начин да се робува на нешто што е напишано во програмата на владеачката партија која што победила на избори, дека ќе спроведе проект возачка дозвола на 16 години и без притоа да се направи широка јавна дебата, да се вклучат експертите и секој од нас, како пратеник, освен политичка да понесе и општествена одговорност. Бидејќи почитуван заменик министер кој што сте вие овде прттставник на Владата денес, претпоставувам дека сте свесни дека гласањето за ваквото решение, не значи само гола политика, не значи само дигање два парста или стискање на копче од страна на пратениците и гол популизам, туку претставува и една сериозна општествена одговорност, бидејќи ова законско решение може да носи недај боже негтивни последици кога ние нема да бидеме пратеници во ова Собрание. И жалам што истата приказна се отсликува од Комисијата за одбрна и безбедност денес на пленарна седница. Бидејќи на крајот на краиштата министерката за внатрешни работи се обидува да печали дневно политички поени од нешто што треба да се засрамува, а сега кога треба да прави пијар кампања за нешто што било ветување на ВМРО ДПМНЕ во изборната кампања нема. Тоа повторувам е сериозен индикатор дека нешто не чини. И да бидеме од старт на чисто. Ние сме коегзистентни во нашите

ставови. Како што соопштивме на Комисијата за одбрана и безбедност, така денеска во името на СДСМ јас ќе соопштам дека ние ќе гласаме за потребата од донесување на овој закон.

Прво, заради тоа што со ова се регулира сообраќајот во кружен тек, што е нешто што е неопходно посебно во главниот град и дополнително затоа што веруваме до второто читање дека ВМРО ДПМНЕ ќе остане доследен на тоа што го говореше и дека сериозно ќе пристапи кон измени на одредени одредби од овој закон, кој што ќе се обидам иако е прво читање низ факти да и предочам на јавноста дека се работи за крајно лошо законско решение, кое што содржи огромен број на противречни законски одредби.

На почетокот или во образложението на законот, главно начело или цел или пристап кој што треба да се оствари со овој закон, ќе го цитирам воведот вика вака, Имено, респектирајќи ја младата популација, истовремено давајќи и третман на рамноправни граѓани со широк спектар на занење и висок процент на одговорност за своите постапки тргнуваме кон измена на ова законско решение. Апсолутно предложениот текст на законот не кореспондира со воведот или целта која Владата си ја поставила за придонесувањето или изготвувњето на ова законско решение. Ќе се фокусирам на неколку работи, клучниот член, членот 368-а, кој што во јавноста разви милион дилеми. Едната која што и јас ја имам како дилема, е тоа што Владата се обидува одговорноста да му додели дозвола на постар малетник од 16 години, да ја префрли не на Владата не на Собранието туку на родителите, на психолозите и педагозите во училиштето и уште пострашно ако такви нема, на класниот раководител. Дополнително како што и Комисијата за заштита на конкуренцијата која што достави писмо до сите пратеници, и како што низа други аспекти кажаа, содржи ова законско решение против уставна одредба. Не може ова да се сведе дека Владата ќе даде награда на 16 годишњаците кои што се одлични ученици да имаат право да полагаат за возачка дозвола. При тоа, во истиот член каде што се наброени условите да има една тотална конфузна одредба или алинеја. Видите вака, значи да наполни 16 години, да поседува лична карта, да е здравствено и психофизички способен да управува со моторно возило и пази чудо, да има завршено најмалку основно образвание, па после да има одличен успех. Е, па кажете ми на шеснаесет години тој што има одличен успех не може да се врзува само со тоа да завршил основно образование. Значи комплетно е поставена приказната лошо, бидејќи не постои гаранција каква сакате, медицинска, од праксата, експертска дека само одличен ученик може ддобро да вози вози возило на 16 години. Нема таква емпириска анализа по било кој основ дека тоа е услов дека само одличен ученик може да полага за возачка дозвола со 16 години. Катастрофа против уставно и се коси со она што е цел на ова законско решение.

Ќе повторам, не може ризикот од воведувањето на ваквото законско решение и учеството на постари малолетници во сообраќајот, таа одговорност да ја превалуваат на родителите, па родителите да бидат тие кои што на детето нема да му дозволат да полага за возачка дозвола од други причини, или пак тоа да го префрлуваат кај класниот раководител.

Оние елементи кои што во сообраќајот, што е задолжителна обврска на Министерството за внатрешни работи еден и тие се направени во законот катастрофа. Пазете што велите, ај де да оставиме тоа што прекршоците и казнените мерки за постар малолетник кој што ќе влезе во сообраќајот се ужасно мали и апсолутно не можат да бидат превентива за кршење на овој закон, велите вака: да управува со возило со брзина поголема од 60 километри на час на јавен пат, односно со брзина поголема од 80 км, на час на пат наменет исклучиво за сообраќај на моторно возило, односо со брзин поголема од 100 километри на час на автопат.

Сега, ве молам, кажете ми кој е тој радар, кој е тој уред на автопат, кој што освен да мери брзина ќе биде толку успешен да мери дали зад воланот стои постр малолетник од 16 години или вози 30 годишњак над 100 км. на час. Тотална глупост. Зошто?

Апсолутно не може на ваков начин да се уредува вака сериозна материја како што е оваа. Тоа ќе ви го докажам со следниот пример.

Толку е набрзина правен законот, толку е површен шт освен овие противречни одредби ќе ви кажам што сте заборавиле. Еве го членот 242, ќе ви го прочитам, кој што не е предмет на овие измени. Таму пишува? На пат со моторно возило може да се оспособува за управувње кандидат за возач кој има до 6 месеци помалу од годините на возраст пропишани за издавање возачка дозвола за категрија на возила во која спаѓа моторното возило на кое се врши оспособувањето.

Знаете ли што значи ова? Дека сега со ваквото законско решение на 15,5 години, ќе се стекне право малолетникот да почне да се оспособува за управувње со моторно возило. Тоа вие сте пропуштиле затоа што се правите на брзина и после штетните последици ќе ги плаќаат граѓаните, не дај Боже со најскапата цена. Значи, велам, не дај Боже.

Затоа повторувам СДСМ ќе гласа за потребата од донесување на овој закон и навистина сакаме рамноправен третман на граѓаните. Сметаме дека на младите треа да им се валоризира и да им се признае дека овие нови генерации одат понапред од сите претходни, меѓутоа апелирам до ВМРО ДПМНЕ да остане доследен на ветувањето границата за издвање на возачка дозвола на малолетници да ја кренеме на 17 години, да имаат право малетниците на 16,5 години согласно ова законско решение, така ќе си го задржи ВМРО ДПМНЕ ветувањето за возачка дозвола на 16

години, да стекне рпаво од 16,5 години да се оспособува за управувње со моторно возило, да ги доуредиме овие противречни законски одредби, да ја зголемиме санкцијата за прекршувањето и кај родителите и кај учесниците малолетници кои што ќе го прекршуваат овој закон, здравје Боже во иднина и да ги извадиме сите дискриминаторски одредби.

Апелирам да ја сфатите дискусијата најдобро намерно, затоа што ќе повторам ова не е само гласање, ова е нешто што навистина не прави и треба да не направи општесетвео одговорни, бидејќи со донесувањето на ова законско решение ќе направиме сериозен помак или намалување на старосната граница, но во исто време ќе бидеме одговорни за сите недај Боже негативни последици кои можат да произлезат од едно вакво законско решение. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Павле Трајанов има реплика, повелете.

Павле Трајанов: Благодарам.

Сакам да реплицирам на почетокот, добро е што СДСМ го поддржува законот. Веројатно тоа е заради можност за придобивање на гласачи од младата популација. Не верувам дека направиле анализа дали навистина треба да се поддржат едни вакви законски промени.

Врз основа на расправата на Комисијата гледам дека малку го корегираат сега ставот. Тогаш кога отворивме расправа единствено јас предложив дека треба сериозни корекции на овој закон и тогаш предложив, наместо од 16 да се стекнуваат со возачка дозвола младите од 17 години, а од 16 до 17 години да имаат можност да се оспособуваат. Тогаш предложив и сега предлагам двојно да се зголеми, или најмалку за една третина обуката на младите и секако дека сум против тоа да се прави селекција, некои посебни критериуми за тоа кои млади можат да се стекнат со правото на обука и да се стекнат со дозвола. Значи апсолутно, не знам одличен ученик, мислам дека тоа се одредби кои се судираат со Уставот на Република Македонија, таквите решенија и тоа ќе се корегира.

Мислам дека треба навистина да се отвори една расправа и се надевам дека во второто читање ќе имаме можност преку амандмани да го корегираме. Во спротивно вака како што е сега предложен, јас сепак, не би го подржал законот во второто читање доколку не претрпи битни промени во деловите за кои што зборувавме. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

Емилијан Станковиќ: Колега Трајанов, искрено вашата дискусија и дискусијата на сите повозрасни пратеници ја ценам и мислам дека така треба да биде. Вие кои што имате повозрасни деца, да имате малку порезервиран однос кон едно вакво законско решени. Но, не можам да прифатам како претседател на партија која е дел од владеачката коалиција да признаете всушност несвесно дека ваквиот проект е проект на ВМРО-ДПМНЕ да се умилкува на гласачите кои што претпостаувам ќе гласаат на следните локални избори. Вие тоа го признавте. СДСМ не го прави ова за да се умилкува на гласачите. Бидејќи ние ќе предложевме на пример да возад пензионери на не знам колку години, со не знам што. Ако влеземе во ваква приказна и не ги сфатите нашите забелешки многу коректно вие прво не ја говорите вистината дека имаме различен став од она што соопштивме на Комисија. Едноставно апелирам повторно да седнеме помеѓу првото и второто читање да ги исправиме грешките и да ја дигнеме границата. Мислам дека за тоа треба сите да се заложиме. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Реплика има гопоѓа Сузана Салиу, повелете.

Сузана Салиу: Благодарам господине претседател.

Почитуван колега, јас не гледам ништо спорно во тоа што политичките партии во своите програми и платформи да детерминираат и да ветуваат разни проекти, затоа што ова е многу легитимно прашање на секој политички субјект и многу е добро кога ветувањата се одржуваат. Меѓутоа лошо е кога тие се прекршуваат или пак не се одржуваат ветувањата. Меѓутоа, за мене проектот возачка дозвола на 16 годишна возраст е дискутабилно што таа возачка дозвола ќе се овозможи само на лицата од 16 годишна возраст само тие што се одлични и примерни, меѓутоа не и другите 16 годишници. И тука целосно се согласувам со вас дека децата се ставаат во нееднаква положба, односно се дискриминираат. Ова е сериозна забелешка и сигурно има многу надеж дека во следната фаза, во втората фаза амандмански ќе се надминат овие забелешки и ќе им се овозможи на сите деца на 16 годишна воздраст да можат да имаат пристап до возачка дозвола.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

Емилијан Станковиќ: Сосема накусо.

Значи ја поздравувам оваа дискусија на преставникот на ДУИ и мислам дека ќе остане доследен на овој јавно искажан став и дека помеѓу првото и второто читање ќе пристапиме кон сериозни измени кои што ќе овозможат и да се тргнат дискриминаторските одредби и навистина на квалитетен начин да се имплементира ова законско решение. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Релика има господинот Илија Димовски, повелете.

Илија Димовски: Благодарам претседателе.

За овие закони за кои што СДСМ вели се пријавуваат по десет до петнаесет пратеници, мислам дека претседателството на Собранието треба да најде друг начин во комисиската расправа за да бидеме поефикасни како

Собрание и да бидеме попрактични. Меѓутоа, легитимо е, ќе дебатираме во ред. Кога станува збор за изборната програма господине Станковиќ, не е маана што тоа ветување било во изборна програма, па сега сме дошле да го расправаме во Собрание, туку е предност, заради тоа што покажуваме пример дека сето она за кое што граѓаните не гласале, ние го ставаме на расправа за да го спроведеме и да го реализираме она за што граѓаните ни дале доверба. Прва работа.

Втора работа, аргументацијата околу ова, дали одлични ученици треба да добиваат само тие да можат да полагаат или не, ќе биде дебата и ќе биде една од најголемите дебати. Јас она што сакав да ви го отворам како простор за размислување и за дебата се два моменти.

Прво, оние кои што се одлични ученици покажале одговорност спрема своите обврски кон школото. Значи, покажале степен на одговорност спрема обврските.

Втора работа, ве молам сега ако деватираме за да го подобриме законот, да се сослушаме. Втора работа, сватете го и како можност оваа мерка да биде стимул учениците да се трудат да бидат одлични. Тие што се одлични не значи дека се попаметни од тие што се многу добри, далеку од тоа. Меѓутоа, покажале повисок степен на одговорност. А ние велиме сега да најдеме начин како да ја најдеме одговорноста кај младите, бидејќи има такви млади и да им дадеме можност порано да остваруваат одредени права од она што до сега законот им дал обврска. Одредбите родителите да носат одлуки не се спротивни ниту со логиката, ниту со законите, тоа е така во нашето законодавство до одреден степен, до 14 години, до одреден степен до 16 години, до одреден степен до 18 години, да не ви ги кажувама дефинициите во правото.

И конечно господине Станковиќ, прашњавте које е тој радар што ќе мери кој колку години има. А вие знаете дека возрасните во Република Македонија имаат обврска секоја година на секои три години, на секои пет години да ја реобновуваат својата дозвола. Кој е тој радар што мери кој колку години има. Тоа нормално кога ќе го запре, кога ќе го идентификува, ќе ја утврди состојбата. Не може сега априори вие така да оцените. Или има луѓе како мене кои што имаат проблеми со видот. Има луѓе на кои што во сообраќајната дозвола им пишува дека мора да носат наочари. Додека не го запре полицијата и додека не ја види возачката дозвола дека овој човек мора да носи наочари додека вози кола, нема радар со кој што ќе се утврди дека човекот треба да носи, а не носи наочари. Затоа да ги сведеме работиве на многу попрактичен начин, да седнеме да ги разгледаме сите дилеми и да бидеме малку поефикасни во работата на Собранието.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

Емилијан Станковиќ: Колега Димовски, нема потреба во секоја дискусија на пратеник од СДСМ да барате скриени намери. Ајде да ве вратиме од последната ваша забелешка. Кажете ми за кој возрасен граѓанин кој што ја продолжува возачката дозвола на три месеци има ограничување на брзина? Нема ниту ограничување на кубикажата со моторното возила со кое може да управува. Дополнително, многу ви е погрешна приказната ако мислите дека вака ќе стимулирате Македонија да има што е можно повеќе одлични ученици. Одличните ученици се стимулираат со квалитетни учебници, со стипендии, а не со возачка дозвола. На крајот на краиштата во формула 1 кога некој се натпреварува сигурно не го прашуваат дали бил одличен ученик, туку го гледаат како вози.

Колега Димовски, со вас ако сакавме да водиме дневна политика, ќе кажевме дека многу семејства немаат да им дадат пари на своите 16 годишни деца, заради вашите погрешни политики. И на крајот да ви одговорам, зошто сме се јавиле десет души, прашајте си ги пратениците од вашата партија кои што се членови на Комисија за одбрана и безбедност на кои што апелиравме пред да влеземе во собраниска дебата да се договориме како да донесеме поквалитетно законско решение.

Трајко Вељаноски: Реплика има господинот Антонио Милошоски, повелете.

Антонио Милошоски: Колега Станковиќ, најпрво би сакал да го искажам своето задоволство што СДСМ ќе го подржи ова предлог законско решение. И сметам дека ако веќе се подржува ова законско решени треба да се потенцираат добрите работи во него кои што ја заслужуваат таа подршка. Ова го истакнувам затоа што пред извесно време истиот ваков предлог закон, барем начелните постулати од законот беа пречекани со една многу остра критика од страна на СДСМ.

Втората работа, да говориме со факти. Оние кои што ќе се одлучат на 16 години да го искористат правото да се стекнат преку полагање со возачка дозвола ќе треба да имаат и согласност од својот родител. Тоа е првиот контролен механизам. Значи, нема да може да се дозволи некој да полага ако има 16 години, а нема согласност од родителите, а сигурно родителите знаат што е најдобро за нивниот постар малолетник кој што има 16 години.

Второ, сметам дека е многу добра одредбата што се зголемува бројот на часови и обуката на постарите малолетници од 16, или 17 години пред нивното полагање за возачки испити што според мене ќе значи долгорочно зголемување на степенот на сообраќајна култура во Република Македонија. Бидејќи денеска ако сакаме да признаеме, дали пред две години, дали пред 6 години, дали пред десет, или 15 години во сообраќајот според статистика веќе се забележува од стрна на малолетници неовластено користење на возилата без притоа тие да бидат на било каков начин обучени за да бидат членови на сообраќајот. Ние со проширувањето на оваа граница до 16 години и со повишувањето, кревањето нагоре на степенот

на обука на постарите малолетници сметам дека ќе дадеме еден скромен, но долгорочно добар придонес од зголемувањето на сообраќајната култура во Република Македонија каде што ќе има кретериуми, правила, норми, ќе има одредени задачи кои што секој 16, или 17 годишен млад човек ќе мора да ги исполни за да се стекне со право на учество во сообраќајот по одредени услови. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Контра реплика има господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

Емилијан Станковиќ: Колега Милошоски,

Само за да да ви покажам дека навистина се подготвивме за оваа дебата, ќе ви цитирам еден дел од годишниот извештај за безбедностаната состојба на подрачјето на СВР Скопје за 2010 година. Вашето Министерство со кое вие раководите дало извештај и сега ќе ви прочитам еден пасос. Вели, од регистрираните 4.485 сообраќајни незгоди во Скопје со тешки последици се 258. Претходната година во 2009 биле 216. Овој параметар покажува дека ние носиме сериозна одговорност за тоа какви одлуки ќе донесеме. И немојте да вулгализирате кога велите дека родителот е прв филтер. Вие сте правник и добро знаете кога одредено физичко лице стекнува деловна способност и со колку години. И нормално е дека на 16 години треба родителот да даде одредена согланост. Но, не може да се заборави овој член 242 и на ваков начин на 15,5 години на малолетниците да им се даде можоност да се оспособуваат за управување со моторно возило. Тоа е од прилика први клас гимназија. За таква работа СДСМ нема да ви даде согласност.

Трајко Вељаноски: Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

Лијана Поповска: Благодарам.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги, овој закон јас го гледам вака. Има три дела, двата дела се многу добри, еден дел е многу лош. За првите два дела секоја подршка. Инзвонредно е тоа што се регулира кружниот тек, тоа е современо решение, одамна сум се залагала за тоа уште кога сум работела во Градот Скопје во делот за планирање и развој како советник за таа проблематика. Имавме и проект за таа работа и првите идеи за кружен тек дојдоа уште пред десетина години и многу сум среќна што гледам дека сегашниот градоначалник на Скопје и градоначалници во други општини тоа го променуваат, а еве ние ќе го регулираме овие денови официјално во Собранието.

Другата добра работа е тоа што ќе се регулира паркирањето за лица со хендикеп. Одлична работа и самата сум учествувала во безброј кампањи со невладин сектор на оваа тема. Неодамна многу ме израдува кога видов дека и министерката за внатрешни работи исто така Министерство за внатрешни работи прави кампања за тоа да не се злоупотребуваат паркинг местата за лицата со хендикеп.

Меѓутоа, третиот дел што се однесува за возачка дозвола на 16 години, за мене е неприфатлив. Апсолутно не прифатлив. Зборувам како мајка на 15 годишно дете и избезумена сум од идејата дека би можел уште годинава син ми да почен да учи и да мисли дека треба да почен да вози кола. Со сиот ризик да ми се налути и син ми и неговите другари јас ќе кажувам, јас сум против вакво решение. Кога размислуваме за тоа да дадеме можност на млади лица да возат кола, треба да имаме во предвид каков е психофизичкиот развој, менталниот, емоционалниот развој на деца на таа возраст. Во таа возраст тие се на врвот од пубертетот, постои желба за докажување и тоа докажување многу често може да се изрази токму на ваков начин преку покажување сила преку возилата. Сето тоа е многу ризично и уплажена сум дека едно вакво решение доколку упатиме како Собрание може да доведе до зголемување на бројот на жртви. Како аргумент ќе наведам само еден. Од податоците до кои што јас дојдов се гледа дека 50% од причинителите на тешки сообраќајни незгоди се на возраст меѓу 18 и 26 годишна возраст. Што значи, ако ние донесеме решение за нови возачи од 16 годишна возраст. Тоа значи дека ќе го зголемиме опфатот на луѓе кои ќе бидат потенцијални причинители на сообраќајни незгоди, на тешки сообраќајни незгоди. Логиката тоа го вели. И стручните лица сообраќајни инжинери кои што ги консултиравме како партија, како ДОМ за оваа работа го кажуваат истото. Значи, против сум за вакво решение, затоа што се плашам дека ќе овозможиме зголемување на бројот на тешки сообраќајни незгоди и тоа може да предизвика нови жртви, зголемување на бројот на жртвите и повредени, а тоа верувам никој од нас не го сака. Јас би ги замолила сите почитувани колеги пратеници многу сеиозно за размислиме за ова. Јас се разбира, ќе го подржам законот во прва фаза поради оние два дела, но поради овој еден, трет тежок дел значи си давам една задршка и најава дека ќе поднесам амандмани во второто читање и многу сериозно ќе размислам како ќе гласам при крајната верзија на законот зависно од тоа за што треба да се гласа. Апсолутно сум против возачка дозвола на 16 години, а почеток на обука на 15,5 години. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

Павле Трајанов: Почитувани пратеници, почитуван заменик министер, по предлог законот за безбедност на патниот сообраќај имаше расрпава по комисиите и таму беа искажани резерви околу законските решенија. Значи, мојата идеа е да отовориме расправа, да ги видиме сите позитивни и негативни страни на предожените законски решенија и да видиме за кои ќе се опредлемиме. Јас мислам дека недостасува една сеопфатна анализа од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот, кое што е квалификувано тело, да направи една анализа и да имаме агрументација кои се предностите до колку се дозволи на младите од 16 години да се

стекнат со возачка дозвола со право да управуваат со моторно возило, а кои се можните ризици или можните последици. Според моето искуство во голем број на анализи непосредно сум учествувал во нивната подготовка и доста сум читал околку сите овие предности или негативни страни. Јас мислам дека не треба тоа што има во Англија можност да се стекнуваат од 16 години со возачка дозвола, или пак во САД, тоа да е главен аргумент кога се предлагаат овие промени. Значи, сметам дека треба сериозен пристап и ќе ја повторам мојата практична дискусија и на комисиската расправа и овде сега при репликата на господиот Емилијан Станковиќ, дека сепак сметам дека добро е од 16 до 17 години децата да имаат можност да се оспособуваат, да се предвидат бројно или најмалку една третина повеќе часови за обука. Тоа е начин да стекнат искуство за управување со возилата, да се има построг критериум, поцврст критериум за нивното оценување дали се успешни односно дали ја совладале обуката и се разбира дека од 17 години дури тогаш да можат да полагат и да се стекнат со возачка дозвола. Мислам дека околу овие принципи, или овие нови согледувања можеби е добро Владата да ги проучи, да ги разгледа ил да прифати, бидејќи во таа насока ќе следат и амандмани, ќе предложиме и амандмани.

Втора работа, има некои недореченост и непрецизности во Законот. Тоа го искажав околу тоа да не се прави селекција кој може да се стекне да биде одличен ученик, тоа уште еднаш треба добро да се проучи. Тоа е накаква мотивација за младите да учат повеќе за да се стекнат со право да управуваат со возило. Но мислам дека тоа е спротивно на уставните одредби дека сите граѓани се еднакви пред законот. Така што има и некои други непрецизности. На пример, да управува возило на автопат, а од друга страна основните законски решенија се дека тој може да го управува возилото во општината, местото каде што живее итн. Тоа значи дека има некои одредби кои една со друга се во колизија и треба да се прочистат, да се виде што значат тие. И сигурно дека треба и некои други работи да се допрецизираат. Инаку, решенијата околу кружниот тек, мислам дека се добри и тоа веројатно сме потикнати од тоа што се направи еден таков кружен тек во Скопје кој што доби силна подржка од сите граѓани. Со години беше проблем, имаше доста сообраќајни незгоди. Сега тоа е надминато.

И уште една работа сакам да сугерирам, значи генерално како превенција има во Јапонија една стратегија, колку крв на телевизиските екрани, помалку на патиштата на улиците. Значи, треба целокупната пропагандна активност да биде кон превенција и во оваа насока мислам дека е потребна и дополнителна едукација на младите, почнувајќи од основно па се до средно образование да бидат застапени повеќе содржини за нивна едукација како да се однесуваат во сообраќајот.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,57 часот)